Makedonije
Skopje
fah 51

СЛУЖБ

НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ“ излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски, албански и унгарски јазик. — Огласи според тарифата — Жиро-сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-1125

Четврток, 5 април 1973
БЕЛГРАД
БРОЈ 18 ГОД. XXIX

Цена на овој број е 10 динари — Претплатата за 1973 година изнесува 270 динари — Редакција Улица Јована Ристића бр 1 Пошт фах 226 — Телефони. централа 650-155: Уредништво 651-885; Служба за претплата 651-732; Комерцијален сектор 651-671; телекс 11756

215.

Бидејќи се исполнети условите од Уставниот амандман XII и Уставниот амандман XXXII, Соборот на народите, врз основа на Уставниот амандман XII точка 3 и Уставниот амандман XXXII точка 3 став 3, на седницата од 30 март 1973 година, донесува

ОДЛУКА

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА УСТАВНИОТ ЗАКОН ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА МАНДАТОТ НА СОЈУЗНИТЕ ПРАТЕНИЦИ

Се прогласува Уставниот закон за продолжување на мандатот на сојузните пратеници, што го усвои Сојузната скупштина, на седницата на Соборот на народите од 6 март 1973 година, на седницата на Стопанскиот собор од 6 март 1973 година, на седницата на Просветно-културниот собор од 6 март 1973 година, на седницата на Социјално-здравствениот собор од 6 март 1973 година и на седницата на Општествено-политичкиот собор од 6 март 1973 година, а со кој се согласија собранијата на сите републики и собранијата на автономните покраини.

АС бр. 708
31 март 1973 година
Белград

Собор на народите

Претседател
на Соборот на народите,
Мика Шпиљак, с. р.

УСТАВЕН ЗАКОН

ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА МАНДАТОТ НА СОЈУЗНИТЕ ПРАТЕНИЦИ

Член 1

На сојузните пратеници, избрани за периодот од 1969 до 1973 година, им се продолжува мандатот до првиот состанок на новоизбраната Сојузна скупштина, а најдоцна за една година.

Член 2

Овој закон влегува во сила кога, во смисла на Уставниот амандман XII точка 3, ќе го прогласи Соборот на народите на Сојузната скупштина.

216.

Врз основа на член 37 став 1 и член 37б од Законот за прометот на стоки и услуги со странство („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 27/62 и „Службен лист на СФРЈ“, бр. 14/65, 28/66, 54/67, 15/71, 29/71 и 26/72), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ОБВРСКАТА ЗА ПРИБАВУВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА УВОЗ НА ОДДЕЛНИ СТОКИ

1. Во Одлуката за обврската за прибавување согласност за увоз на одделни стоки („Службен лист на СФРЈ“, бр 25/68, 54/68, 15/69, 57/70, 24/71, 57/71 и 28/72) во точка 1 став 1 редните броеви: 55, 56, 59, 60, 61, 62, 63, 64, 65, 66, 71, 72, 73, 74, 76, 88, 89, 90, 91, 92, 93, 94, 95, 96 97, 100, 101, 102 и 107 се бришат.

2. Одредбата на точка 1 од оваа одлука се однесува на работите на увоз на стоки што ќе се склучат и ќе ѝ се пријават на банката од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Р. п. бр 75
28 март 1973 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Џемал Биедиќ, с. р.

217.

Врз основа на член 52 од Законот за прометот на стоки и услуги со странство („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 27/62 и „Службен лист на СФРЈ“, бр. 14/65, 28/66, 54/67, 15/71, 29/71 и 26/72) и член 36 став 2 во врска со член 46 од Законот за девизно работење („Службен лист на СФРЈ“, бр. 36/72 и 71/72), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА РАБОТИТЕ НА ВРШЕЊЕТО НА УСЛУГИ ПРИ ОБЛАГОРОДУВАЊЕ НА СТОКИ

1. Како работи на вршењето на услуги при облагородување на стоки, во смисла на оваа одлука, се смета секој процес на индустриска преработка, доработка и обработка што домашна производителска организација на здружениот труд го врши на стоки што се сопственост на странски порачувач или што странска фирма го врши на стоки што се сопственост на домашна производствена организација на здружениот труд.

2. Извозот на стоки заради облагородување, како и увозот на стоки заради облагородување, се врши во согласност со царинските прописи за привремениот извоз односно привремениот увоз на односните стоки.

3. Девизите наплатени од странскиот порачувач за извршената услуга на облагородување на стоки и за дополнителниот материјал, во поглед на здобивањето со правото на девизи, се сметаат како девизи остварени со извоз на стоки и услуги.

4. Ако облагородувањето на стоките се врши во повеќе фази во разни производителски организации на здружениот труд, секоја фаза на облагородување претставува посебна работа на облагородувањето.

5. За работите на вршењето на услуги при облагородувањето на стоките, што странска фирма ги врши на стоките што се сопственост на домашна производствена организација на здружениот труд, за кои со сојузни прописи е одредено да можат да се извезуваат врз основа на дозвола,

е потребно одобрение од Народната банка на Југославија што таа го издава, по претходно прибавено мислење од Сојузниот секретаријат за надворешна трговија и од Сојузниот секретаријат за стопанство.

6. Ако со сојузни прописи е одредено за стоките што облагородени се увезуваат, да можат да се увезуваат врз основа на стоковен контингент, девизен контингент, либерална дозвола или дозвола, увозот на таквите облагородени стоки организацијата на здружениот труд може да го врши само со оптоварување на утврденото право на тој увоз во целина, а плаќањето на странската фирма ѝ се врши само за извршената услуга на облагородувањето.

Плаќањето на услугите на облагородувањето на стоките од став 1 на оваа точка на странската фирма, организациите на здружениот труд го вршат со девизи што ги држат на девизната сметка и со девизи купени од овластената банка врз основа на утврденото право на тој увоз.

7. Организациите на здружениот труд се должни секоја работа на вршење услуги при облагородувањето на стоки да ѝ ја пријават на Народната банка на Југославија.

Начинот на поднесувањето на пријавата го пропишува Народната банка на Југославија.

8. Директорот на Сојузната управа за царини ја пропишува постапката за контрола на стоките што се увезуваат и извезуваат во смисла на оваа одлука.

9. Технички упатства за спроведување на оваа одлука дава Народната банка на Југославија.

10. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 77
28 март 1973 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Џемал Биедиќ, с. р.

218.

Врз основа на член 36, во врска со член 48 од Законот за девизно работење („Службен лист на СФРЈ", бр. 36/72 и 71/72), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ОДЛУКАТА ЗА ПРОДАЖБА НА СТОКИ ЗА ДЕВИЗИ ВО ЈУГОСЛАВИЈА И ЗА НАЧИНОТ ЗА РАСПОЛАГАЊЕ СО ТИЕ ДЕВИЗИ

1. Во Одлуката за продажба на стоки за девизи во Југославија и за начинот за располагање со тие девизи („Службен лист на СФРЈ", бр. 4/73) во точка 1 став 1 зборовите: „Народната банка на Југославија" се заменуваат со зборовите: „народната банка на републиката односно од народната банка на автономната покраина".

2. Во точка 3 став 1 по зборот: „престој" се додаваат зборовите: „во странска земја", а зборот: „и" се заменува со зборот: „или".

По став 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Организациите на здружениот труд од точка 1 на оваа одлука се должни за секоја продажба на стоки во смисла на оваа одлука да му издадат на купувачот фактура во која ќе биде назначено името и презимето на купувачот на стоките, бројот на патната исправа и наплатениот износ на девизите за продадените стоки, а за домашно лице — доказот од став 1 на оваа точка."

Во досегашниот став 2, кој станува став 3, зборовите: „можат да се плаќаат стоките купени" се заменуваат со зборовите: „може да се врши наплата на продадените стоки".

3. Во точка 4 ставот 2 се брише.

4. Во точка 5 ставот 2 се менува и гласи:

„Домашните купувачи од став 1 на оваа точка го плаќаат горивото и мазивото (бункер) според одредбите на член 47 од Законот за девизно работење."

5. Во точка 6 ставот 2 се менува и гласи:

„Домашните купувачи од став 1 на оваа точка земјоделско-прехранбените производи и другите потрошни материјали им ги плаќаат на домашните продавачи според одредбите на член 47 од Законот за девизно работење."

6. Во точка 7 став 1 зборот: „фрижидери" се заменува со зборовите: „разладни уреди", по зборовите: „машини за перење пресленки" се додаваат зборовите: „односно за миење садови", зборовите: „електрични шпорети" се заменуваат со зборовите: „електрични, гасни и комбинирани шпорети", зборовите: „и бојлери" се заменуваат со запирка и со зборовите: „бојлери и други апарати за домаќинство", а на крајот се додаваат запирка и зборовите: „под услов за таква продажба да добијат овластување од народната банка на републиката односно од народната банка на автономната покраина".

7. Во точка 8 зборовите: „точка 1" се заменуваат со зборовите: „точ. 1 и 7".

8. По точка 8 се додава нова точка 8а, која гласи:

„8а. Продажбата на патнички автомобили, камиони и земјоделски справи и орудија за кои до 31 декември 1972 година домашните физички лица извршиле уплата од девизните сметки или по пат на дознаки од странство според одредбите на Одлуката за продажбата на стоки за девизи во Југославија и за начинот на располагањето со тие девизи („Службен лист на СФРЈ", бр. 45/66, 20/67, 26/67, 11/68. 26/69, 16/70, 6/71, 16/71, 29/71, 60/71 и 26/72), може да се изврши до 28 февруари 1973 година согласно со одредбите на таа одлука."

9. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува од 1 јануари 1973 година.

Р. п. бр. 78
28 март 1973 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Џемал Биедиќ, с. р.

219.

Врз основа на член 37д став 2 од Законот за прометот на стоки и услуги со странство („Службен лист на ФНРЈ", бр. 27/62 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 14/65, 28/66, 54/67, 15/71, 29/71 и 26/72), во врска со точка 12 од Одлуката за утврдување и распределба на глобалната девизна квота за плаќање на увозот на суровини и други репродукциони материјали за 1973 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 58/72), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ИЗНОСОТ НА ДЕВИЗИТЕ ЗА ОДРЕДЕНИ ОРГАНИЗАЦИИ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД, ЗА УВОЗОТ НА СУРОВИНИ И ДРУГИ РЕПРОДУКЦИОНИ МАТЕРИЈАЛИ, ЗА КОИ Е ПРОПИШАН УВОЗОТ ВРЗ ОСНОВА НА ГЛОБАЛНАТА ДЕВИЗНА КВОТА

1. За потребите на организациите на здружениот труд одредени во точка 12 на Одлуката за

утврдување и распределба на глобалната девизна квота за плаќање на увозот на суровини и други репродукциони материјали за 1973 година, се утврдува износот од 100,000 000 динари во девизи што се од значење за одржување на ликвидноста во меѓународните плаќања, за увозот од конвертибилно подрачје на суровини и други репродукциони материјали за кои е пропишан увоз врз основа на глобалната девизна квота за 1973 година.

2. За извршување на оваа одлука ќе се грижи Сојузниот секретаријат за надворешна трговија.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 79
28 март 1973 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Џемал Биедиќ, с. р.

220.

Врз основа на член 36 став 3, во врска со член 41 од Законот за девизно работење („Службен лист на СФРЈ", бр. 36/72 и 71/72), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ВИСОЧИНАТА НА ДЕЛОТ НА АМОРТИЗАЦИЈАТА ДО КОЈ ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД МОЖАТ ДА КУПУВААТ ДЕВИЗИ ЗА ПЛАЌАЊЕ НА ОПРЕМА И РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ

1. Од овластените банки организациите на здружениот труд можат да купуваат девизи во противвредност од пресметаната амортизација на опремата што служи за следните дејности:

1) превоз на патници и стоки со воздухоплови (514-10) — — — — — — — — 100%
2) аеродромски услуги (514-20) — — — 75%
3) производство на бакар (115-11) и (115-21) 67%
4) производство, пренос и дистрибуција на електрична енергија (111-00), производство на јаглен (112-10), производство на кокс (112-21), производство и преработка на гас (112-22), производство и преработка на нафта (113-10) и (113-20), рудничка експлоатација на железна руда (114-10), производство на сурово железо, суров челик, валани, влечени и ковани производи во железарници (114-20), рудничка експлоатација на руда на обоени метали (115-10), освен подгрупата (115-11), производство на олово во топилници (115-22), производство на глиница и алуминиум во топилници (115-23), производство и преработка на уран во топилници (115-24), производство на други обоени метали (цинк, жива, антимон и друго) — (115-27), производство, облагородување и преработка на неметални минерали (116-00), производство на основни хемиски производи вклучувајќи и производство на базни петрохемиски производи и производство на суровини за производство на лекови (120-10), производство на цемент (121-30), превоз на патници и стоки со железница (511-00), поморски сообраќај (512-00), речен и езерски сообраќај (513-00), претоварни и други услуги (517-00), поштенски, телеграфски и телефонски сообраќај (519-00), радиодифузни и телевизиски станици и нивни здруженија (914-30), здравствена дејност (915-00) и социјална заштита (916-00) — — — — — — 50%
5) производство на хартија, дрвењача, целулоза, картон и лепенка (123-10), земјоделство (211-00) и стопанисување со шуми (311-00) — 30%
6) производство на шеќер (127-40), производство на растителни масла и масти (127-60), нискоградба, одржување и реконструкција на патишта (412-20) и (515-20) и хидрограбда (412-30), водостопанство (213-00) — — — — 25%
7) превоз на патници и стоки во друмскиот сообраќај (515-10), превоз на патници во градскиот сообраќај (516-00) — — — — — — 20%
8) други дејности — — — — — — — 10%

Височината на пресметаната амортизација се утврдува по завршната сметка за претходната година.

По исклучок од одредбата на став 2 од оваа точка, организациите на здружениот труд што вршат превоз на патници и стоки во воздушниот сообраќај (514-10) и аеродромски услуги (514-20) можат да купуваат девизи врз база на пресметана амортизација за тековната година по пропишаните стапки.

2. Средствата на амортизацијата до височината од точка 1 од оваа одлука организациите на здружениот труд можат да ги користат за намените предвидени во член 41 на Законот за девизно работење.

3. Заради користење на девизните средства според одредбите на оваа одлука, организацијата на здружениот труд е должна во рок од 30 дена од денот на изработката на завршната сметка да ѝ поднесе на народната банка на републиката односно на народната банка на автономната покраина податоци за вредноста на опремата и за пресметката на динарската и девизната амортизација на опремата.

Податоците од став 1 на оваа точка ги заверува Службата на општественото книговодство.

Ако организацијата на здружениот труд врши повеќе дејности предвидени во точка 1 на оваа одлука за кои е пропишана различна стапка на девизната амортизација, е должна на народната банка на републиката односно на народната банка на автономната покраина да ѝ поднесе податоци за опремата и за динарската и девизната амортизација посебно за секоја дејност за која е пропишана различна стапка на девизната амортизација.

Ако организацијата на здружениот труд не ги поднесе податоците од став 3 на оваа точка, може да купува девизи по пониска стапка одредена за дејностите што таа организација ги врши.

4. Организацијата на здружениот труд што изведува инвестициони работи во странство нема право на купување девизи според оваа одлука за опремата што ја користи погонот во странство.

Ако девизните средства на амортизацијата, пресметани за опремата што ја користи погонот во странство, се внесени во Југославија, организацијата на здружениот труд може да ги користи тие средства за плаќањата предвидени со оваа одлука.

5. Девизите на кои организациите на здружениот труд имаат право според оваа одлука, тие можат меѓусебно да ги здружуваат и да ги отстапуваат, ако склучиле договор во смисла на Одлуката за долгорочна деловно-техничка соработка и за долгорочна производствена кооперација помеѓу домашни организации на здружениот труд („Службен лист на СФРЈ", бр. 6/73).

6. Ако бидат пропишани мерки со кои се ограничува или се забранува извозот на одредени производи, на организациите на здружениот труд на кои тие мерки се однесуваат може да им се одреди со одлука на Сојузниот извршен совет дел на средствата на амортизацијата до кој тие можат да ги користат девизите за увоз на опрема и на резервни делови.

7. Организацијата на здружениот труд што врши дејности за кои со досегашните прописи за девизната амортизација била пропишана повисока стапка на девизната амортизација од стапката предвидена со оваа одлука, средствата на девизната амортизација може да ги пресметува и да ги купува по тие повисоки стапки до намирувањето на создадените обврски утврдени во договорот за странскиот кредит за увоз на опрема и резервни делови, склучен до 31 декември 1972 година.

8. Со парична казна од 5.000 до 50.000 динари ќе се казни за прекршок организацијата на здружениот труд која на народната банка на републиката односно на народната банка на автономната покраина не ѝ поднесе податоци за опремата и пресметка на динарската и девизната амортизација на опремата (точка 3 став 1).

За дејствието од став 1 на оваа точка ќе се казни и одговорното лице во организацијата на здружениот труд со парична казна од 500 до 1.000 динари.

9. Заради користење на девизните средства според одредбите на оваа одлука за 1972 година организацијата на здружениот труд е должна да ги достави податоците предвидени според одредбите на оваа одлука најдоцна до 30 април 1973 година.

10. Неискористеното право на купување девизи по основ на амортизацијата, пресметана според одредбите на Одлуката за височината на делот на амортизацијата до кој работните организации можат да купуваат девизи за плаќање на опрема и резервни делови („Службен лист на СФРЈ", бр. 32/66, 11/67, 8/68, 17/69, 22/69, 9/70, 10/70, 41/70 и 2/72), може да се користи и во наредните години во височината, на начинот и за намените пропишани со таа одлука.

11. Сојузниот секретар за стопанство, по потреба, ќе донесе поблиски прописи за примената на точ. 1 и 2 на оваа одлука.

12. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува од 1 јануари 1973 година.

Р. п. бр. 80
28 март 1973 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Џемал Биедиќ, с. р.

221.

Врз основа на член 15 став 2 од Законот за кредитните работи со странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 36/72) и член 48 од Законот за девизно работење („Службен лист на СФРЈ", бр. 36/72 и 71/72), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ДЕВИЗИТЕ ШТО ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД ОД ОДРЕДЕНИ ГРАНКИ НА СООБРАЌАЈОТ ЌЕ ГИ ОСТВАРАТ СО ПРОДАЖБА НА ОСНОВНИ СРЕДСТВА ВО СТРАНСТВО

1. Девизите остварени со продажба во странство на бродови, на други пловни објекти и воздухоплови организациите на здружениот труд што вршат превоз на стоки и патници во поморскиот, речниот и воздушниот сообраќај можат да ги користат за отплатување на странските кредити користени заради увоз на транспортни средства за тие гранки на сообраќајот.

2. Организациите на здружениот труд од точка 1 на оваа одлука што му продаваат бродови и други пловни објекти како старо железо на Здружението на југословенските железарници, или на организација на здружениот труд што за негова сметка набавува старо железо, во височината на износот на динари наплатени по основ на оваа продажба можат слободно да купуваат девизи од овластените банки за намените од таа точка.

За вредноста на бродовите и на другите пловни објекти купени како старо железо се намалува девизното право за увоз од квотите на Здружението на југословенските железарници.

3. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за користење на девизите што работните организации од определени гранки на сообраќајот ќе ги остварат со продавање основни средства во странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 45/56 и 13/67).

4. Технички упатства за спроведување на оваа одлука дава Народната банка на Југославија.

5. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр 82
28 март 1973 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Џемал Биедиќ, с. р.

222.

Врз основа на член 20 став 2 од Законот за Царинската тарифа („Службен лист на СФРЈ", бр. 34/65, 49/66, 5/67, 54/67, 9/68, 22/68, 30/68, 17/69, 27/69, 52/69, 22/70, 25/70, 58/71, 63/72 и 71/72), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ ЦАРИНА ЗА СПЕЦИФИЧНАТА ОПРЕМА ЗА ЗДРАВСТВОТО

1. На увозот на производите од долунаведените тарифни броеви односно ставови на Царинската тарифа — специфична опрема што се користи во здравството, наместо царинските стапки предвидени во Царинската тарифа односно во Решението за одредување на пониски царински стапки на увоз на одредени производи („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/73), ќе се применуваат следните царински стапки:

Тарифен број	Наименување	Царинска стапка
1	2	3
84.11/2	Компресори Ex. Компресори за апарати за аеросол-терапија	Сл
84.11/4	Вентилатори Ex. Вентилатори за операциони кабини	Сл
84.15/1a	Машини и апарати за производство на студ (ладилници-фрижидери), освен за домаќинства: за производство на ниски температури (најмалку —15°C) Ex. — Криостат-апарат за чување на биолошки материјали на ниски температури	Сл
	— Апарат за производство на ниски температури за крвна плазма (најмалку —20°C)	Сл
	— Специјални разладни уреди за депонирање на крв	Сл
	— Ладилници со термограф — апарати за конзервирање на крв	Сл

1	2	3
84.17/1в	Машини и уреди за стерилизација и пастеризација Ex. Уреди за стерилизација на инструменти	Сл
84.17/1г	Машини и уреди за парење и сушење Ex. Лиофилизатор-апарат за сушење на крвна плазма и на други производи	Сл
84.17/1s	Машини и уреди (освен оние од точка 2), друго Ex. — Супердестилатор со термокомпресор	Сл
	— Апарати за приготвување компреси на одредена температура за физиотерапија (хидроколатор)	Сл
	— Маткалица за епруветн	Сл
84.18/2a2	Центрифуги за течности, лабораториски Ex. Центрифуги со и без ладење, за биолошки испитувања, освен за испитување на моч	Сл
84.18/2б	Машини и уреди за филтрирање или пречистување на течности и гасови Ex. — Апарати за производство на деминерализирана и стерилизирана вода за употреба за здравствени цели	Сл
	— Уреди за приготвување (филтрирање, загревање, дозирање и др.) на вода за хидротерапија	Сл
	— Единици за филтрирање на операциона кабина, што се вградуваат во ѕидови и врати	Сл
84.19/1	Машини и апарати за миење садови Ex. Апарати за миење трансфузиони шишиња	Сл
84.59/21	Машини и механички справи (освен оние подобни исклучиво или главно како делови на други машини и апарати) што не спаѓаат во ниеден тарифен број на оваа глава, друго Ex. Лабораториска мешалка со грејач	Сл
85 19/5	Разводни уреди со вградени апарати (командни, разводни и сигнални табли, пултови и сл.) Ex. Управувачки шкаф	Сл
85 22/2в	Електрични стоки и апарати (освен оние подобни за употреба исклучиво или главно како делови на други машини или апарати), што не спаѓаат во кој и да било друг тарифен број на оваа глава, друго Ex. Имплатационен pacemaker за лична употреба	Сл
87.11	Количка за инвалиди со уреди на механички погон (со или без мотор)	Сл
87.13/2	Инвалидска количка Ex. Инвалидска количка со дигалка на рачен погон	Сл
90.07/3	Специјални фотографски апарати, за индустријата и медицината Ex. — Оделка-камери	Сл
	— Фундус-камери за преглед на око	Сл
90.10/1	Апарати за лаборатории и сл. Ex. — Уреди за автоматско развивање и сушење на рендген-филмови	Сл
	— Апарати за регенерација на фиксир	Сл
90.10/2	Разни калеми и екрани за проекции Ex. Специјални апарати за читање филмови	Сл
90.12/2	Други оптички микроскопи Ex. Микроскопи за потребите на здравството, со прибор	Сл
90.16/6	Други мерни инструменти Ex. Боскамп-микрофор апарат за мерење бои	Сл
90.17/1	Електромедицински апарати Ex. — Офталмометар и крајсполариметар	Сл
	— Апарат за регистрирање на резултати — пишувач	Сл
	— Спирографи и експирографи — апарати за регистрирање на дишни волумени во мала спирометрија	Сл
	— Апарати за оживување на новороденчиња	Сл
	— Спалт-ламби за офталмолошка дијагностика	Сл
	— Решетачки дијализатори на крв — тераписки апарат за отстранување на штетни состојки во крв од организам (замена на природната функција на бубрези)	Сл
	— Инкубатори за предвремено родени деца	Сл
	— Ендоскопи — апарати и инструменти за преглед на внатрешните шуплини, со прибор	Сл
	— Drawond-Wallas сонда, со електричен аспиратор за вадење мостри од грлото	Сл
	— Операциони ламби, со прибор	Сл
	— Апарати за дробење и топење на камен во бубрег	Сл
	— Електрохируршки аспиратори	Сл
	— Електро-екстрактори за породување	Сл

1	2	3
	— Апарати за контролирано и асистирано дишење	Сл
	— Апарати за ултра-звучна дијагностика, со прибор	Сл
	— Уреди за катетеризација на срцето за набљудување и фотографска регистрација на 8 физиолошки параметри	Сл
	— Пумпи за крвоток	Сл
	— Осумканални електрокардиографи	Сл
	— Апарати за мерење на протокот на крв — rheoplethysmograph	Сл
	— Апарати за испитување на слухот	Сл
	— Уреди за површинска хипотермија (компресор што ја лади и ја тера водата низ душекот на кој болниот лежи)	Сл
	— Анестезиолошки уреди за операциони сали, со прибор	Сл
	— Хируршки уреди за операциони сали со прибор	Сл
	— Електроенцефалограф, наполно транзисторизиран	Сл
	— Апарати за масажа под медицинска контрола	Сл
	— Осцилоскопи и осцилографи	Сл
	— Апарати за масажа на крвните садови	Сл
	— Апарати за краткобранова терапија	Сл
	— Диференцијални зајакнувачи на импулси на виталните функции со модули	Сл
	— Електроенцефалографи (EEG), со фонофото стимулатор	Сл
	— Апарати за нискофреквентна терапија со интерферентна струја	Сл
	— Електромиограф-апарати за испитување на активноста на мускули	Сл
	— Апарати за уролошки испитувања	Сл
	— Апарати за повеќекратно синхроно испитување на виталните функции (physological monitor)	Сл
	— Апарати за мерење и контрола на волуменот и капацитетот на гасови во крвта и во белите дробови	Сл
90.17/2	Друго Ex.	
	— Бронхоскоп по Fourestier, со индиректна оптика	Сл
	— Апарати за продувување на туби	Сл
	— Ректоскоп — апарати за ректални прегледи	Сл
	— Апарати за преглед на жолчните патишта, желудникот и дванаесетпрсно црево, гастродуоденоскоп	Сл
	— Уреди за изработка на скелетирани протези од специјални легури	Сл
	— Тивка комора за испитување на слухот	Сл
	— Debray хидраулична сонда	Сл
	— Осцилитонометар	Сл
	— Апарати и инструменти за криохирургија	Сл
	— Операциони уреди за операција на окото	Сл
	— Специјални инструменти за неурохируршки оперативни зафати	Сл
	— Медицински гониометри (апарати за мерење на подвижноста на зглобови)	Сл
	— Пнеумоергометри	Сл
	— Вештачки дијализатори на крв за лична употреба	Сл
	— Пнеуматски апарати за терапија на едеми и за лична употреба	Сл
	— Катетери и сонди за медицинска употреба	Сл
90.18/2	Апарати за механотерапија; апарати за масажа; апарати за психотехника; апарати за вештачко дишење, озонотерапија, оксигенотерапија, аеросол терапија или слично; апарати за дишење (вклучувајќи и гасмаски и слични апарати); Други Ex.	
	— Апарати за механотерапија	Сл
	— Уреди за итно оживување	Сл
	— Уреди за централно спроведување на гасови, со припаѓачките делови и со прибор за употреба за здравствени цели	Сл
	— Специјални кади за медицинско-терапеутски цели (хидротерапија, галванотерапија, гасна терапија и парцијална терапија)	Сл
	— Физико-тераписки велосипеди за рехабилитација	Сл
	— Апарати за аеросол терапија	Сл
90.19/1	Апарати за подобрување на слухот	Сл
90.19/2б	Ортопедски апарати, хируршки појаси, утеги и слично; вештачки екстремитети, очи, заби, и други вештачки делови на телото; помагала за глуви; апарати за лекување на преломи и расцепи на коски: Друго Ex.	
	— Ортопедски апарати	Сл
	— Валвули — срцеви и мозочни заклопки	Сл
	— Графтови — вештачки крвни садови	Сл
90.20/1	Рендген-апарати, апарати врз база на радиоактивни изотопи и други апарати врз база на нуклеарно зрачење Ex.	
	— Уреди врз база на радиоизотопи за откривање на заболувања на внатрешните органи	Сл
	— Тераписки апарати за лекување на малигни тумори со зрачење	Сл
	— Рендген-стативи за снимање черепи во неврорадиологијата	Сл
	— Теледиригирани рендген-апарати	Сл
	— Ангио-кардиографски рендген уреди, комплетни	Сл
	— Апарати за рано откривање на рак на боска	Сл
	— Апарати за снимање на горна и долна вилица	Сл
90.20/2	Генератори, цевки и делови за овие апарати Ex.	
	Генератори, цевки и делови за рендген апарати	Сл
90.20/3	Контролни табли и екрани Ex.	
	Контролни табли и екрани за рендген-апарати	Сл

1	2	3
90.20/4	Маси и столови и слични уреди за испитување и лекување Ex. Маси и столови и слични уреди за испитување и лекување, за рендген-апарати	Сл
90.20/5	Друго Ex. — Дијагностички тешки рендген-стативи со експлоратор (пентоскоп) — Електронски појачала за рендген — ТВ уреди за рендген — Специјални касети и фолии за рендген	Сл Сл Сл Сл
90.25	Инструменти и апарати за физички и хемиски анализи (како полариметри, рефрактометри, спектрометри, апарати за анализа на гасови); инструменти и апарати за мерење и проверување на вискозитетот, порозноста, ширењето, површинскиот напон и сл. (како вискозиметри, порозиметри, дилатометри); инструменти и апарати за мерење и проверување на количините на топлина, светлина или звук (како фото-метри, вклучувајќи и експозиметри, калориметри); микротоми Ex. — Апарати за одредување на степенот на киселоста на крв, на степенот на концентрацијата на O_2, CO_2, како и на бикарбонатот односно на алкохолната резерва, со користење на микромостри на крв — Филаменфотометар — апарат за мерење железо во биолошкиот материјал врз база на пламена емисија — Микротоми — Апарати за анализа на гаови — Инструменти за преглед на плунки	Сл Сл Сл Сл Сл
90.28	Електрични и електронски инструменти и апарати за мерење, проверување, анализа и автоматска контрола Ex. — Пулмотест, со пулмоанализатор за мерење на дишните волумени и капацитети — Дозиметри за мерење на зрачење, со прибор — Батериски електротермометри за мерење на температура во мускул — Апарати за електрофореза и хромографи — Електрични или електронски апарати за броење на крвни зрнца — Електрични автоматски одредувачи на електролити во биолошки течности и енцими во крв, со прибор — Електрични апарати за одредување на хемоглобин — Електрични уреди за микропретражување на крв — Инструменти за преглед на плунки (електрични) — Спектрофотометри — Апарати за анализа на гасови — Апарати за одредување на степенот на киселоста во крв, на степенот на концентрацијата на O_2, CO_2, како и на бикарбонати односно алкохолна резерва, со користење на микро-мостри на крв (електрични)	Сл Сл Сл Сл Сл Сл Сл Сл Сл Сл Сл

1	2	3
	— Апарати за префрлување на биолошки информации на монитор и ссумканални апарати	Сл
91.05	Апарати за регистрирање на времето; апарати со часовнички или саатни механизам (вкулучајќи и секундарен механизам) или со синхрон мотор, за мерење, регистрирање или на друг начин покажување на времето Ex. Часовници за контрола на развивањето на рендген-филмови	Сл
92.11/2	Магнетофони Ex. Повеќеканални магнетофони за регистрирање на биолошки струи	Сл
92.11/5	Грамофони, диктафони и други апарати за снимање и репродукција на звук, вклучувајќи и направи за вртење плочи и ленти, со или без звучни глави; телевизиски апарати за снимање и репродукција на слика и звук, магнетски: Друго Ex. Апарати за визуелно следење на биолошките струи снимени преку лабораториски магнетофони (display monitor)	Сл
94.02/1	Мебел за ординации Ex. Универзална операциона маса, со прибор — Болнички кревети за терапеутски лекувања — Уролошки маси — Маси за екстензија и гипсување — Гинеколошки маси, со прибор — Операциони маси за хирургија на главата — Работни маси за уво, грло и нос — Подвижни маси и колички за пренос на болни во здравствени установи — Кревети за хоризонтално истегање на вратните и крсните прешлени	Сл Сл Сл Сл Сл Сл Сл Сл Сл
94.02/2	Столови со механичко подигање, задвижување или наведнување Ex. Стабилни и подвижни столови и легла со уреди за подигање, задвижување и наведнување на тешки болни	Сл
94.03/4в	Друг мебел и негови делови Ex. Специјална количка за пренос на храна во болници, опремена со специјални садови и прибор	Сл

2. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува од 1 јануари 1973 година до 31 декември 1975 година.

Р. п. бр. 76
28 март 1973 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Џемал Биедиќ, с. р.

223.

Врз основа на член 19 од Законот за книговодството на организациите на здружениот труд („Службен лист на СФРЈ", бр. 48/68, 56/69 и 71/72), Сојузниот секретар за финансии пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА СОДРЖИНАТА НА ОДДЕЛНИ ПОЗИЦИИ ВО БИЛАНСИТЕ НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД

I. Општи одредби

Член 1

Основните организации на здружениот труд од член 11 став 1 на Законот за книговодството на организациите на здружениот труд (во натамошниот текст: Законот за книговодството) и организациите на здружениот труд од член 11 став 2 на тој закон, освен организациите за кои Сојузниот извршен совет или друг со закон овластен орган пропишал посебни билансни шеми, ги пополнуваат на начинот предвиден со овој правилник обрасците: биланс на состојбата, биланс на успехот, деловен резултат во текот на годината и заклучен лист, што во смисла на член 10 од Законот за книговодството, се отпечатени кон тој закон и се негов составен дел.

Член 2

При пополнувањето на обрасците од член 1 на овој правилник, во поглед на содржината на одделни конта што се наведени во колона 2 на тие обрасци, основните организации на здружениот труд и организациите на здружениот труд постапуваат според Правилникот за содржината на одделни конта во Основниот контен план за организациите на здружениот труд („Службен лист на СФРЈ" бр. 11/73), а во поглед на содржината на одделни позиции во билансите — според одредбите од овој правилник.

Член 3

Паричните вредности во сите обрасци од член 1 на овој правилник се искажуваат во полни износи (динари со пари).

Другите податоци основните организации на здружениот труд и организациите на здружениот труд ги искажуваат со броеви без децимали.

Член 4

Податоците од завршната сметка и од периодичните пресметки основната организација на здружениот труд ги пополнува и ги доставува до Службата на општественото книговодство (во натамошниот текст: Службата), во смисла на чл. 13 и 15 од Законот за книговодството, на обрасците наведени во член 1 на овој правилник.

Податоците од завршната сметка и од периодичните пресметки организацијата на здружениот труд што води заедничко книговодство (член 1 став 2 од Законот за книговодството), ги доставува до Службата, во смисла на чл. 13 и 15 од тој закон, на обрасците наведени во член 1 на овој правилник.

Податоците од Збирната завршна сметка и од Збирните периодични пресметки организацијата на здружениот труд, чии основни организации на здружениот труд составуваат завршна пресметка според одредбата од член 11 став 1 на Законот за книговодството, ги пополнува и ги доставува до Службата, во смисла на чл. 13 и 15 од Законот за книговодството, на обрасците наведени во член 1 на овој правилник.

Кон збирната завршна сметка односно периодична пресметка организацијата на здружениот труд од став 3 на овој член доставува до Службата и попис на завршните сметки односно на периодичните пресметки врз основа на кои збирната завршна сметка односно периодичната пресметка е составена.

Член 5

Податоците на обрасците биланс на состојбата, биланс на успехот и деловен резултат основната организација на здружениот труд и организацијата на здружениот труд ги доставуваат до Службата во текот на годината во по четири примероци, а на образецот Заклучен лист — во еден примерок.

Податоците од став 1 на овој член основната организација на здружениот труд и организацијата на здружениот труд ги доставуваат до Службата кај која се води нивната жиро-сметка.

Податоците од став 1 на овој член организациите на здружениот труд што составуваат збир на завршна сметка, ги доставуваат до Службата во седиштето на организацијата на здружениот труд.

II. Содржина на одделни позиции во образецот биланс на состојбата

Член 6

Билансот на состојбата се составува врз основа на книговодствените податоци.

Во образецот биланс на состојбата под ред. бр. 1 до 182 се внесуваат податоци од соодветните конта означени во колоната 2 на овој образец, според состојбите искажани на одделни конта на крајот на годината, така што во колоните 4 и 5 се внесуваат податоци од завршната сметка на претходната година а во колоните 6 и 7 податоците за годината за која се составува завршната сметка.

Во колоните 4 и 6 (претколони) се искажуваат износите од наведените конта, а во колоните 5 и 7 (главни колони) се искажуваат вкупните износи на соодветните категории — групи средства во нето износи, т. е по одбивање на исправката на вредноста.

Како категории средства што треба да се искажат во колоните 5 и 7 се искажуваат следните податоци, и тоа: во активата под А (I, II, III и IV) Б, В и Г, а во пасивата под А (I, II и III), Б, В и Г.

Член 7

Во образецот биланс на состојбата се искажуваат, и тоа:

— под ред. бр. 7 до 10 — побарувањата во брутo-износ, а под ред. бр. 11 до 14 — побарувањата во нето-износ;

— под ред. бр. 14 — износот на побарувањата според одредбата на член 7 на Законот за утврдување на вредноста на залихите и на исправката на финансискиот резултат за делот на ненаплатеното побарување над одреденото време („Службен лист на СФРЈ", бр. 39/72 — во натамошниот текст: Законот за исправката);

— под ред. бр. 15 — износот на исправката на вредноста на побарувањата во височината предвидена според член 9 од Законот за исправката;

— под ред. бр. 16 до 29 — износите што не се покриени со остварениот доход во годината за која се составува завршната сметка;

— под ред. бр. 30 до 34 и 126 до 130 — износите по основот на интерните односи помеѓу основните организации на здружениот труд во состав на организацијата на здружениот труд;

— под ред. бр. 35 до 38 и 131 и 133 — износите по основот на односите на организациите на здружениот труд во Југославија и нивните организациони единици во странство;

— под ред. бр. 75 — износот на непокриената загуба од тековната година и износот на пренесената загуба од поранешните години, што не можеле да бидат покриени на начинот пропишан со Законот за утврдување и пресметување на вкупниот приход и доход во основните организации на здру-

женият труд („Службен лист на СФРЈ", бр. 71/72 — во натамошниот текст: Законот за доходот) и од средствата примени без обврска за враќање.

Член 8

Ако на крајот на годината се појави долговно салдо на контата што претставуваат конта на пасивата, освен на контата од групите конта 22, 23 и 24, салдото треба да се искаже во образецот биланс на состојбата под ред. бр. 13, а побарувачкото салдо што ќе се појави на контата на активата, освен контата 120 и 121, се искажува под ред. бр. 142 на овој образец.

Долговните салда на контата од групата конта 22 се искажуваат под редниот број 10, а долговните салда на контата од групата конта 23 и 24 се искажуваат под редниот број 74 на образецот биланс на состојбата.

Побарувачките салда на контата 120 и 121 се искажуваат под редниот број 107 на образецот биланс на состојбата.

Член 9

На позициите на билансот на состојбата што се дадени по вкупната актива односно по вкупната пасива — вонбилансна евиденција — активни конта и вонбилансна евиденција — пасивни конта, се искажуваат состојбите на контата на вонбилансната евиденција според содржината на тие конта пропишана во член 61 на Правилникот за содржината на одделни конта во Основниот контен план за организациите на здружениот труд, освен вредноста на предметите од основните и обртните средства и изворите на тие средства за народна одбрана.

III. Содржина на одделни позиции во образецот биланс на успехот

Член 10

Билансот на успехот се составува врз основа на книговодствените податоци.

Во колоната 4 од образецот биланс на успехот се внесуваат податоците од завршната сметка за претходната година, а во колоната 5 податоците од соодветните конта означени во колоната 2 за годината за која се составува завршната сметка.

Член 11

Во образецот биланс на успехот се искажуваат, и тоа:

— под ред бр. 1 — износот на залихите на недовршеното производство и на сопствените полупроизводи и готови производи (вредност на супстанцијата) на почетокот на годината, кој се утврдува така што од почетното салдо на контата 600 и 630 се одбива почетното салдо на контото 800;

— под ред. бр. 11 — покрај набавната вредност на реализираните трговски стоки, консигнациони и комисиони стоки, материјали и отпадоци — и вредноста на кусоците на тие стоки, материјали и отпадоци што преку контото 758 — Друга реализација, се книжени на товар на соодветните конта;

— под ред. бр. 13 — износот на вонредните расходи од контата 732, 733 и 734, намален за износот на кусоците утврдени при инвентарисувањето на залихите на недовршеното производство, на сопствените полупроизводи и готовите производи, што се книжени на товар на овие конта;

— под ред. бр. 15 — износот на залихите на недовршеното производство и на сопствените полупроизводи и готови производи (вредност на супстанцијата) на крајот на годината, кој се утврдува така што од салдото на контата 600 и 630 се одбива салдото на контото 800 намалено за салдото на контото 809;

— под ред. бр. 19 — износот на реализацијата на производите и на производствените услуги и регресите и премиите што според посебни прописи влегуваат во вкупниот приход — во пресметаните износи според фактурите издадени до 31 декември тековната година;

— под ред. бр. 25 — износот на другата реализација и износот на кусоците при инвентарисувањето што паѓаат на товар на одговорните лица, како и вредноста на стоките од сопствено производство што имаат карактер на крајна потрошувачка (член 1 од Законот за доходот);

— под ред. бр. 26 — износот за кој основната организација за здружениот труд или организацијата на здружениот труд примила пресметка од друга организација на здружениот труд по основот на учество во доходот остварен со заедничко работење за годината за која се составува завршната сметка;

— под ред. бр. 29 — приходите од пресметаните камати на деловните средства по сите основи, освен каматата што според пресметката му се припишува на влогот и се внесува во сопствените извори на деловните средства (конто 900) и другите камати што се внесуваат во посебните средства;

— под ред. бр. 30 — приходите од дотации, субвенции и сл., примени до 31 декември на годината за која се поднесува завршната сметка;

— под ред. бр. 31 — износот на вонредните приходи од контото 789, намален за износот на утврдените вишоци при пописот на недовршеното производство, на сопствените полупроизводи и готови производи, што се книжени на ова конто.

Под овој реден број се искажуваат и наплатените отпишани побарувања, пресметаните надоместоци на штета по основот на осигурување на обртните средства, отпишаните обврски извршени врз основа на присилно поранување, освен ако со судска одлука за поранување не е решено поинаку и сл.;

— под ред. бр. 34 — износот на загубите на супстанцијата, под услов износот на редниот број 9 односно на контото 421 претходно да е намален за непотрошениот износ на пресметаната амортизација што го надминува износот на пресметаната амортизација по минималните стапки;

— под ред. бр. 36 и 38 — износите на каматите на кредитите и износите на премиите за осигурување во височината пропишана во член 8 од Законот за доходот, што се искажани на контата 130 и 131 односно на контата 230 и 231 кај организациите на здружениот труд што вршат дејности на општествени служби;

— под ред. бр. 37, 39 и 40 — износите на провизијата и надоместоците за банкарски услуги, износите на придонесите и на членариниите и износите на другите договорни обврски во височината пропишана во член 8 на Законот за доходот, што се искажани на контата 132, 133 и 138 односно што се искажани на контата 232, 233 и 238 кај организациите на здружениот труд што вршат дејности на општествени служби;

— под ред. бр. 41 не се искажуваат податоци;

— под ред. бр. 42 до 45 — износите на законските обврски во височината пропишана во член 8 на Законот за доходот, што се искажани на контата од групите конта 14 и 24. На ред бр. 45, покрај другите законски обврски, се искажува и делот на доходот издвоен според законот, општествениот договор односно самоуправната спогодба за станбена изградба;

— под ред. бр. 46 — износот за лични доходи утврден врз основа на општиот акт на основната организација на здружениот труд односно на организацијата на здружениот труд, кој е усогласен со самоуправната спогодба односно со општествениот договор. Овој износ не може да биде помал од износот утврден според одредбата на член 9 став 1 на Законот за доходот.

Ако износот искажан под ред. бр. 46 е поголем од износот утврден за основа на општествениот договор односно на самоуправната спогодба основната организација на здружениот труд односно организацијата на здружениот труд ќе го задолжи за разли-

ката на овие износи контото 250 во корист на контото 290.

Основната организација на здружениот труд односно организацијата на здружениот труд е должна во согласност со општествениот договор и со самоуправната спогодба во наредниот пресметковен период да ги намали исплатите на личниот доход заради покривање на утврдената разлика на личните доходи. На крајот на наредната година ќе се намали износот на личните доходи утврден по основот на општествениот договор односно на самоуправната спогодба за износот искажан на контото 290 во корист на износите што од доходот се издвојуваат за фондовите. Истовремено се сторнираат книжењата на контата 250 и 290, извршени по основот на пречекорувањето на личните доходи во претходната година;

— под ред. бр. 47 — износот за другите лични примања, во височината пропишана во член 9 став 2 на Законот за доходот, а што е искажан на контата 152, 153, 154 и 259 односно на контата 252, 253, 254 и 259 кај организациите на здружениот труд што вршат дејност на општествени служби;

— под ред. бр. 48 — делот на доходот што им припаѓа на другите содоговарачи во заедничкото работење, вклучувајќи ја и добивката на странските партнери во бруто-износот;

— под ред. бр. 49 — износот што основната организација на здружениот труд го издвоила од својот доход за покритие на загубата на другите основни организации на здружениот труд во состав на истата организација на здружениот труд, во согласност со самоуправната спогодба за здружување, под услов средствата да се даваат без обврска за враќање;

— под ред. бр. 53 — износот за отплата на санационите кредити утврден според одредбата на член 16 став 3 на Законот за условите и постапката за санација на организациите на здружениот труд („Службен лист на СФРЈ", бр. 39/72 и 5/73 — во натамошниот текст: Законот за санација). Ако делот на доходот што преостанал по покритието на обврските наведени под ред. бр. 36 до 52 не е достатен за покритие на втасаните обврски по санационит кредит, не може да се врши издвојување од доходот за намените под ред. бр. 54 и 56 до 58;

— под ред. бр 57 — износите издвоени од доходот за финансирање на општествено-политичките заедници, на интересните заедници, на самоуправните и други фондови и на другите корисници на општествени средства, што се даваат без обврска за враќање, а врз основа на самоуправните спогодби и одлуките на основната организација на здружениот труд односно на организацијата на здружениот труд за издвојување на средства за наведените намени;

— под ред бр. 69 — загубата само до височината на вкалкулираниот дел од доходот во фактурираната реализација што е искажана под ред. бр. 67;

— под ред бр. 71 — дел од доходот на заедничките организации кој им припаѓа на основните организации на здружениот труд односно на организациите на здружениот труд врз основа на заедничкото вложување на работа и средства во заедничките организации како што се деловни здруженија и сл.;

— под ред. бр. 72 — заедничката организација го искажува делот од доходот кој им припаѓа на организациите што ја организирале. Организациите што формирале заедничка организација, под овој реден број го искажуваат и износот даден за покривање на загубите на заедничката организација;

— под ред бр. 76 — непокриената загуба од претходната година, што преостанала на контото 180 по книжењето на износот од редниот број 55;

— под ред бр. 79 — основните организации на здружениот труд односно организациите на здружениот труд што не остварале доход го искажуваат износот за покритие на загубата на заедничката организација што ја формирале;

— под ред. бр. 80 — заедничката организација го искажува износот по применета пресметка од организациите што ја формирале на име покритие на својата загуба;

— под ред. бр. 82 — износот на загубата од тековната година по основот на исправка на финансискиот резултат кој е покриен во смисла на член 12 став 2 на Законот за доходот;

— под ред. бр. 83 — износот на загубата од тековната година кој е покриен од средствата на резервите според член 9 став 2 на Законот за средствата на резервите („Службен лист на СФРЈ", бр. 26/72 и 71/72), а во смисла на член 13 став 6 од Законот за доходот;

— под ред. бр. 84 — износот кој според пресметката е примен од другите содоговарачи за покритие на загубата од заедничкото работење во тековната година и износот кој во согласност со договорот за заедничко работење му се става на товар на влогот на содоговарачите;

— под ред бр. 85 — износот кој по пресметката, без обврска за враќање го примила, основната организација на здружениот труд од другите основни организации на здружениот труд во состав на истата организација на здружениот труд, за покритие на загубата во тековната година;

— под ред. бр. 86 — износот примен за покритие на загубата без обврска за враќање;

— под ред. бр. 87 — износот на законските обврски со кој е покриена загубата во смисла на член 13 од Законот за доходот, а кои се враќаат според одредбите од Правилникот за начинот на пресметување на одредени даноци и придонеси и законски обврски од доходот („Службен лист на СФРЈ", бр. 11/73),

— под ред. бр. 88 — износот на придонесите и даноците од личниот доход со кој е покриена загубата во смисла на член 13 од Законот за доходот, а што се враќаат според одредбите од Правилникот за начинот на пресметување и враќање на законските обврски, на даноците и придонесите од личните доходи на работниците — на основните организации на здружениот труд;

— под ред. бр. 89 — не се користи до донесувањето на посебни прописи;

— под ред. бр. 90 — делот на загубата од тековната и поранешните години, кој не е покриен со износите под ред. бр 82 до 89 на овој образец.

Член 12

Во образецот биланс на успехот во посебните податоци се искажуваат, и тоа:

— под ред. бр. 1 — износот на запрениот данок на промет — побарувачка страна на контото 270;

— под ред. бр. 2 — износот на запрениот надоместок од малопродажната цена на бензинот и на плинското масло — соодветен дел на побарувачката страна на контото 272;

— под ред. бр. 3 — износот на дадените рабати, супер-рабати, бонификации и други попусти при продажбата — дел од долговната страна на групата конта 75 и 76;

— под ред бр. 4 — износот на исплатените лични доходи, без даноците и придонесите, на кои основица за пресметување им е личниот доход а се намируваат од бруто-личните доходи — износот на долговната страна на контото 250 намален за износот на побарувачката страна на контото 271;

— под ред. бр. 5 — износот на исплатените даноци и придонеси на кои основица за пресметување им е личниот доход, а се намируваат од бруто-личниот доход — долговна страна на контото 271;

— под ред. бр 6 — износот на пресметаниот и запрениот данок на добивка според Законот за данокот на добивка на странски лица што вложуваат средства во домашна стопанска организација за заедничко работење („Службен лист на СФРЈ", бр 31/67 и 9/68) — побарувачка страна на контото 276;

— под ред. бр. 7 — износот на просечно користените основни средства. Износот на состојбите на основните средства се утврдува така што се собираат долговните салда од контата на групата конта

00, 01 и 03 и од така добиениот збир се одбива побарувачкото салдо од контата на групата конта 02;

— под ред. бр. 8 — износот на просечно користените обртни средства. Износот на состојбите на обртните средства се утврдува така што се собираат долговните салда од контата на групата конта 10, 12, 13, 14, 15, 31, 36, 60, 63 и 66 и така добиениот збир се наголемува за износот на авансите дадени на добавувачите од контата на групата конта 22. Од така утврдениот збир се одбива збирот на побарувачките салда од контата 127, 129 и 800.

Долговните салда на контата 120 и 121 се утврдуваат по бруто-принципот, а салдата на другите конта по нето-принципот;

— под. ред. бр. 9 — износот на просечните пласмани на деловните средства. Износот на состојбата на пласманите на деловните средства се утврдува како збир на долговните салда од контата на групата конта 17.

Просечните износи под ред. бр. 7, 8 и 9 се утврдуваат така што се собираат износите на состојбите на 1 јануари (почетна состојба) и состојбата на крајот на секој месец, а добиениот збир се поделува со бројот 13 односно со бројот на земените состојби.

Основните организации на здружениот труд од член 1 став 1 на Законот за книговодството, при пресметувањето на износите под ред. бр. 7, 8 и 9 ги земаат и соодветните износи од контата на групата конта 16;

— под. ред. бр. 10 — просечниот број на вработените врз база на состојбата кон крајот на месецот, кој се утврдува така што од соодветните евиденции се собира бројот на работниците вработени на крајот на месецот, а добиениот збир се дели со бројот 12 односно со бројот на земените состојби;

— под ред. бр. 11 — податоците за просечниот број на вработените врз база на вкалкулираните часови работа во текот на годината, кои се утврдуваат така што износот на вкалкулираните часови работа се поделува со бројот на часовите работа по работник во редовен работен однос и за редовно работно време. Бројот на часовите работа по еден работник се утврдува така што бројот на месеците работа се помножува со бројот на часовите работа во текот на месецот што е предвиден со општиот акт на организацијата на здружениот труд;

— под ред. бр. 12 — сите издатоци исплатени во текот на годината за стручно образование на кадрите (исплати на товар на средствата за заедничка потрошувачка и исплати за овие намени во смисла на член 7 став 3 од Законот за доходот);

— под ред. бр. 13 до 16 се внесуваат податоците за наведените издатоци што се сторени по основот на услугите од приватни лица;

— под ред. бр. 17 — фактичните трошоци за инвестиционо одржување на основните средства во тековната година, било да се во прашање услуги од други или трошоци извршени во сопствена режија. Податоците се земаат од соодветните конта, зависно од начинот на пресметувањето на овие трошоци;

— под ред. бр. 18 — фактичните трошоци за обновување, одржување и истражување на резервите на рудно и друго минерално богатство, трошоците за освојување ново производство и трошоците за производствено откривање минерални суровини, било да се во прашање услуги од други лица или трошоци извршени во сопствена режија. Податоците се земаат од соодветните конта, зависно од начинот на пресметувањето на овие трошоци;

— под ред бр. 19 до 22 — податоците за потрошените средства на заедничката потрошувачка, врз основа на податоците за промените настанати во текот на годината на контото 080, со тоа што под ред. бр. 21 не се внесува делот што веќе е искажан под ред. бр. 12;

— под ред. бр. 23 — состојбата на паричните средства на заедничката потрошувачка за станбена изградба на издвоената сметка што се формирани од придонесот врз основа на законот односно општествениот договор;

— под ред. бр. 24 до 27 — податоците за сопствените средства ангажирани за обртни средства, за пласмани од деловните средства и за основни средства, како и делот на обртните средства ангажиран за инвестиции, а што се утврдуваат на следниот начин:

1) од износот на просечно користените основни средства искажан на ред. бр. 7 од овој образац се одбива просечниот износ на побарувачките салда на контата 910, 911, 912, дел од 916, 920, 921, 922, дел од 926, 930, 931, 932, 220 и 221. Просечниот износ на побарувачките салда на наведените конта се утврдува така што се собираат побарувачките салда на 1 јануари (почетната состојба) и на крајот на секој месец и се поделуваат со бројот 13 односно со бројот на земените состојби. Разликата помеѓу износот искажан на ред. бр. 7 на овој образец и просечно расположивите кредити и заеми за основни средства претставува дел од трајните извори на деловните средства (дел од групата 90) и се искажува на ред. бр. 26. Ако разликата е поголема од просечната состојба на трајните извори на деловните средства (група 90), износот над просечниот износ на групата 90 се смета за користени обртни средства за инвестиции и се искажува на ред. бр. 27.

Ако на ред. бр. 27 се искажува износот, не се пополнуваат и не се пресметуваат износите под ред. бр. 24 и 25;

2) од износот на просечната состојба на пласманите на деловните средства искажан на ред. бр. 9 на овој образец се одбиваат просечните износи на побарувачките салда од контата на групата конта 91,-92 и 93 на кои се евидентирани наменските кредити добиени за пласмани на деловните средства. Просечните износи на побарувачките салда на наведените конта од групата конта се утврдуваат на начинот наведен во точка 1 од овој став. Разликата помеѓу износот искажан на ред. бр. 9 од овој образец и просечно расположивите кредити и заеми за пласмани на деловните средства претставува дел од трајните извори на деловните средства (дел од групата 90) и се искажува на ред. бр. 25. Ако разликата е поголема од просечната состојба на трајните извори на деловните средства (група 90) намалена за износот искажан на ред. бр. 27, износот над просечниот износ на така намалената група 90 се смета за користени обртни средства за пласмани.

Ако е утврдено користењето на обртните средства за пласмани на деловните средства, ред. бр. 24 не се пополнува;

3) од износот на просечно расположивите трајни извори на деловните средства (група 90) се одбиваат износите искажани под ред. бр 25 и 26 и разликата се искажува под ред. бр 24.

Просечниот износ на расположивите трајни извори на деловните средства се пресметува така што побарувачките салда од контата на групата 90, освен контото 909, на 1 јануари (почетно салдо) и на крајот на секој месец, се собираат и збирот се поделува со бројот 13 односно со бројот на земените состојби.

Основните организации на здружениот труд од член 1 став 1 на Законот за книговодството при пресметувањето на износите под ред бр. 24, 25 и 26 ги земаат и соодветните износи од контата на групата конта 26;

— под ред. бр. 28 — износите на извршените отплати по кредитите за основни средства, за почетниот фонд на обртните средства и за трајни обртни средства;

— под ред. бр. 29 — податоците за извршените отплати по кредитите за повремени обртни средства (конта 933, 934 и 935);

— под ред. бр. 30 — состојбата на соодветниот дел од контото 281 на 31 декември тековната година, која се однесува на втасаните а неплатените отплати по кредитите за основни средства и за трајни обртни средства;

— под ред. бр. 31 — отплатите по инвестиционите кредити за основни средства и за трајни обртни средства што втасуваат во следната година, а што се утврдуваат врз основа на пресметката на отплатите, составена врз основа на состојбата на кредитите и заемите на 31 декември на годината за која се составува завршната сметка;

— под ред. бр. 32 — износот на загубата од претходната година која во годината за која се составува завршната сметка е покриена (дел од контото 180 во текот на годината пренесен на контото 185);

— под ред. бр. 33 — износот на загубата од претходната година која во годината за која се составува завршната сметка е покриена (дел од контото 180 пренесен на 186);

— под ред. бр. 34 — износот на загубата од претходната година која во годината за која се составува завршната сметка е покриена (дел од контото 180 пренесен на контото 188).

IV. Содржина на одделни позиции во образецот деловен резултат во текот на годината

Член 13

Образецот деловен резултат во текот на годината се пополнува врз основа на книговодствените состојби.

Член 14

Во колоната 4 се внесуваат податоците од образецот деловен резултат во текот на годината за истиот период на претходната година, а во колоната 5 податоците од соодветните конта назначени во колоната 2 за тековата година

По исклучок, колоната 4 не се пополнува во образецот за периодот од 1 јануари до 31 март 1973 година.

Член 15

Во образецот деловен резултат во текот на годината податоците се искажуваат, и тоа:

— под ред. бр. 1, 13, 15, 19, 25, 26, 29, 30, 31 и 34 до 47 — онака како што за одделни податоци е објаснето под истите редни броеви во образецот биланс на успехот;

— под ред. бр. 48 — остатокот на доходот кој може да биде издвоен на посебна сметка кај Службата;

— под ред. бр. 59, 61 и 62 — податоците спрема објасненијата дадени за искажување одделни позиции на билансот на успехот под ред. бр. 69, 71 и 72.

Член 16

Организациите на здружениот труд од член 2 на Законот за привремено ограничување на личните доходи во одредени организации на здружениот труд, во интересните заедници, во државните органи и во општествено-политичките и други организации („Службен лист на СФРЈ", бр. 66/72 и 71/72), при пополнувањето на образецот деловен резултат во текот на годината за перидот јануари-јуни 1973 година, ќе ја утврдат разликата помеѓу износите на личните доходи што по основот на општествениот договор односно самоуправната спогодба можат да се издвојат од доходот и износите што можат да се исплатат според одредбите на тој закон

За износот на разликата утврдена според одредбата на став 1 на овој член организациите на здружениот труд ќе го задолжат контото 250 во корист на контото 290, со тоа што на крајот на годината овој износ ќе го сторнираат и истовремено, при распределбата на доходот, за сторнираниот износ ќе го намалат износот за личните доходи утврдени според општествениот договор односно самоуправната спогодба.

За износот на неисплатените лични доходи од 1972 и поранешните години, кој се наоѓа на контото 250, а кој не можел да биде исплатен според одредбите од законот наведен во став 1 на овој член, организацијата на здружениот труд ќе го задолжи контото 250 во корист на контото 900, 950 или 980.

Со постапувањето според одредбите од овој член организациите на здружениот труд ги извршуваат одредбите од член 6 на споменатиот закон, за што се должни писмено да ја известат Службата при поднесувањето на образецот деловен резултат во текот на годината за периодот јануари-јуни 1973 година.

Член 17

Во образецот деловен резултат во текот на годината во посебните податоци се искажуваат, и тоа:

— под ред. бр. 1 — износот на основните средства во функција утврден по набавната вредност — состојба на контата од групата конта 00;

— под ред. бр. 2 — износот на исправката на вредноста на основните средства во функција — состојба на контата од групата конта 02 без состојбата на контото 027;

— под ред. бр. 3 — износот на состојбата на жиро-сметката — состојба на контото 100;

— под ред. бр. 4 — износот на долговното салдо на контата 101, 102 и 108, утврдено по нето-принципот;

— под ред. бр. 5 — орочените парични средства (конто 172) и издвоените ограничени парични средства за инвестиции (конто 030, без авансот за инвестиции и без средстава издвоени за инвестиции на посебна сметка кај Службата);

— под ред. бр. 6 — износот на одобрените потрошувачки кредити — состојба на контото 174;

— под ред. бр. 7 — средствата внесени во фондот на основачите на банката и средствата за заедничко работење (конта 170, 171 и 173);

— под ред. бр. 8 — активните салда на купувачите и добавувачите (долговни салда од контата 120, 121 и дел од 128, 220, 221, 222 и 223, утврдени по бруто-принципот);

— под ред. бр. 9 — паричните средства (конта 040, 050, 070 и 080);

— под ред. бр. 10 — вредноста на залихите на материјали и ситен инвентар (конта 310, 360 и 369);

— под ред. бр. 13 — вредноста на залихите на трговски стоки (конта 660 и 669);

— под ред. бр. 14 — вредноста на залихите на консигнациони и комисиони стоки (конта 670 и 679);

— под ред. бр. 16 — изворите на сопствени средства (побарувачко салдо од контата на групата конта 90, освен контото 909);

— под ред. бр. 17 — долгорочните кредити за основни средства (конта 910, 911, 912 и дел од контото 916);

— под ред. бр. 18 — долгорочните кредити за обртни средства (конта 913, 914, 915 и дел од контото 916);

— под ред. бр. 19 — среднорочните кредити за основни средства (конта 920, 921, 922 и дел од контото 926);

— под ред. бр. 20 — среднорочни кредити за обртни средства (конта 923, 924, 925 и дел од контото 926);

— под ред. бр. 21 — краткорочните кредити за основни и обртни средства (контата од групата конта 93);

— под ред. бр. 22 — другите извори на деловните средства (конта од групата конта 91, 92 и 93 што не се искажани под ред. бр. 16 до 21 и побарувачки салда од контата на групите конта 23, 24, 25, 27 и 28, како и пасивните салда од контото 290 намалени за салдата од контото 190);

— под ред. бр. 23 — пасивните салда на добавувачите и купувачите, побарувачките салда од контата 120 и 121 и дел од контата 128, 220, 221, 222 и 223 утврдени по бруто-принципот);

— под ред. бр. 24 — кредитите за средствата на станбените згради и средствата на заедничката потрошувачка (конта 946, 947 и 981).

Објасненијата за искажување дадени кон одделни редни броеви на посебните податоци од образецот биланс на успехот, се применуваат и при искажувањето на податоците кај соодветните ред-

ни броеви на посебните податоци на образецот деловен резултат во текот на годината, спрема следниот преглед:

Посебните податоци во образецот деловен резултат во текот на годината под ред. бр.:	Се внесуваат спрема објаснението дадени за образецот биланс на успехот под следниот ред. бр.:
25	4
26	5
27	7
28	8
29	24
30	26
31	25
32	27
33	10
34	11
35	19
36	20
37	21
38	22
39	23
40	28
41	29
42	30
43	31
44	17
45	18
46 до 49	13 до 16
50	32
51	33
52	34

При искажувањето на посебните податоци според овој преглед наместо состојбите на крајот на годината се земаат состојбите на крајот на пресметковниот период, а наместо просекот за годината — просеците за пресметковниот период.

V. Содржина на одделни позиции во образецот заклучен лист

Член 18

Образецот заклучен лист се пополнува со состојбата на 31 март, 30 јуни, 30 септември и 31 декември, на следниот начин:

1) во образецот се внесуваат хронолошки сите конта од Основниот контен план за организациите на здружениот труд, на кои организацијата на здружениот труд во текот на годината вршела книжења во деловните книги;

2) во колоната 8 се внесува збирот на износите од колоните 4 и 6, а во колоната 9 — збирот на износите од колоните 5 и 7.

Во колоните 10 и 11 се внесуваат салдата од сите конта.

VI. Содржина на одделни позиции во билансот на успехот, припоените и поделените организации на здружениот труд

Член 19

Кај организациите на здружениот труд кај кои настанале организациони промени (спојување, припојување, поделба издвојување или други организациони промени, во текот на годината за која се составува завршната сметка односно периодичната пресметка, во обрасците на завршната сметка односно периодичната пресметка се искажуваат податоците за тековната година, и тоа посебно за периодот од денот на организационата промена до крајот на годината односно до крајот на пресметковниот период, а посебно за периодот пред извршената организациона промена, т. е. на 1 јануари до денот на организационата промена. За овој период организацијата на здружениот труд при пополнувањето на обрасците за завршна сметка и за периодична пресметка го пополнува образецот биланс на успехот односно образецот деловен резултат во текот на годината, со тоа што во образецот биланс на успехот не ги пополнува посебните податоци под ред. бр. 7 до 11, 23 до 27, 37, а во образецот деловен резултат во текот на годината — посебните податоци под ред. бр. 1 до 14, 16 до 24, 27 до 39 и 55.

Организациите на здружениот труд што настанале со спојување или припојување, податоците за претходната година ги утврдуваат со собирање на соодветните податоци од периодичните пресметки односно завршните сметки и ги внесуваат во колоната 4 на обрасците: биланс на успехот, биланс на состојбата и деловен резултат во текот на годината.

Организациите на здружениот труд што настанале со издвојување не ја пополнуваат колоната 4 на обрасците: биланс на успехот, биланс на состојбата и деловен резултат во текот на годината, а организациите на здружениот труд од кои се издвоиле ги внесуваат податоците во колоната 4 на наведените обрасци во целина.

Организациите на здружениот труд што настанале со поделба, со актот за поделбата ќе утврдат која од нив ќе ја пополнува колоната 4 на наведените обрасци со податоците во целина, додека другите не ја пополнуваат колоната 4.

Основните организации на здружениот труд од член 1 став 2 на Законот за книговодството конституирачи во текот на годината постапуваат според одредбите на ст. 1 и 4 на овој член.

Член 20

Организациите на здружениот труд основани во тековната година го внесуваат во колоната за претходната година податокот „Новооснована организација".

Член 21

Во смисла на член 10 од Законот за книговодството, организациите на здружениот труд ги искажуваат податоците во билансот на состојбата, во билансот на успехот и во деловниот резултат во текот на годината на обрасците што овозможуваат механографска обработка на податоците а чија форма ја одредува Службата на општественото книговодство на Југославија.

Член 22

Организациите на здружениот труд што вршат дејности на општествени служби во републиките односно во автономните покраини што донесле посебни прописи во смисла на член 17 од Законот за книговодството, ги искажуваат податоците во своите завршни сметки и периодични пресметки и ги поднесуваат на начин предвиден со тие прописи.

Член 23

Организациите на здружениот труд што во својот состав имаат самостојни организации на здружениот труд без својство на правно лице во 1973 година ѝ доставуваат на Службата образец деловен резултат во текот на годината за секоја од тие организации.

Член 24

Основните организации на здружениот труд односно организациите на здружениот труд ѝ ги доставуваат на Службата обрасците, и тоа: обрасците деловен резултат во текот на годината и заклучен лист за периодот јануари-март 1973 година најдоцна до 30 април 1973 година, а збирните обрасци: деловен резултат во текот на годината, и заклучен лист за периодот јануари—март 1973 година — до 10 мај 1973 година.

Член 25

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Упатството за содржи-

ната на одделни позиции во билансите на работните организации („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/69, 1/70, 57/70 и 54/71).

Член 26

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 4409/1
30 март 1973 година
Белград

Сојузен секретар за финансии,
Јанко Смоле, с. р.

224.

Врз основа на член 25 од Законот за здравствената исправност на животните намирници и на предметите од општа употреба („Службен лист на СФРЈ", бр. 71/72), во согласност со сојузниот секретар за стопанство и со сојузниот секретар за земјоделство, сојузниот секретар за труд и социјална политика пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА МАКСИМАЛНО ДОЗВОЛЕНИТЕ КОЛИЧИНИ НА ПЕСТИЦИДИ ВО ЖИВОТНИТЕ НАМИРНИЦИ

Член 1

Животните намирници што содржат остатоци на пестициди можат да се пуштаат во промет само под условите пропишани со овој правилник.

Член 2

Како пестициди, во смисла на овој правилник, се подразбираат хемиските средства што се употребуваат:

1) за сузбивање на предизвикувачи на растителни болести, штетни инсекти, крлежи, стоногалки, полжави, нематоди, глодачи, птици и плевели;

2) за уништување на штетници и паразити од растително потекло, што напаѓаат складирани земјоделски производи или се задржуваат во складови, во куќи и во други објекти и простории;

3) за уништување на инсекти и други животни што пренесуваат предизвикувачи на заразни болести врз луѓе и животни и на разни молестанти и паразити кај луѓето и животните.

Член 3

Одредбите на овој правилник се однесуваат на следните животни намирници.

1) овошје, зеленчук и печурки; производи од овошје, зеленчук и печурки; жита и нивни преработки; плодови (семе) и делови од растенија, што се употребуваат за производство на јастиви масла, кавовина и пиво; како и други животни намирници од растително потекло;

2) масти и масла;

3) млеко и производи од млеко;

4) месо, производи од месо и други животни намирници од животинско потекло.

Член 4

Животните намирници од член 3 на овој правилник можат да се пуштаат во промет само ако остатоците на пестицидите што тие ги содржат при пуштањето во промет не ги надминуваат количините означени во Табелата за максимално дозволените количини на пестициди во животните намирници.

Табелата од став 1 на овој член е отпечатена кон овој правилник и е негов составен дел.

Ако за некоја животна намирница со овој правилник не се одредени максимално дозволените количини (толеранции) на поодделен пестицид, таквата намирница може да се пушта во промет само ако количината на пестицидот во неа не е поголема од една десеттина на најниската толеранција што за тој пестицид е одредена во табелата од став 1 на овој член.

Одредбата на став 1 од овој член не се применува врз намирниците додека се наоѓаат во склад на производителските организации на здружениот труд.

Член 5

Зачните, мирудиите, додатоците на храна и сличните производи можат да содржат до 10 пати поголеми количини, а чаевите до пет пати поголеми количини пестициди од максимално дозволените количини.

Кај концентрати за супи, кај полномасно и обрано млеко, во прав, кај суво овошје и зеленчук и кај слични дехидрирани или сушени намирници што се трошат во разреден или реконструиран облик, толеранциите се испитуваат на обликот односно на состојбата во која намирницата се употребува за исхрана.

Член 6

Животните намирници што содржат остатоци од два или повеќе пестициди или нивни метаболити можат да се пуштаат во промет ако збирот на процентите на остатокот на секој пестицид и штетниот метаболит во однос на нивната толеранција не надминува 100%.

Животните намирници што содржат остатоци од два или повеќе пестициди или нивни метаболити, со познатото синергистичко дејство на зголемувањето на токсичноста врз топлокрвни организми не можат да се пуштаат во промет, без оглед на количините на пестицидите односно метаболитите што ги содржат.

Член 7

Животните намирници во сурова или полупреработена состојба што содржат остатоци на пестициди во количини поголеми од дозволените можат да се пуштаат во промет ако по соодветна обработка остатоците на пестицидите во тие намирници не ги надминуваат количините одредени во табелата од член 4 на овој правилник.

Намирниците од став 1 на овој член можат да се пуштаат во промет по соодветна обработка само ако со лабораториското испитување во некоја од овластените установи за испитување на пестицидите во животните намирници се утврди дека остатоците на пестицидите не ги надминуваат количините на пестицидите одредени во табелата од член 4 на овој правилник.

Член 8

Животните намирници во преработена состојба (готови производи) што содржат остатоци на пестициди во количини поголеми од дозволените се сметаат како штетни по здравјето на луѓето и не смеат да се пуштаат во промет за човечка исхрана.

Член 9

По исклучок од член 4 на овој правилник, до 31 декември 1974 година можат да се пуштаат во промет намирниците ако остатоците на пестицидите што ги содржат не надминуваат, и тоа:

Реден број	Хемиски назив	Максимално дозволена количина (толеранција) изразена во ППМ	
1	2	3	
1	ALDRIN и DIELDRIN	0,003	млеко
		0,125	производи од млеко (на содржина на маст)
		0,2	маст, месо и месни преработки (на содржина на маст)
		0,05	зеленчук

1	2	3	
2	DDT	0,05	млеко
		1,25	производи од млеко (на содржина на маст)
		5,0	маст, месо и производи од месо (на содржина на маст)
		0,5	јајца (сметано без лушпа)
		0,05	жита
		0,02	преработки од жита
3	FORAT	0,01	
4	HCH	0,005	млеко
		0,2	производи од млеко (на содржина на маст)
		0,5	месо, маст и месни преработки (на содржина на маст)
		0,05	јајца (сметано без лушпа)
		0,01	други намирници
5	HEPTAHLOR Epoxide	0,01	
6	HLORDAN	0,01	
7	ХЛОРЕФН-ВИНФОС	0,05	зеленчук
8	LINDAN	0,05	млеко
		1,25	производи од млеко (на содржина на маст)
		2,0	маст, месо и производи од месо (на содржина на маст)
		0,5	јајца (сметано без лушпа)

Член 10

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за максимално дозволените количини на пестициди во прехранбени продукти („Службен лист на СФРЈ", бр. 4/69 и 5/70).

Член 11

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 6-69
15 март 1973 година
Белград

Сојузен секретар
за труд и социјална политика,
Вуко Драгашевиќ, с. р.

ТАБЕЛА

ЗА МАКСИМАЛНО ДОЗВОЛЕНИТЕ КОЛИЧИНИ НА ПЕСТИЦИДИ ВО ЖИВОТНИТЕ НАМИРНИЦИ

Реден број	Хемиски назив	ХЕМИСКИ СОСТАВ	Максимално дозволена количина (толеранција) изразена во ППМ
1	2	3	4
1	ALDRIN	1, 2, 3, 4, 10, 10-heksahloro-1, 4, 4a, 5, 8, 8a-heksahidroegzo-1 4-endo-5, 8-dimetanonaftalina	без резидуи[1])
2	APROKARB (Propoksur)	2-Izopropoxy-phenyl-N-methyl-carbamat	0,01
3	AZINFOS Metil и etil	0,0-Dimethyl-S-(4-oxo-3H-1,2,3-benzotriazin-3-yl)-methyldithiophosphat	0,4
4	BENOMIL	METIL 1 (butil-karbamil)-2-benzimidazol karbamat	10 овошје 5 зеленчук
5	BINAPAKRIL	1,1 Dimetil-акрилен естер DNBP киселини	0,3
6	BROMOFOS	0-(4-brom-2,5-dihlor-fenil)-0,0-dimetilmonotio--fosfat	0,5 овошје 0,2 зеленчук и други намирници
7	ЦИНКОВ ФОСФИД	Цинкфосфид	без резидуи[1])
8	DAZOMET	3,5-Dimethyl-tetrahydro-2H-1, 3, 5-thidiazin-2-thion	0,01
9	DD	Dihlor propen и dihlor propilen	без резидуи[1])
10	DDT	1, 1, 1-trihlor-2, 2-bis (hlorfenil) etan	0,005 млеко 0,2 производи од млеко (на содржина на маст) 1,5 месо, маст и месни преработки (на содржина на маст) 0,1 јајца (сметано без лушпа) 1 други намирници

1	2	3	4
11	DEMETON METIL	смеса од 0,0-dimetil-0-2-(-etiltioetil) fosforotioat и 0-0-dimetil-C-(2-etiltioetil)-fosforotioat	0,4
12	DIAZINON	0-0-dietil-0-[-2-izopropil-4-metilpirimidil-(6)]--fosforotioat	0,5
13	DIELDRIN	1,2,3,4,10,10-heksahlor-6,7-epoksi-1,4,4a,5,6,8,8a--oktahidro-1,4,5,8-dimetanonaftalen(endo-ekso--izomer)difenil	без резидуи[1])
14	DIETOAT	N-monoethylamide-0,0 dimethyl-dithiophosphoryacetic acidum	0,5
15	DIFENIL	Difenil	30 агруми
16	DIHLORFLUANID	N-[(Dichlor-fluormethyl)-thio]-N',N'-dimethyl--N-phenyl-S-Diamid	2 +2 dimetilaminosulfanilid — јаготки 0,5+0,5 dimetilaminosulfanilid — друго овошје
17	DIKOFOL (KELTANE)	1,1,1-trihlor-2-hidroksi-2,2-bis(4-hlorfenil)-etan	0,5
18	DIHLORVOS	Dimetil-2,2-dihlorvinil-fosfat	2 жито 0,3 преработки од жито и од зеленчук 0,1 други намирници
19	DIMEFOKS	N,N,N',N'-tetrametilfosforodiamidski fluorid	0,1 хмељ
20	DIMETOAT	0,0-dimetil-(N-metilkarbamoil-metil)-fosforoditioat	1 маслинки за јадење 0,5 други намирници
21	DINOKAP	2-(metilheptil)-4,6-dinitrofenil krotonat	0,1
22	DINOSEB Dinosebacetat	2-(1-metil, propil)4,6 dinitrofenol	0,05
23	DIOKSAKARB	2-(1,3-dioxalan-2y1)phenyl-N-methyl-carbamat	0,2
24	DISULFOTON	0,0-Diäthiyl-S.(2-ätyl-thioäthyl)-dithio-phosphat	0,01
25	DITHIANON	1,4-Dithiaantrachinon-2,3-dicarbonithril	1
26	DNBP, DNC	2,4-Dinitro-6-sec. butyl-phenyl	0,05
27	DODINE	(Dodecil-gvanidin)-acetat	1
28	DYFONATE	0-etil-S-fenil etil fosfonoditionate	0,01
29	2,4—D	2,4 dihlorfenoksi оцетна киселина	0,05
30	ENDOSULFAN	6,7,8,9,10, 10-heksahlor-1,5,5a,6,9,9a-heksahidro-6,9--metano-2,4,3-benzo (e)-dioksatiepin-3-oksid	0,5
31	ENDRIN	1,2 3,4 10,10-Heksahlor-6,7-epoxy-1,4,4a,5,6,7,8,8a--octahydro-1,4-exo-5,8-exo-dimetanonaphtalin	без резидуи[1])
32	FENITROTION	0,0-dimetil-0(3--metil-4-nitro-fenil)-mono tiofosfat	0,2 домати 0,4 други намирници 0,002 млеко 0,5 производи од млеко (на содржина на маст) 0,03 маст, месо и месни преработки

1	2	3	4
33	FENKAPTON	0,0-dietil-(2,5-dihlorfenil-tiometil)-fosforotionat	1
34	FENTIN acetat i hidroksid	Trifenil kalajni acetat thn.	0,5
35	FENTION	0,0-dimetil-0-(4-metilmerkapto-3-metil-fenil)--tiofosfat	2 овошје 0,1 други намирници
36	FOLPET	N-(trihlor-metiltio)ftalimid	30 грозје 15 овошје 5 домати, јаготкн 2 зеленчук
37	FORAT	0,0-dietil-C-(etiltiometil)fosforotioat	без резидуи[1])
38	FORMOTION	0,0-dimetil-C-(3-metil-2,3-diokso-3-azabutil)--ditiofosfat	0,3
39	FOSFAMIDON	Dimetil-[1-metil-2-hlor-2(dietilkarbamoil)-vinil]--fosfat	0,5 јаболка, круши 0,1 други намерници
40	FOSFOROVODIK	PH_3	0,1 жито
41	HCH	1,2,3,4,5,6-heksahlorcikloheksan	без резидуи[1])
42	HCN	HCN	6 жито, свежо и суво о-вошје, сув зеленчук и печурки, зачини
43	HEPTAHLOR	1,4,5,6,7,8,8-heptahlor-3a,4,7,7a-tetrahidro-4,7--metanoinden	без резидуи[1])
44	HINOMETIONAT	6-metil-2 okso-1,3-ditiolo-[4,5-b] kinoksalin	0,05 овошје
45	IMIDAN	N-(merkatomethyl)phtalimide S-(0,0-dimetylpho-sphor-dithioate)	0,1
46	KAPTAN	N-(trihlormetiltio)-1,2,3,6-tetrahidroftalimid	15
47	KAPTAFOL	(N)-tetrachlorol,1,2,2-ethyltiotetra hydrotalamid	3
48	KARBARIL	1-naftil-N-metilkarbamat	5 овошје 0,2 компир
49	KELEVAN (Levulinat)	(1,3,4-Methenon-1N-ciklobuta(od)-pentalen-2-2--левулинска киселина 1,1a,3,3a,4,5,5,6-decachloro--octahydro-2-äthyl	0,01
50	HLORDAN	1,3,4,5,6,7,8,8-oktahlor-2,3a,4,7,7a-heksahidro--4,7-metanoinden	0,1
51	HLORFENAMIDIN	N,N-Dimethyl-N-(2-methyl-chlorfinil)-formami-din-hydrochlor	0,5
52	HLORFENSON	4-chlorfenil 4-hlorbenzol-sulfonat	0,01
53	HLORFENVINFOS	2-hlor-1-(2,4-dihlorfenil)-vinil-dietil fosfat	0,1
54	HLORPROPILAT	4,4-dichlorbenzilacidum-izopropilester	0,5
55	LINDAN	gama-1,2,3,4,5,6,-heksahlorcikloheksan	0,005 млеко 0,2 производи од млеко (на содржина на маст) 0,5 месо, маст и месни преработки (на содржина на маст)

1	2	3	4
			0,05 јајца (сметано без лушпа) 0,1 жито 0,3 производи од жита 1 други намирници
56	LINURON	3-(3,4-dihlor-fenil)-1-metoksi-1-metilurea	0,1 зеленчук
57	MALATION	0,0-dimetil-C. [1,2-bis-(karbetoksi)-etil]--fosforoditioat	3 жито 1 производи од жито 0,5 други намирници
58	MANEB	Mangan [-N,N'-äthylen-bis-(dithiocarbamat)-]	3 овошје, зеленчук
59	MANCOZEB	Комплекс цинк и манеб (содржи 20% манган и 2,5% цинк)	1 овошје, зеленчук
60	METAM	Natrijum-N metil-ditiokarbamat	без резидуи[1])
61	METIDATION	0,0-dimetil-C-[2-metoksi-1,3,4-tiadiazol-5-(4H--onil-4)-4-metil]-ditiofosfat	0,1
62	METILBROMID	Monobrom-metan	50 жито и производи од жито (сметано на бром) 30 суво овошје и агруми (сметано на бром)
63	MEVINFOS	0-(2-metoksikarbonil-1-metil-vinil)-0,0-dimetil--fosfat	0,1
64	MONOKROTOFOS	0,0-dimetil-(3-hidroksi-N-Metil-ciskrotoamid) fosfat	0,1
65	MCPA	(4-hlor-2-metil-fenoksi) — оцетна киселина	0,05
66	MCPP (Mekoprop)	2-(4-hlor-2-metil-fen oksi) — пропионска киселина	0,05
67	NALED	Dimetil-1,2-dibromo-2,2-dihloretilfosfat	0,5
68	OLOVNI ARSENAT		без резидуи[1]) (не сметајќи ја природната содржина на арсен во намирницата)
69	PARATION etil и metil (заедно)	0,0-diäthyl-0-(4-nitrophenyl)-thiophosphat	0,5
70	PIPERONIL-BUTOKSID	5-2-(2-butoksi-etoksi)-etoksimetil-6-propil-1,3--benzo-dioksil.	20 жита 8 преработки од жита, овошје, зеленчук
71	PIRETRIN	Piretrin I и Piretrin II (cinerin I и cinerin II)	3 жита 1 преработки од жита, овошје, зеленчук
72	PROTOAT	Dietil S-(N-izopropil-karbamoil-metil) fosforotiviotionat	0,1
73	СРЕДСТВА ВРЗ БАЗА НА БАКАР		15 сметано како бакар
74	СРЕДСТВА ВРЗ БАЗА НА СУЛФУР		50 сметано како сулфур

1	2	3	4
75	СРЕДСТВА ВРЗ БАЗА НА ЖИВА		без резидуи[1]) (не сметајќи ја природната содржина на жива во намирниците)
76	TCA	Natrium trihloracetat	0,01
77	TETRADIFON		1
78	TETRAHLOR-VINFOS	Cis izomer (хлоро и фосфатна група додадена) 2-hloro-1-(2,4,5-trihlorfenil)vinil dimetil fosfat	1
79	TETRASUL	2,4,5,4-Tetrachlor-diphenilsulfit	0,01
80	TIOMETON	0,0-dimetil-(2-etiltioetil)-fosforoditioat	0,5
81	TMTD (Tiram)	Tetrametiltiuramdisulfid	3
82	TOKSAFEN	Хлориран камфен	0,4
83	TRIAZINI	2-hlor-6-etilamino-4-izopropil amino-1,3,5-triazin	0,05
84	TRIHLORFON	0,0-dimetil-(2,2,2-trihlor-1-hidroksietil)-fosfonat	0,5
85	ZINEB	Cink-etilen-bis (ditiokarbamat)	3
86	ZIRAM	Cink-dimetilditiokarbamat	3
87	2,4,5—T	(2, 4, 5-trihlor-fenoksi) — оцетна киселина	без резидуи[1])

[1]) Без резидуи што можат да се докажат со постојните методи

225.

Врз основа на член 32 став 4 од Законот за воените инвалиди („Службен лист на СФРЈ", бр. 67/72), сојузниот секретар за труд и социјална политика пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА МЕДИЦИНСКИТЕ ИНДИКАЦИИ ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ВОЕНИТЕ ИНВАЛИДИ ОД I ДО IV ГРУПА СПОРЕД СТЕПЕНОТ НА ПОТРЕБАТА ЗА НЕГА И ПОМОШ ОД СТРАНА НА ДРУГО ЛИЦЕ И ГРУПАТА НА ВОЕНИОТ ИНВАЛИДИТЕТ

Член 1

Во прв степен на додаток за нега и помош од страна на друго лице се распоредуваат воените инвалиди од I група кај кои постои телесно оштетување предвидено во Листата на процентите на воениот инвалидитет, која е составен дел на Упатството за утврдување на процентот на воениот инвалидитет („Службен лист на СФРЈ", бр. 18/73), и тоа во:

точка 83 — Ексартикулација на обете раце во раминьата,

„ 143 — Обострана ексартикулација во колкот,

„ 145 — Обострана парализа на лумбосакралниот плексус,

„ 169 — Клинички утврдена епилепсија настаната поради повреда или болест кога нападите се мошне чести, еднаш или повеќе пати дневно, со трајни психички промени кои тешко го компромитираат социјалното обносување било поради растројувања во интелигенцијата било поради карактерни растројувања,

„ 182 — Најтежок случај на булбарна парализа,

„ 190 — Паркинсонизам во најтежок степен,

„ 197 — Консолидирани фрактури на 'рбетот, со флакцидна параплегија или со спастична параплегија во флексија, со трајна неподвижност и врзаност за постела,

„ 198 — Консолидирани фрактури на цервикалниот дел на 'рбетот, со лезија на цервикалната медула и со паретични појави на горните и долните екстремитети, кога е неподвижен и не може да се служи со рацете,

„ 199 — Церебрален атактичен синдром по траумата кај неможност за движење поради атаксија,

„ 200 — Полиневритичен синдром во најтежок облик, со тешко оштетување на мотолитетот, со атрофија, со тешки трофични пречки и со потполна фатеност на екстремитетите, и да е наполно неподвижен.

По исклучок од одредбата на став 1 од овој член, во прв степен на додаток за нега и помош од страна на друго лице можат да се распоредат и воените инвалиди од I група кај кои, покрај телесните оштетувања од член 2 на овој правилник, постојат и други телесни оштетувања (обострана ампутација на екстремитети, ексартикулација на нога во колкот, дешенција, прогресивна раширена активна туберкулоза со развиена кахексија и со други тешки компликации и сл.), кои воениот инвалид го прават неспособен за вршење на сите основни животни потреби па бараат непрекината нега и помош од страна на друго лице.

Член 2

Во втор степен на додаток за нега и помош од страна на друго лице се распоредуваат воените инвалиди од I група кај кои постои кое и да било

телесно оштетување од Листата на процентите на воениот инвалидитет, што не е опфатено со член 1 став 1 на овој правилник.

Член 3

Воените инвалиди од II, III и IV група, кај кои независно од воениот инвалидитет настапило телесно оштетување кое според Упатството за утврдување на процентот на воениот инвалидитет повлекува инвалидитет од 100% со додаток, се распоредуваат, и тоа:

1) во втор степен на додаток за нега и помош од страна на друго лице — кога телесното оштетување е опфатено со член 1 на овој правилник;

2) во трет степен на додаток за нега и помош од страна на друго лице — кога телесното оштетување е опфатено со член 2 на овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 7-1487/73
22 март 1973 година
Белград

Заменик-сојузен секретар за труд и социјална политика,
Абдурахим Жури, с. р.

226.

Врз основа на член 44 став 4 од Законот за воените инвалиди („Службен лист на СФРЈ", бр. 67/72), сојузниот секретар за труд и социјална политика пропишува

ПРАВИЛНИК
ЗА СНАБДУВАЊЕТО НА ВОЕНИТЕ ИНВАЛИДИ СО ПРОТЕЗИ, ОРТОПЕДСКИ И ДРУГИ ПОМАГАЛА, СО ПОМОШНИ И САНИТАРНИ СПРАВИ

I. Општи одредби

Член 1

Снабдувањето на воените инвалиди и на децата што имаат право на здравствена заштита според Законот за воените инвалиди (во понатамошниот текст: корисниците) со протези, ортопедски, очни и други помагала, со забопротетички средства и со помошни и санитарни справи (во понатамошниот текст: помагалата) на товар на средствата за здравствена заштита на воените инвалиди, се врши според индикациите, роковите на траењето и постапката кои се предвидени со овој правилник.

II. Протези

Член 2

Протеза му припаѓа на корисник на кого му недостига дел или цел горен односно долен екстремитет.

Зависно од медицинските и техничките индикации при ампутацијата на горните екстремитети, на корисникот можат да му се дадат механички, електронски или пнеуматички протетички средства.

Со протезата за горниот екстремитет на корисникот му припаѓа и естетска нараквица, а со механичката протеза за горниот екстремитет — и вештачка механичка шака со естетска нараквица и функционална фаќалка. Наместо функционална фаќалка, на корисникот, на негово барање, може да му се дадат работни продолжетоци.

На корисникот на кој му е ампутиран долен екстремитет му припаѓаат и: протеза за капење, рало чевли со вградена влошка за здравата нога, стап, патерици, рало артикулациони гуми, резервна гарнитура на ремени и ключ.

На корисникот на кого му е ампутиран долен екстремитет му припаѓа и уред за безбедно ракување со моторно возило, кој може да биде механички или автоматски (саксомат).

Со протезата за горниот или долниот екстремитет, на корисникот му припаѓа и чорап за чкунката, кој ги исполнува медицинско-техничките услови.

III. Ортопедски и специјални обувки

Член 3

Ортопедски обувки му припаѓаат на корисник што:

1) има нога покуса за повеќе од 2,5 cm, без оглед дали скусувањето е привидно или фактично;

2) има посилно деформиран скочен зглоб или стапало поради исколчување, прелом или коскени израстоци од поголеми размери, вклучувајќи го и чукелот (Hallux valgus), ако обувките мораат да се изработат по гипсен отпечаток;

3) има вкочанет скочен зглоб (анкилоза);

4) има петно стапало (Pes calcaneus);

5) има коњско стапало (Pes equinus);

6) има завртено стапало (Pes equino-varus);

7) има внатрешна деформација на стапалото (Pes varus adductus);

8) има изразито трофични промени на стапалата;

9) боледува од елефантијаза;

10) има паралитично или паратично стопало;

11) има excavatus на стапалата од јак степен вроден или невроден;

12) има superductus на палецот или на друг прст на стапалото;

13) нема најмалку три прста или палец на едно или на обете стапала;

14) има апарат во врска со обувките;

15) има извртено стапало (Pes plano-valgus).

Член 4

Специјална обувка, со гумена влошка наместо врвка, му припаѓа на корисник:

1) на кого му е ампутирана една нога;

2) на кого му е ампутирана рака над рачниот зглоб, или на кого му се оштетени прстите (најмалку три, меѓу нив палецот или показалецот) на една рака, така што со неа да не може да се служи;

3) на кого му се наполно одземени два или три главни нерва од иста рака (Nn Radialis, Medianus, Ulnaris);

4) на кого му е вкочанет лактот на една рака под агол поголем од 90°, сметајќи ја неутралната положба од 0°;

5) на кого му е вкочанет колкот, коленото или 'рбетниот столб во толкав степен што да не може да го обуе чевелот ((ankylosis genu, ankylosis coxae. ankylosis lumbalis col. vertebralis);

6) кој е слеп.

IV. Инвалидска количка

Член 5

Инвалидска количка (теренска или собна) му припаѓа на корисник:

1) на кого му се ампутирани двете нозе над или под колената, или му е ампутирана едната нога над а другата под коленото;

2) на кого му е ампутирана една нога, а поради прогресивно заболување или предвидено влошување на состојбата на другата нога не може да се изврши протетирање ниту да се овозможи одење;

3) на кого му се ампутирани една нога и една рака;

4) на кого му се наполно одземени долните екстремитети, па и покрај апаратот поголем дел од времето поминува во количка;

5) кој има тешки деформативни или воспалителни процеси на големите зглобови од долните екстремитети, како и во случај на политраума;

6) на кого му се наполно истострано одземени рацете и нозете, а оспособување за стоење не е индикувано од други медицински причини (срцеви заболувања и сл.).

На корисникот на кој му е повреден или заболен 'рбетниот столб со резултирачка квадриплегија, му припаѓа инвалидска количка на електричен погон.

Корисникот кој не го користи правото на моторно возило од член 59 став 1 на Законот за воените инвалиди има право на количка со вграден електричен мотор.

Член 6

Апарати за горните и долните екстремитети, вклучувајќи ги и електронските и пнеуматските апарати, појасите, суспензориумите, корсетите, мидерии ортопедските влошки (ортотички помагала), му припаѓаат на корисник на кого му се потребни заради овозможување на потпир, спречување на деформитети, коригирање на постојните деформитети и контролирање на неволните движења.

V. Санитарни справи и други помагала

Член 7

Санитарни справи и други помагала му припаѓаат на корисникот, и тоа:

1) кесе за моч (урин рецептор) — на корисник кај кого со современи методи на лекување не може да му се регулира волното празнење на мочниот меур;

2) појас со кесе за измет — на корисник на кого цревото му се празни по пат на вештачки отвор на стомачниот ѕид;

3) ноќен сад (гуска, лопата) — корисник кој е неподвижен или поради болест лежи во постела подолго од 3 месеци;

4) шприц за инјекции од 2 сс со 12 игли — на корисник кој боледува од шеќерна болест, ако е индикувано давање на инсулин;

5) цевна плукалница — на корисник кој боледува од туберкулоза на белите дробови;

6) ендотрахијална канила, 2 парчиња — на корисник кај кого е извршена трахеотомија;

7) постојан Foley-катетер, 6 парчиња — на корисник кај кого е оневозможено празнењето на мочниот меур со слободна дренажа;

8) гумирана подлошка за постела — на корисник кој лежи во постела, а кај кого постои уринална или фекална инконтиненција;

9) гумено перниче или гумено тркало — на корисник што поради заболување или повреда лежи во постела подолго од 2 месеца, а постои опасност да заболи од декубитус;

10 жима-душек — на корисник на кого му е оштетен 'рбетниот столб или 'рбетниот мозок, а постои опасност да заболи од декубитус;

11) распрскувач и инхалатор — на корисник што боледува од долготрајни респираторни заболувања, со непрекинати тегоби во дишењето;

12) гумено црево и инка за вештачка исхрана — на корисник што се храни по вештачки пат преку отвор на ѕидот на желудникот;

13) специјален кревет со потребна опрема — на корисник што има прелом на 'рбетниот столб, со резултирачка параплегија и квадриплегија;

14) магнетофон, часовник и стап — на корисник што е слеп.

Член 8

Апарат за зајакнување на слухот му припаѓа на корисник што има обострана загуба на слухот за повеќе од 40 децибели и кој не може да му се поправи со лекување, и на корисник на кој му е признаено инвалидско својство по основ на загуба на слухот.

Член 9

Средства на естетска реставрација (вештачки нос, ушна школка, перика, дел од лицето, вештачка боска и др.) му припаѓаат на корисник кај кого постои определен дефект на лицето или главата, ако пластичната хирургија не е индукувана или не е во можност да го коригира постојниот дефект.

VI. Очни помагала

Член 10

На корисникот му припаѓаат следните очни помагала:

а) очила со следните видови стакла:

1) корекциони стакла за корекција на аметропијата и пресбиопијата;

2) контактни стакла, и тоа само ако е во прашање кератоконус;

3) бифокални стакла, и тоа само тогаш кога тие со оглед на медицинската индикација и занимањето на корисникот се неопходно потребни, и кога разликата помеѓу стаклото за близина и стаклото за далечина изнесува најмалку 1,5 диоптрии;

б) темни очила:

1) без диоптрија:

— при нагрдување на надворешните делови на окото — капаците (енгропиум, ектропиум од поголем степен, енофталмус, корнеосимблефарон);

— при кератоконјуктивит фликтенулозен (кога е зафатена рожницата), по перманентно лекување од најмалку еден месец или кога таквото заболување рецидивира;

— при заболување на предниот сегмент на окото: пареанхиматозни кератити, склерозни кератити, херпетични (дисциформни, дентрични) кератити, иридит иридоциклити, кое трае повеќе од два месеца, ако не е потребно носење завои;

— при заболување на очното дно и очниот нерв: хориоидит, хориоретинит, ретинит, неврит, невроретинит, atrofia incompleta nervi optici, ако не е саниран процесот;

— по интраокуларни операции (катаракта, глауком), вадење на туѓо тело од окото, ако дошло до компликации по операцијата (иритис), до хеморагија во стаклестото тело;

2) со заштита отстрана односно со оклузија — вметнување потребен додаток на обични темни очила, при аблација на ретината и при пролетен катар;

3) со стенопеичен отвор со приспособување на обични очила, при аблација на ретината и хеморагија во стаклестото тело.

Лицата кои носат очила со диоптрии, а по природата на болеста треба да носат и темни очила, добиваат и наметала од темно стакло;

в) очни протези од пластична маса при енофталмус, односно лушпести — кога не е потребно да се врши енуклеација;

г) темни очни преврски, при нагрдување на окото;

д) влажна комора, при оштетување на окото со намалена функција на солзните жлезди.

Очните помагала од став 1 под а) и б) на овој член им припаѓаат на сите уживатели на семејна инвалиднина.

VII. Други помагала

Член 11

Соодветни кожени нараквици му припаѓаат на корисникот:

1) на кој наполно му се фатени најмалку два или три главни нерви на иста рака (Nn Radialis, Ulnaris, Medianus);

2) на кој му е фатен бронхијалниот плексус на една рака, така што прстите од таа рака да не може да ги употребува;

3) на кој му се ампутирани најмалку два прста од една шака;

4) на кој прстите му се деформирани така што да не може да носи обични нараквици;

5) на кој му е ампутиран или фатен еден или обата долни екстремитети, ако мора да користи патерици или стапови, без оглед дали носи протеза или апарат за нога;

6) кој на шаките има трофични промени или потешко васкуларно оболение со промени на прстите;

7) на кој поради анкилоза на големите зглобови на долните екстремитети му е потребна употреба на патерица или стапови;

8) кој е слеп;

9) кој има анкилоза или контрактура на лактот до 90°.

Нараквиците се поставаат со крзно во случаите од точ. 1, 2 и 7, а со фланел во случаите од точ. 3, 4, 5, 6, 8 и 9 на став 1 од овој член.

Член 12

Кожена капа или шубара му припаѓа на корисникот:

1) кој има дефект на череповата коска;

2) кој е слеп;

3) кој боледува од епилепсија.

Член 13

Кожен елек или волнен џемпер му припаѓа на корисникот:

1) на кој поради боледување или повреда на 'рбетниот столб му е признаено својство на инвалид од I или II група;

2) на кој поради боледување на белите дробови му е признаено својство на инвалид од I или II група.

Член 14

Гумен чорап натколеница или доколеница му припаѓа на корисникот кој има.

1) проширени вени на нозете;

2) изразени отоци на нозете, а гумениот чорап не е контраиндикуван.

Гумено чорапче за скочен зглоб му припаѓа на корисникот кој има:

1) лабав скочен зглоб;

2) хроничен посттрауматски и деформирачки артритис на скочниот зглоб.

Гумена коленица му припаѓа на корисникот кој има:

1) лабав коленен зглоб;

2) хроничен посттрауматски и деформирачки артритис на колената.

Гумениот чорап, гуменото чорапче за скочен зглоб и гумената коленица можат да се заменат со еластичен завој.

По ампутација или реампутација на горниот односно долниот екстремитет, на корисникот му припаѓа еластичен завој во фазата на подготвување на чкунката за протеза. При ампутација на натколеницата, на корисникот му припаѓаат три парчиња еластични завои, а при другите ампутации — две парчиња еластични завои.

Со протезата за долен екстремитет, на корисникот-жена ѝ припаѓа едно рало естетски чорапи.

VIII. Забопротетични средства

Член 15

Забопротетичните средства, во смисла на овој правилник, ги опфаќаат:

1) сите видови крунички, вклучувајќи ги и леаните пломби (инлај):

— ако е деструирана круната на забот, а не е доволно само пломбирање:

— ако тоа го бара положбата на забот;

— заради регулирање на височината на загризувањето;

— за заби — носачи на неподвижни протези;

— за заби — носачи на кукички (по потреба);

2) подвижните и неподвижните протези;

3) оптураторите;

4) шините кај парадентопатијата;

5) ортопедско-ортодонтските помагала.

Член 16

Изработка на подвижни протези и изработка на неподвижни протези (мостови) се врши во сите случаи на недостатоци на заби, освен:

1) неподвижна протеза — кога недостига по еден заб во пределот на моларите или предмоларите, ако не е во прашање првиот предмолар;

2) подвижна протеза — кога недостигаат крајните два молари (едностранo или обострано во една вилица или во двете вилици) или кога недостига по еден заб во пределот на моларите и предмоларите;

3) приврзок со гризна површина, приврзок заради надомест на молар или приврзок наназад — ако не е во прашање недостаток на латерален секач.

Член 17

Ако на корисникот му недостигаат повеќе од три заба еден до друг, се изработува, по правило, подвижна протеза.

Ако на корисникот му недостигаат повеќе од три заба еден до друг, може да се изработи неподвижна протеза кога растојанието и големината на лакот го дозволуваат тоа. Мост може да се изработи и кога недостигаат четири секачи.

Како носач на неподвижна протеза може да се употреби и умник, ако е достаточно цврст и стабилен и ако обезбедува носење на таква протеза во предвидениот рок на траење.

Член 18

Привремена и имедијатна протеза му се изработува на корисникот на кој таа му е потребна со оглед на вршењето на неговото занимање, како и заради спречување влошување на општата здравствена состојба.

Член 19

Како стандарден материјал од кој можат да се изработуваат забопротетични средства се сметаат:

1) за изработка на крунички и неподвижни протези — полублагородна легура (ауропал, паладор и сл.) и акрилат;

2) за изработка на забни фасети — акрилат и порцелан;

3) за изработка на протези — акрилат, каучук и полублагородна легура;

4) за изработка на скелетни протези — легура на хромкобалтмолибден и др.

IX. Рокови на траењето на помагалата

Член 20

Рокот на траењето на помагалата предвиден со овој правилник изнесува, и тоа за:

1) протези за горните екстремитети:	
— од метал и од пластична маса	2 години
— од кожа	2 години
— првата пробна протеза	1 година
2) протези за долните екстремитети:	
— од метал и од пластична маса	2 години
— од дрво и кожа	18 месеци
— првата пробна протеза	1 година
— протеза за капење	5 години
3) ортопедски обувки	6 месеци
4) специјални обувки	8 месеци
5) обични обувки	8 месеци
6) инвалидска количка	4 години
7) кожена капа	4 години
8) кожен елек и волнен џемпер	4 години
9) апарат за зајакнување на слухот	5 години
10) естетски нараквици	6 месеци
11) кожени нараквици поставени со крзно	3 години
12) кожени нараквици поставени со фланел	1 година
13) гумени чорапи, чорапчиња и коленици	1 година
14) еластичен завој — 3 парчиња при ампутација на натколеницата, а 2 парчиња при други ампутации	1 година
15) утега, суспензориум и појас	1 година
16) ортопедски влошки	8 месеци
17) стапови и патерици (со два рала гуми):	
— ако инвалидот носи протеза	2 години
— ако инвалидот не носи протеза	10 месеци
18) ќесе за моч (3 парчиња)	1 година
19) појас со ќесе за измет	8 месеци
20) ноќен сад	3 години
21) шприц за инјекции	1 година
22) џебна плукалница	3 години
23) ендотрахеална канила	1 година
24) постојан катетер (6 парчиња)	1 година
25) гумена подлошка за постелина	1 година
26) гумено перниче или тркало	2 години
27) жима-душек	3 години
28) распрснувач и инхалатор	1 година
29) гумено црево и инка за вештачка исхрана (4 парчиња)	1 година
30) круничка на забите носачи на парцијалните протези	3 години
31) крунички од акрилат	2 години
32) парцијална протеза од акрилат	3 години
33) тотална протеза од акрилат	5 години
34) протеза со метална плоча	5 години
35) привремена и имедијатна тотална протеза	2 години
36) привремена и имедијатна парцијална протеза	1 година
37) целулоидна армирана рамка за очила	4 години
38) метална рамка за очила	3 години
39) корекциони стакла	3 години
40) контактни стакла	4 години
41) темни очила без диоптрија	3 години
42) темни очила при нагрденост	3 години
43) наметало од темно стакло	3 години
44) влажна комора	3 години
45) очни протези од пластична маса	3 години
46) темни преврски (2 парчиња)	1 година
47) навлака за чкунка (10 парчиња)	1 година
48) апарати за горните екстремитети	3 години
49) апарати за долните екстремитети	2 години
50) магнетофон	7 години
51) специјален кревет	10 години
52) часовник за слепи	10 години
53) уред за управување со возило:	
— автоматски (саксомат)	5 години
— механички	3 години

Роковите на траењето на помагала наведени во став 1 од овој член, почнуваат да течат од денот на извршената порачка на односното помагало.

Член 21

Нови протетични и ортотички средства, апарати за зајакнување на слухот и инвалидска количка корисникот добива по истекот на пропишаниот рок на траење на порано добиените средства, апарати односно количка само ако тие средства, апарати и колички се дотраени, функционално не одговараат или поради оштетување станале неупотребливи.

Како дотраени, функционално несоодветни или поради оштетување неупотребливи се сметаат оние средства, апарати и колички што ќе ги одреди комисијата од член 28 на овој правилник.

Член 22

Пред истекот на рокот на траењето на помагалата предвидени со овој правилник, освен чевлите, на товар на средствата за здравствена заштита на воените инвалиди ќе се изработи ново помагало односно ќе се поправи веќе даденото помагало, ако неупотребливоста на помагалото настанала поради анатомски или функционални промени на корисникот односно, по истекот на гарантниот рок, поради неиздржливост на материјалот од кој е направено.

Пред истекот на рокот на траењето на протезата, лежиштето на протезата може да се измени ако настанала значителна атрофија на чкунката, та поради тоа корисникот мора да носи три чорапи или повеќе чорапи за чкунка, а може да се изврши и поправка на протезата или на апаратот ако нивната неупотребливост настанала поради ненамерен дефект.

Член 23

Постапка за добивање помагало, за замена на помагало пред или по утврдениот рок, како и за поправка на помагалото ќе поведе општинскиот орган на управата надлежен за работите на борците и воените инвалиди, на барање на корисникот.

X. Постапка за добивање помагала

Член 24

По применото барање, надлежниот општински орган на управата од член 23 на овој правилник го упатува корисникот на лекар од соодветна специјалност заради преглед и давање наод и мислење за потребата од помагало и за видот на помагалото.

Член 25

Врз основа на решението со кое е утврдено дека на корисникот му припаѓа право на помагало надлежниот општински орган на управата му издава налог на производителот за изработка на помагалото односно на трговската организација на здружениот труд за купување на помагалото.

Член 26

Применият налог производителот ѝ го доставува на комисијата, која му издава работен налог на производителот во кој ги наведува сите елементи потребни за изработка на одреденото помагало. При тоа комисијата е должна да се придржува кон методите и искуствата постигнати на полето на протетиката и ортотетиката

Работниот налог на комисијата се смета како составен дел на налогот што го издава надлежниот општински орган на управата.

Член 27

Комисијата од член 26 на овој правилник ја формира надлежниот републички односно покраински орган на управата

Комисијата ја сочинуваат четири члена, од кои двајца се лекари (ортопед и физиотерапеут), еден мајстор — протетичар и еден претставник на Сојузот на здруженијата на борците на Народноослободителната војна на Југославија од редот на инвалидите.

Член на комисијата не може да биде лице што е во работен однос со производителот.

За својата работа комисијата води дневник.

Комисијата работи во работните простории што ќе ѝ ги обезбеди производителот.

Комисијата врши и стручна контрола на изработката на помагалата што се изработуваат по мера.

Член 28

По изработката на помагалото производителот го повикува корисникот на проба.

Пробата на помагалото се врши пред комисијата од член 26 односно 27 на овој правилник и пред претставник на производителот.

Кога тоа е потребно, приспособувањето за носење на протезата се врши во посебна здравствена организација на здружениот труд.

Комисијата утврдува дека помагалото е изработено стручно, квалитетно и функционално и дека му одговара на корисникот.

Член 29

Кога комисијата ќе утврди дека помагалото е изработено стручно квалитетно и функционално, производителот на помагалото го втиснува својот жиг со денот на изработката и му го испорачува на корисникот.

Отпечатокот на жигот кој се втиснува на помагалото мора да биде долготраен.

Член 30

Набавката на посложените помагала (протези и апарати за горните и долните екстремитети) што се изработуваат по мера се врши кај организацијата на здружениот труд специјализирана за изработка на помагалата што корисникот сам ќе ја избере, а со која еден од надлежните републички односно покраински органи склучил договор за изработка на помагалата за корисниците.

Набавката на другите помагала што се изработуваат по мера се врши кај организацијата на здружениот труд што ќе ја одреди надлежниот републички односно покраински орган на управата.

Договор за изработка на помагалата од ст. 1 и 2 на овој член може да се склучи со организацијата на здружениот труд што го исполнува минимумот на медицински и технички услови што ќе ги утврди Сојузниот секретаријат за труд и социјална политика.

Член 31

Набавката на помагалата што не се изработуваат по мера (специјални обувки, кожени наракви-ци, кожени капи, кожен елек или волнен џемпер и др.), потоа на очни, забопротетични, помошни и други помагала, се врши во трговската организација на здружениот труд со која надлежниот општински орган на управата од член 23 на овој правилник склучил договор односно во здравствената организација на здружениот труд на начин и по постапка што за осигурените лица се предвидени според прописите за здравственото осигурување.

За помагалата наведени во листата на помагалата што не се изработуваат по мера за кои на корисникот му се дава паушален надоместок, на корисникот му се дава паушален надоместок во височина што ќе ја одреди надлежниот општински орган на управата а кој не може да го надмине износот одреден во таа листа Листата на помагалата што не се изработуваат по мера за кои на корисникот му се дава паушален надоместок е отпечатена кон овој правилник и е негов составен дел.

Член 32

Дека помагалото (протеза, ортотично средство, апарат за зајакнување на слухот, и инвалидска количка) е дотраено, дека функционално не одговара и дека поради оштетување станало неупотребливо — утврдува комисијата од член 26 односно 27 на овој правилник.

Комисијата утврдува и дека пред истекот на рокот на траењето на помагалото настапиле анатомски и функционални промени односно неупотребливост на помагалото поради неиздржливост на материјалот или поради неволен дефект.

Член 33

Набавката на помагалата во странство се врши под условите и по постапката што се пропишани за упатување на лекување во странство на корисникот на здравствена заштита според Законот за воените инвалиди.

XI. Преодни и завршни одредби

Член 34

Договорот склучен помеѓу републичкиот односно покраинскиот орган на управата надлежен за боречко-инвалидската заштита и производителот содржи особено одредби: за квалитетот, за гарантните рокови и за обврските на производителот во случај на дефект или неупотребливост на помагалото пред истекот на гарантниот рок на помагалото (ако до тоа дошло без кривица на корисникот) и за протетичните и ортотичните помагала за кои е задолжен сервисот.

Член 35

Исплатата на трошоците настанати во врска со снабдувањето на корисниците со помагалата ја врши надлежниот општински орган на управата од член 23 на овој правилник.

Исплатата на сметките за изработка или поправка на помагалата која паѓа врз товар на средствата за здравствена заштита на воените инвалиди може да се изврши само ако кон сметката е приложена и копија од налогот издаден и заверен од страна на комисијата (чл. 26 и 27), дека помагалото е изработено стручно, квалитетно и функционално и дека му одговара на корисникот и дека е испорачано во договорениот рок.

Член 36

Надлежниот општински орган на управата (член 27) води евиденција за корисниците на помагалата на образецот кој е отпечатен кон овој правилник и е негов составен дел.

Член 37

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престануваат да важат Правилникот за индикациите и за роковите на траењето на протезите, на ортопедските и другите помагала и на санитарните справи за воените инвалиди од војните („Службен лист на СФРЈ", бр. 33/70), како и одредбите од Правилникот за снабдување на воените инвалиди од војните со протези, ортопедски и други помагала, помошни и санитарни справи („Службен лист на СФРЈ", бр. 24/63), што се однесуваат на постапката, контролата и начинот на добивање на помагалата.

Член 38

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 7-1747/73
27 март 1973 година
Белград

Заменик-сојузен секретар за труд и социјална политика,
Абдурахим Жури, с. р.

ЛИСТА

НА ПОМАГАЛАТА ШТО НЕ СЕ ИЗРАБОТУВААТ ПО МЕРА ЗА КОИ НА КОРИСНИКОТ МУ СЕ ДАВА ПАУШАЛЕН НАДОМЕСТОК

Реден број	Назив на помагалото	Паушален надоместок
1	Обични чевли	250
2	Специјални чевли	300
3	Кожена шапка или шубара	200
4	Кожен елек или волнен џемпер	300
5	Кожени нараквици поставени со крзно	200
6	Кожени нараквици поставени со фланел	150
7	Еластична обвивка	30
8	Стап	50
9	Ноќен сад	50
10	Шприц 10 кубици	250
11	Џебни плувалници	50
12	Гумирана подметка за постела	150
13	Гумена перница или тркало	50
14	Гумен душек	400
15	Темни очила	150
16	Часовник за слепи	500
17	Перика	500

ЕВИДЕНЦИЈА ЗА КОРИСНИЦИТЕ НА ПОМАГАЛА

1. Име и презиме на корисникот ————————
2. Место на престојот (улица и број) ————————
3. Број и датум на решението со кое е признаено правото на помагало ————————
4. Кое помагало користи ————————

Реден број	Назив на помагалото	Ден на извршувањето на порачката	Број и датум на налогот за исплата	Реден број	Назив на помагалото	Ден на извршувањето на порачката	Број и датум на налогот за исплата

227.

Врз основа на член 78 став 4 од Законот за воените инвалиди („Службен лист на СФРЈ", бр. 67/72), сојузниот секретар за труд и социјална политика пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА ЛЕКУВАЊЕ НА ВОЕНИТЕ ИНВАЛИДИ ВО ПРИРОДНИ ЛЕКУВАЛИШТА

I. Основни одредби

Член 1

Воените инвалиди (во понатамошниот текст: инвалидите) го остваруваат лекувањето во природни лекувалишта под условите и по постапката што се пропишани со овој правилник.

Лекувањето во природно лекувалиште е дополнителен вид лекување.

Член 2

Инвалидите се упатуваат во природни лекувалишта на лекување ако според медицинските индикации таквото лекување е неопходно.

Предлог за упатување на инвалид во природно лекувалиште заради лекување на одредена болест се дава само ако инвалидот во текот на последната година е лекуван од таа болест медикаментозно, оперативно, диететски или со физикална терапија.

Член 3

Надлежниот општински орган на управата го упатува инвалидот на лекување во природното лекувалиште што го одредила лекарската комисија.

Член 4

Ивалидот што прима додаток за нега и помош од страна на друго лице, а кој се упатува на лекување во природно лекувалиште има право на придружник на кој му се обезбедува целосно сместување и исхрана за време додека инвалидот се наоѓа на лекување.

Другите инвалиди за време на престојот во природното лекувалиште имаат право на придружник само ако лекарската комисија утврди дека вкупната неспособност на инвалидот во времето на одобрувањето на лекувањето во природното лекувалиште е еднаква на неспособноста на инвалидот кој прима додаток за нега и помош од страна на друго лице.

Лекарската комисија може на инвалидот да му одреди придружник само за време на одењето на лекување и на враќањето од лекување и кога не е во прашање инвалид од ст. 1 и 2 на овој член.

II. Медицински индикации за лекување, траење на лекувањето и постапка за упатување на лекување

Член 5

Ќе се смета дека во смисла на овој правилник постојат медицински индикации за лекување во природно лекувалиште ако се утврди дека инвалидот боледува од некоја од болестите наведени како индикација во Листата на индикациите и контраиндикациите за лекување во природни лекувалишта (во понатамошниот текст: Листата).

Листата е отпечатена кон овој правилник и е негов составен дел.

Член 6

Лекувањето во природно лекувалиште според одредбите на овој правилник трае, по правило, 21 ден, а може да се одобри и подолго лекување, но не подолго од 42 дена.

Должината на траењето на лекувањето во природно лекувалиште ја одредува лекарската комисија на предлог од ординирачкиот лекар или од здрав-

ствената организација на здружениот труд кај која се лекува инвалидот.

Лекувањето што трае подолго од 21 ден лекарската комисија е должна посебно да го образложи.

Член 7

Лекувањето на инвалидот во природно лекувалиште се врши во здравствената организација на здружениот труд или во посебен објект во кој медицинските услуги и лекувањето се спроведуваат под непосреден надзор на соодветната здравствена организација на здружениот труд.

Член 8

Во постапката за упатување на инвалидот во природни лекувалишта на лекување учествуваат: лекарот поединец односно здравствената организација на здружениот труд, лекарската комисија при надлежниот орган на управата (во понатамошниот текст: лекарската комисија) и комисијата на лекари вештаци при органот на управата што ќе го одреди надлежниот републички односно покраински орган на управата (во понатамошниот текст: комисијата на вештаци).

Член 9

Предлог за упатување во природно лекувалиште на лекување по барање на инвалидот, може да даде лекар поединец односно здравствената организација во која инвалидот се лекува.

Пред давањето на предлогот за лекување на инвалидот во природно лекувалиште ќе се изврши непосреден увид во здравствениот картон на инвалидот што го води здравствената организација кај која тој се лекува, заради запознавање со податоците за поранешното лекување.

Ако лекарот поединец односно здравствената организација најде дека на инвалидот му е неопходно лекување во природно лекувалиште, дава образложен предлог на образецот Болеснички лист за лекување на воените инвалиди од војните во природни лекувалишта (во понатамошниот текст: болеснички лист), кој е отпечатен кон овој правилник и е негов составен дел. Болеснички лист ќе се доставува на лекарската комисија преку органот на управата на собранието на општината на чија територија престојува инвалидот.

Резултатите на лабораториските и специјалистичките истражувања се внесуваат во болеснички лист и, по правило, не можат да бидат постари од 30 дена.

Член 10

Два члена од лекарите специјалисти кои ја сочинуваат лекарската комисија од член 82 став 1 на Законот за воените инвалиди, се интернист и хирург.

Член 11

Кога лекарската комисија ќе го прими предметот го повикува инвалидот заради преглед и по извршениот преглед најдената здравствена состојба ја впишува во одредените рубрики на болеснички лист. Ако најде дека тоа е потребно, лекарската комисија може да изврши и други медицински испитувања.

Административните работи на лекарската комисија ги врши општинскиот орган на управата при кој постои лекарската комисија.

Член 12

Ако лекарската комисија утврди дека се исполнети условите за лекување на инвалидот во природно лекувалиште, ќе го одреди лекувалиштето во кој инвалидот треба да се лекува. Ако за лекување постојат повеќе природни лекувалишта, лекарската комисија ќе наведе повеќе такви лекувалишта.

За своето мислење лекарската комисија го известува инвалидот, а предметот му го враќа на органот на управата на собранието на општината на чија територија престојува инвалидот.

Член 13

Ако лекарската комисија најде дека не постојат услови за упатување на инвалидот во природно лекувалиште на лекување, таа своето мислење ќе го забележи во соодветната рубрика на болеснички лист и ќе му го соопшти на инвалидот.

Против мислењето на лекарската комисија со кое не е усвоен предлогот на лекарот поединец односно на здравствената организација на здружениот труд (член 9) инвалидот може да изјави приговор до комисијата на вештаци во рок од 8 дена од денот на соопштувањето. По изјавениот приговор, предметот со приговорот лекарската комисија ќе го доставува на комисијата на вештаци преку општинскиот орган на управата.

Мислењето на лекарската комисија од став 1 на овој член дадено по приговорот на инвалидот изјавен на мислењето на лекарот односно на здравствената организација дека не постојат услови за упатување на инвалидот во природно лекувалиште на лекување е конечно, а лекарската комисија предметот му го враќа на органот на управата на собранието на општината на чија територија престојува инвалидот.

Член 14

Три члена на лекари специјалисти што ја сочинуваат комисијата на вештаци се: лекар специјалист интернист, хирург и невролог.

Административните работи на комисијата на вештаци ги врши надлежниот општински орган на управата при кој постои комисијата на вештаци.

Член 15

Комисијата на вештаци го дава своето мислење врз основа на медицинската документација, а ако најде за потребно може да го повика и инвалидот на преглед. Ако смета дека треба да се дополни медицинското испитување, без одлагање ќе го одреди неговото дополнување.

Мислењето на комисијата на вештаци е конечно.

Комисијата на вештаци предметот со своето мислење му го враќа на органот на управата на собранието на општината на чија територија престојува инвалидот, а кој за мислењето на комисијата на вештаци го известува инвалидот.

Член 16

Лекарските комисии и комисиите на вештаци се состануваат и работат по потреба.

Надоместокот за работата на комисиите од став 1 на овој член ги регулира надлежниот републички односно покраински орган на управата.

Член 17

Надлежните општински органи на управата се должни да водат евиденција за инвалидите лекувани во природни лекувалишта. Евиденцијата содржи податоци за тоа колку инвалиди се лекувани во бањи, планини, на море, како и за групите на инвалидитетот на инвалидите.

Заради водење на евиденцијата се основаат здравствени досиеја на инвалидите во кои се чуваат болесничките листови со медицинската документација и со податоците пропишани во член 27 на овој правилник.

Член 18

Ако е во прашање лекување на инвалид — осигуреник кој е во работен однос, органот на управата на собранието на општината на чија територија престојува инвалидот ќе ја извести за тоа надлежната заедница на здравственото осигурување на работниците односно организацијата на здружениот труд во која е вработен инвалидот.

III. Повикување на лекување

Член 19

Органот на управата на собранието на општината на чија територија престојува инвалидот на од-

реденото лекувалиште ќе му го достави предметот на инвалидот кој треба да се упати на лекување, со болесничкиот лист и со медицинската документација, заради повикување на инвалидот на лекување.

Ако инвалидот лекувањето во природното лекувалиште не го почне во рок од три месеци од денот кога лекарската комисија, односно комисијата на вештаци ја утврдила потребата од лекување во таквото лекувалиште, инвалидот може да почне со лекување во природното лекувалиште само врз основа на ново мислење на лекарската комисија односно на комисијата на вештаци, на која заради тоа ѝ се доставува предметот преку органот на управата на собранието на општината на чија територија престојува инвалидот.

Одредбите на став 2 од овој член нема да се применуваат ако лекувањето е индицирано поради ампутација на екстремитети.

Член 20

Поканата за лекување на инвалидот му ја упатува природното лекувалиште одредено за сместување и лекување на инвалидот. Поканата треба да му биде доставена на инвалидот најдоцна на 15 дена пред почетокот на лекувањето.

Член 21

Ако инвалидот од оправдани причини (смртен случај во семејство, болест и сл.) е спречен одредениот ден да почне со лекување, е должен за тоа веднаш да го извести лекувалиштето што го повикало на лекување.

Лекувалиштето нема обврска спрема инвалидот кој без покана дошол на лекување.

Член 22

Кога природното лекувалиште ќе биде известено дека инвалидот од оправдана причина е спречен одредениот ден да почне со лекување, ќе го повика инвалидот да дојде на лекување подоцна, но најдоцна во рокот од член 19 на овој правилник.

Член 23

Ако капацитетот на природното лекувалиште на кое му е доставен предметот на инвалидот заради повикување на лекување не допушта инвалидот да се повика во рокот од член 19 на овој правилник, лекувалиштето во рок од 8 дена од денот на приемот на предметот ќе му го врати предметот на надлежниот општински орган на управата со причините поради кои се враќа предметот.

Во случајот од став 1 на овој член надлежниот општински орган на управата предметот ќе му го достави на друго лекувалиште, ако лекарската комисија во своето мислење назначила повеќе лекувалишта во кои инвалидот може да се лекува, за што истовремено ќе го извести инвалидот.

Ако лекарската комисија во своето мислење не предвидела можност за лекување во повеќе лекувалишта, надлежниот општински орган на управата ќе побара од лекарската комисија мислење за тоа дали инвалидот може да се упати на лекување во некое друго лекувалиште.

IV. Постапка во природно лекувалиште

Член 24

По доаѓањето во природното лекувалиште инвалидот е должен да се подложи на лекарски преглед.

Ако при прегледот лекарот на лекувалиштето најде дека инвалидот боледува од болест поради која лекувањето во тоа лекувалиште е контраиндицирано, инвалидот нема да го започне лекувањето. Во тој случај лекувалиштето ќе го врати инвалидот, ќе му издаде потврда за тоа, а предметот со лекарскиот наод и мислење ќе му го врати на надлежниот општински орган на управата заради повторно разгледување на здравствената состојба на инвалидот од страна на надлежната лекарска комисија. Во овој случај трошоците за сместувањето и исхраната на инвалидот и на неговиот придружник за најмногу два дена паѓаат на товар на средствата предвидени за лекување на инвалидот.

Член 25

Природното лекувалиште му ги дава на инвалидот сите видови здравствена заштита, спортска рекреација како метода за лекување и другите услуги предвидени во договорот за лекувањето на инвалидот во природното лекувалиште.

Лекувалиштето е должно да го запознае инвалидот со договорот што надлежниот орган во смисла на член 100 од Законот за воените инвалиди го склучил со лекувалиштето.

Член 26

Инвалидот што се наоѓа на лекување во природно лекувалиште е должен да се придржува кон правилата на лекувалиштето во поглед на редот и дисциплината, како и кон советите и упатствата дадени од страна на лекарот на лекувалиштето.

Член 27

По завршеното лекување лекарот на природното лекувалиште е должен да го прегледа инвалидот и успехот на лекувањето да го забележи во одредената рубрика на болесничкиот лист, со назначување на должината на престојот на лекувањето. Кога овие податоци ќе бидат забележени, лекувалиштето му го враќа предметот на надлежниот општински орган на управата, а на инвалидот му издава потврда за извршеното лекување.

Член 28

Ако во постојните здравствени организации и во посебните лекувалишта за лекување на воените инвалиди не може да се обезбеди сместување на сите инвалиди што се упатуваат на лекување, може да се изврши сместување и исхрана на инвалидите и во одморалиштата на Сојузот на здруженијата на борците од Народноослободителната војна, како и во соодветните туристички објекти, со обезбедување на лекарски прегледи и други неопходни здравствени услуги во согласност со одредбата на член 7 од овој правилник.

Во бањите во кои не е можно да се обезбеди сместување и исхрана на инвалидите во здравствената организација на здружениот труд сместувањето и исхраната можат да се обезбедат и во други објекти на тоа бањско лекувалиште. Во овој случај треба да се обезбеди лекарските прегледи, лекувањето и другите здравствени услуги да се вршат кај здравствената служба на бањското лекувалиште.

Член 29

Ликвидацијата и исплатата на сметките во врска со лекувањето на инвалидот во природни лекувалишта ги врши надлежниот општински орган на управата што го упатил инвалидот на лекување.

Член 30

Надлежниот општински орган на управата секоја година до 31 јануари му доставува на надлежниот републички односно покраински орган на управата податоци за лекувањето на инвалидите во природните лекувалишта за изминатата календарска година. Надлежниот републички односно покраински орган на управата до крајот на февруари доставува збирни податоци за територијата на републиката односно на автономната покраина до Сојузниот секретаријат за труд и социјална политика.

Образецот Статистички извештај за лекување на воени инвалиди во природни лекувалишта, на кои ќе се доставуваат податоците е отпечатен кон овој правилник и е негов составен дел.

V. Завршни одредби

Член 31

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за лекување на воените инвалиди од војните во иродни лекувалишта („Службен лист на ФНРЈ", бр. 3/63).

Член 32

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 7-1748/73
27 март 1973 година
Белград

Заменик-сојузен секретар за труд и социјална политика,
Абдурахим Жури, с. р.

ЛИСТА

НА ИНДИКАЦИИТЕ И КОНТРАИНДИКАЦИИТЕ ЗА ЛЕКУВАЊЕ ВО ПРИРОДНИ ЛЕКУВАЛИШТА

А. БАЊСКО ЛЕКУВАЊЕ

I. Индикации

Ќе се смета дека е лекување во соодветно бањско лекувалиште индицирано ако корисникот боледува од некоја од следните болести:

1) болести на желудникот:

а) гризлица на желудникот по потполна санација постигната со медикаментозно лекување — во текот на две години едноподруго;

б) дуоденална гризлица во рана развојна фаза — во текот на три години едноподруго;

в) состојба по операција на желудникот — ресекција или гастро-ентероанастомоза — извршена поради гризлица на желудникот или на дванаесетпрсното црево — во текот на две години, а ако е следена со општа неповолна состојба — во текот на три години едноподруго;

2) болести на цревата:

хроничен колитис и ентероколитис по завршено болничко лекување — во текот на три години едноподруго;

3) болести на црниот цигер:

а) реконвалесцентни состојби по прележан акутен хепатитис — обусловено со болничко лекување;

б) постхепатитична состојба или хроничен хепатитис со изразено растројување на функциите на црниот цигер — во текот на две години едноподруго;

4) болести на жолчниот меур и жолчните патишта:

состојба по отстранување на жолчниот меур — во текот на две години едноподруго по операцијата;

5) болести на бубрезите и мочните патишта:

а) микролитијаза;

б) состојба по операција на бубрезите и мочните патишта, извршена заради отстранување на камен — во текот на две години едноподруго по операцијата;

6) болести на женските полови органи:

хронични воспалителни процеси од понов датум како дополнение на медикаментозното лекување — во текот на три години едноподруго;

7) болести на зглобовите:

а) хронични воспалителни ревматски процеси во зглобовите или 'рбетниот столб (примарен и секундарен хроничен ревматизам на зглобовите), со оток на зглобовите, периартикуларни инфилтрати или упорни болки — без коскени анкилози;

б) спондилартрози од понов датум, со постојани болки и спастични контрактури на мускулите — во текот на три години едноподруго;

в) дегенеративни и посттрауматски промени на зглобовите (артроза), со рендгенски докажани анатомски промени на зглобовите, со изразено растројување на функцијата и со посилни болки;

г) периартрити — со оток, болки и растројување на функцијата — во текот на две години едноподуго;

8) болести на метаболизмот:

шеќерна болест, добро урамнотежена — во текот на три години едноподуго;

9) болести на нервите и на централниот нервен систем:

а) токсични, воспалителни или трауматски промени на периферните нерви по медикаментозна или физикална терапија — во текот на две години едноподруго;

б) фантомски болки по ампутација;

в) реконвалесцентни состојби по операција на краниумот или 'рбетниот столб;

г) невромускуларни атрофии од дегенеративна или воспалителна природа, по медикаментозна или физикална терапија — во текот на три години едноподруго;

д) парези и плегии (моно—, хеми—, пара) од поскор датум, ако нема промени на кардиоваскуларниот апарат — во текот на три години едноподруго, само во специјализирани установи;

10) генерализиран невродермитис или хронично рецидивирачко алергично заболување на кожата (уртикарија и сл.), по подолго неуспешно лекување — во текот на две години едноподруго.

11) болест на жлездите со внатрешно лачење:

а) Базедова болест — само во специјализирани установи.

II. Контраиндикации

Бањско лекување е контраиндицирано, та на истото не може да се упати корисник што боледува од некоја од следните болести:

1) според општата контраиндикација:

а) сите акутни фебрилни состојби;

б) сите форми на туберкулоза на белите дробови или на други органи, со знаци на активитет;

в) малигни тумори или малигни хемопатии;

г) состојби на намалена реактивност на организмот (хронични конзумптивни заболувања, старечка истоштеност, кахетични состојби и сл.);

д) состојба по прележано инфективно заболување и обемно крвавење, во траење од 6 месеци;

ѓ) крвни болести — пернициозна анемија, тешка анемија, хеморагични дијатези, панмиелофтиза, агранулоцитоза;

е) несанирани фокалози што можат да се доведат во врска со заболувањето поради кое се бара бањско лекување;

2) болести на желудникот:

а) гризлица на желудникот во фаза на еволуција (со рендгенски видлива ниша);

б) стенози на пилорусот и дуоденумот;

в) гризлица на дванаесетпрсното црево со компликации (пенетрација, перфорација, крвавење) или со зачестени кризи на болките;

3) болести на цревата:
субоклузии и илеуси;

4) болести на црниот џигер:

а) цироза на црниот џигер, со или без асцит;

б) апсцес на црниот џигер;

5) болести на жолчниот меур и жолчните патишта:

а) камен на жолчниот меур или на жолчните патишта;

б) хидропс на жолчниот меур;

6) болести на бубрезите и мочните патишта:

а) сите форми на нефритис и нефроза;

б) непроодни мочни патишта поради камен;

в) цистопиелитис предизвикан со блокада на мочните патишта — додека трае блокадата;

7) болести на женските органи:

а) бременост;

б) метрорагија;

8) болести на зглобовите:

а) ревматска треска во фаза на еволуција, со и без промени на срцето;

б) примарни и секундарни хронични воспалителни ревматски процеси во фаза на еволуција;

9) болести на нервите и на централниот нервен систем:

а) сите потешки органски болести на мозокот и на 'рбетната мозочница;

б) епилепсија со зачестени напади;

в) потешки психози и психопатии;

10) болести на жлездите со внатрешно лачење:

а) тешка форма на шекерна болест наклонета на ацидоза;

б) други потешки болести на жлездите со внатрешно лачење (Sy Cushing, Mb Simmonds, акромегалија, манифестна тетанија и др.);

11) болести на белите дробови:
силно изразен енфизем на белите дробови;

12) болести на срцето и на крвните садови:

а) валвуларни мани — нестабилизирани еволуции и недостаточно компензирани;

б) сите кардиопатии во фазата на декомпензација и недостаточно компензирани;

в) други потешки органски заболувања на срцето и коронарните садови;

г) состојба на покачен крвен притисок со промени на крвните садови на срцето, бубрезите или очното дно;

д) состојба на покачен крвен притисок со дијастоличен притисок постојано над 110 mm Hg;

13) болести на коските:

а) остеоартикуларна туберкулоза;

б) хроничен фистулозен остеомиелитис.

Б. КЛИМАТСКО ЛЕКУВАЊЕ ВО ПЛАНИНИ

I. Индикации

Ќе се смета дека е лекување во височинско климатско лекувалиште до 1.200 метра индицирано ако корисникот боледува од некоја од следните болести:

1) болест на хематопоезните органи:
посилна секундарна анемија поради загуба на крв, хронични воспалителни процеси, растројување на исхраната и варањето по завршено болничко лекување — во текот на една година;

2) нетуберкулозно заболување на органите за дишење:

а) полесни форми на бронхијална астма;

б) бронхијална астма со зачестени напади, која бара планинска клима во специјализирани установи;

3) болест на ендокриниот систем:
хипертиреоза во ремисија постигната со лекување;

4) болести на нервите и на централниот нервен систем:

а) реакциони психонеуротски состојби, како продолжеток на болничко лекување — во текот на две години едноподруго;

5) туберкулози:

а) стационарна туберкулоза на белите дробови или на други органи, смирена со активно лекување — во текот на три години едноподруго;

б) туберкулоза на белите дробови, смирена или излекувана со хируршка интервенција и дополнително лекување — во текот на три години едноподруго;

в) туберкулоза на серозите (плевра, перитонеум, перикард, малинг) — по исчезнување на сите манифестации на активитет — во текот на три години едноподруго;

г) туберкулозни заболувања на окото, по применета специјална терапија.

II. Контраиндикации

Инвалидот не може да се упати во височинско лекувалиште заради лекување ако е престојот во истото медицински контраиндициран поради некоја од следните болести:

1) сите акутни фебрилни и други акутни потешки заболувања;

2) малигни тумори или малигни хемопатии;

3) сите форми на туберкулоза на белите дробови или на други органи, со знаци на активитет;

4) нелекувана пернициозна анемија;

5) кахетични состојби;

6) стеноза на пилорусот или дуоденумот;

7) камен на жолчниот меур или на жолчните патишта, со зачестени напади од болки;

8) сите форми на нефритис и нефроза;

9) непроодни мочни патишта поради камен;

10) метрорагија;

11) заболување на срцето во фаза на декомпензација;

12) посилно изразени дегенеративни промени на срцето или крвните садови на срцето или мозокот;

13) значително покачен крвен притисок со дијастоличен притисок над 130 mm Hg.

В. ЛЕКУВАЊЕ НА МОРЕ

I. Индикации

Ќе се смета дека е лекување на море индицирано ако инвалидот боледува од некоја од следните болести:

1) болести на органите за дишење:

а) бронхијална астма, со зачестени напади, што бара морска клима;

б) дифузен хроничен бронхитис, со или без бронхиектазии, што не можел да се санира со антибиотско лекување;

2) туберкулози:

а) фистулозен лимфаденитис, во текот на две години едноподруго по завршено туберкулостатично лекување;

б) остеоартикуларна туберкулоза без фистули;

в) туберкулозен аднекситис;

г) излекувана остеоартикуларна туберкулоза и туберкулозен аднекситис — во текот на три години едноподруго;

3) потполна или делумна загуба на екстремитет, следена со изразита атрофија на мускулите на чкунките или со ограничена подвижливост на зглобовите: — во случај на ампутација на долните екстремитети — секоја втора година, во случај на ампутација на горните екстремитети — секоја трета година;

4) состојба по воспаление на периферни нерви по медикаментозна или физикална терапија, во текот на две години едноподруго;

5) невралгии како последица на спондилартритис и спондилартроза, по медикаментозна или физикална терапија, во текот на три години едноподруго;

6) генерализирана псоријаза;

7) состојба по рана рехабилитација на инфарктот миокарда — во специјализирани установи.

II. Контраиндикации

Корисникот не може да се упати на море заради лекување ако тоа лекување е контраиндицирано поради некоја од следните болести:

1) акутни фебрилни состојби на потешки акутни воспаленија;

2) сите активни форми на туберкулоза на белите дробови, серозите или грлото;

3) сите потешки заболувања на окото;

4) малигни тумори или малигни хемопатии;

5) пернициозни анемии, хеморагични дијатези, агранулоцитози, панмиелофтизи;

6) стеноза на пилорусот и дуоденумот;

7) сите форми на хепатитис и цироза на црниот џигер;

8) сите форми на нефритис и нефроза;

9) кахетични состојби;

10) метрорагија;

11) тешки нервни болести;

12) тешки душевни болести;

13) епилепсија;

14) хипертиреоза и Базедовлева болест;

15) тешки форми на шеќерна болест, со склоност кон ацидоза;

16) заболување на срцето во фазата на декомпензација;

17) посилно изразени дегенеративни промени на крвните садови;

18) изразито висок крвен притисок, со дијастоличен притисок од над 120 mm Hg;

19) дерматоза со улцерации.

СТАТИСТИЧКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ЛЕКУВАЊЕ НА ВОЕНИ ИНВАЛИДИ ВО ПРИРОДНИ ЛЕКУВАЛИШТА

1. Бањско климатско лекување

Корисници	Пријавени	Одбиени	Одобрени	Користеле лечење
1) Воени инвалиди				
2) Носители на „Партизанска споменица 1941“				
3) Други				

2. Одобрено лекување според групата на инвалидитетот

	Групи на инвалидитетот									
Вкупно	I	II	III	IV	V	VI	VII	VIII	IX	X

3. Одобрено лекување според видот на лекувалиштето

	Вкупно	Во бањи	Во планини	на море
1) Воени инвалиди				
2) Носители на „Партизанска споменица 1941“				
3) Други				

3. Парични податоци

Вид лекување	просечна цена на болничкиот ден	Просечен износ за лекување на еден корисник	Вкупно исплатено
Во бањи			
Во планини			
На море			
		Вкупно	

СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА ————
АВТОНОМНА ПОКРАИНА ————
СОБРАНИЕ НА ОПШТИНАТА ————
Број ————
———— 19 —— година
(место)

БОЛЕСНИЧКИ ЛИСТ ЗА ЛЕКУВАЊЕ НА ВОЕНИ ИНВАЛИДИ ВО ПРИРОДНИ ЛЕКУВАЛИШТА

I. Општи податоци

Презиме и име ————
Име на таткото ———— моминско фамилијарно име ————
Пол — женски
— машки
Година на раѓањето ———— место на престојот ————
Улица и број ————
Лична карта бр. ———— издадена во ———— 19 ————
Занимање (точна ознака на работата што ја работи)
Инвалид ———— група, со ———— % инвалидитет
Од која војна е инвалид (1914—1918, 1941—1945), мирновремен ————

II. Историја на болеста

1. Анамнеза: ———

2. Досегашни лекувања и резултати:
   а) бањски-климатски лекувања за последните 5 години (податоците ги запишува органот од евиденцијата за лекувањето)

Година	Болест	Лекувалиште	Резултати на лекувањето

б) лекување на болести за кои се предлага бањско климатско лекувалиште: ———

3. Сегашни функционални растројувања: ———

4. Објективни наоди:
   Тежина: ——— Височина: ——— Те: ———
   Пулс ——— Se ———
   а) Клинички наод (срце, бели дробови и др.)

   б) Лабораториски наод (моч, измет, желудечен сок, итн.)

   в) Хематолошки наод ———
   г) Рендгенски наоди (флуорограф) ———

   д) Специјални наоди ———

5. Дијагноза ———

6. Дали се санирани жариштата (забите, крајниците и др.) што го предизвикале заболувањето итн.

7. Мислење на лекарот дадено на ——— 19 ——— година;

   СЕ ПРЕДЛАГА за лекување во бања — на море — во планинско климатско лекувалиште, бидејќи постојат медицински индикации за неопходно лекување (да се наведе заболувањето од листата на индикациите и контраиндикациите), поради причините: ———

8. Нема услови за лекување во природно лекувалиште, а поради причините:

9. Изјавувам приговор против мислењето (да, не)

Потпис на инвалидот Потпис на лекарот,

——— 19 ——— година

III. Мислење на лекарската комисија

1. Мислење на лекарската комисија дадено на ——— 19 ——— година

2. Постојат медицински индикации за неопходно лекување во бања — на море — во планинско климатско лекувалиште во траењето од ——— дадени поради причините: (да се наведе заболувањето од Листата на индикациите и контраиндикациите за лекување во природни лекувалишта ———

   Лекувањето ќе се изврши во (да се наведе лекувалиштето) ——— во траењето од ——— денови

3. Нема услови за лекување во природно лекувалиште, поради причините: ———

4. Дали има право на придружник за време на патувањето или за време на лекувањето (да, не):

Потпис на членовите на комисијата

5. Согласен со мислењето на комисијата (да, не): —
6. Изјавувам приговор против мислењето на комисијата (да, не): ———

На ——— 19 ——— година

Потпис на инвалидот, ———

IV. Мислење на комисијата на вештаци

1. Мислење на комисијата на вештаци дадено на ——— 19 ——— година
2. Постојат медицински индикации за неопходно лекување во бања — на море — во планинско климатско лекувалиште (да се наведе заболувањето од Листата на индикациите и контраиндикациите, поради причините: ———
3. Нема услови за лекување во природни лекувалишта, поради причините: ———
4. Дали има право на придружник за време на патувањето или и за време на лекување (да, не) — На ——— 19— година

Потписи на членовите на комисијата: ———

V. Податоци за лекувањето во природно лекувалиште

Број на лекарскиот дневник: ———

(Лекувалиште) ———

ЛЕКАРСКИ ДНЕВНИК

Наод при доаѓањето на лекување

На ——— 19 ——— година

Тежина ———, Височина ———, Те ———,
Пулс ———, Se ———
Бели дробови ——— Срце ———
Други наоди ———
Лабораториски наод ———
Дијагноза ———
Терапија ———
Диета ———

Тек на лекувањето

Датум Наод Se Терапија Бањско-климатска Друга

Наод при заминувањето од лекување

Тежина ———, Височина ———, Те ——— Пулс ———, Se ———

Бели дробови ——— Срце ———

Резултат на лекувањето (излекуван, подобрен, непроменет, влошен, летален) ———

Мислење на лекарот ———

Лекувањето е започнато ——— завршено ———

Вкупно денови ———

(М.П.)

Потпис на лекарот, ———

VI. Потврда на инвалидот за престојот во лекувалиште

Потврдувам дека во лекувалиштето ——— поминав на лекување од ——— до заклучно ——— 19 —— година, т. е. вкупно ——— дена.

Место ———

На ——— 19 —година

Потпис на инвалидот, ———

228.

Врз основа на член 102 став 1 од Законот за воените инвалиди („Службен лист на СФРЈ", бр. 37/72), сојузниот секретар за труд и социјална политика донесува

ПРАВИЛНИК

ЗА УПАТУВАЊЕ ВО СТРАНСТВО НА ЛЕКУВАЊЕ НА ЛИЦА ШТО ИМААТ ПРАВО НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА СПОРЕД ЗАКОНОТ ЗА ВОЕНИТЕ ИНВАЛИДИ

Член 1

Лицата што имаат право на здравствена заштита според Законот за воените инвалиди (во понатамошниот текст: корисниците), можат да се упатат на лекување во странство на товар на средствата обезбедени во буџетот на федерацијата во случаите, по постапката и под условите определени со овој правилник

Член 2

Корисниците можат да се упатат во странство на лекување ако е во прашање болест односно заболување кое не може успешно да се лекува во Југославија, а во земјата во која корисникот се упатува постои можност за успешно лекување на таа болест односно заболување.

Член 3

Постапката за упатување на корисникот во странство на лекување се поведува на барање на корисникот или на предлог на здравствената организација на здружениот труд во која корисникот се лекува. Барањето или предлогот се поднесува преку општинскиот орган на управата надлежен за работите на борците и на воените инвалиди (во понатамошниот текст: општинскиот орган) до републичкиот односно покраинскиот орган на управата надлежен за работите на борците и на воените инвалиди (во понатамошниот текст: републичкиот односно покраинскиот орган).

Општинскиот орган е должен без одлагање да ја прибави сета постојна медицинска документација за болеста и лекувањето на корисникот и, заедно со барањето односно со предлогот за упатување на лекување во странство, да му ја достави на републичкиот односно покраинскиот орган.

Член 4

Републичкиот односно покраинскиот орган е должен пред решавањето за поднесеното барање односно предлогот да прибави мислење на стручњаците од редовите на професорите на медицински факултети и други истакнати медицински стручњаци.

Стручњаците даваат мислење врз основа на вештачење со кое утврдуваат:

1) дали се исцрпени сите можности за лекување на корисникот во Југославија;

2) во која здравствена организација на здружениот труд во Југославија треба да се упати корисникот и кои мерки треба да се преземат заради лекување ако не се исцрпени сите можности за лекување на корисникот во Југославија;

3) дали постои можност за лекување во некоја странска здравствена установа и во која, каков успех може да се очекува од таквото лекување и колку тоа може да трае — ако се исцрпени сите можности за лекување на корисникот во Југославија.

Член 5

Врз основа на мислењето на стручњаците републичкиот односно покраинскиот орган ќе донесе решение за упатување на корисникот на лекување во странство. Со решението за упатување на лекување во странство се одредува местото и здравствената установа во која корисникот се упатува, траењето на лекувањето, начинот на превозот и друго.

Упатување на корисникот на лекување во странство ќе се изврши по прибавената согласност од одредена здравствена установа во странство.

Ако републичкиот односно покраинскиот орган не го усвои барањето или предлогот за упатување на лекување во странство, со решението за одбивање на тоа барање односно предлог ќе ги одреди мерките што треба да се преземат лекувањето да се изврши во Југославија, како и здравствената организација на здружениот труд во Југославија во која треба да се упати корисникот, ако можноста за лекување во таа организација е утврдена во мислењето на стручњаците.

Републичкиот односно покраинскиот орган може да формира посебна комисија за давање предлози во врска со донесувањето на решенијата од овој член.

Член 6

На корисникот упатен на лекување во странство му припаѓа надоместок на трошоците, и тоа: надоместок на трошоците на превозот за онаков превоз каков што е одреден во решението за упатување на лекување, и надоместок за трошоците за исхрана и сместување за време на престојот во странство — во височината одредена со Решението за износите на дневниците за службено патување во странство што на сојузните органи на управата им се признаваат во материјални трошоци („Службен

лист на СФРЈ", бр. 24/69, 43/72 и 70/72) што важат за работниците од IV група. Ако корисникот се наоѓа во здравствена установа во која му се обезбедени сместување и исхрана, за тоа време му припаѓаат 10% од дневницата.

На корисникот не му припаѓа надоместок за трошоците на превозот за релацијата на патот за која добил бесплатен возен билет.

Член 7

Ако траењето на лекувањето што е одредено во решението треба да се продолжи, републичкиот односно покраинскиот орган, врз основа на образложен предлог на странската здравствена установа во која корисникот се наоѓа на лекување и врз основа на прибавено мислење од стручњаците (член 4), донесува решение за продолжување на лекувањето во странство.

Член 8

На товар на средствата од член 1 на овој правилник паѓаат само оние трошоци за лекување на корисникот во странство што настанале за време на траењето на лекувањето што е одредено со решението за упатување на лекување во странство, како и трошоците на лекувањето на друга болест од која корисникот ќе се разболи за време на тоа лекување.

Член 9

Плаќањето на трошоците за лекувањето на корисникот во странство се обезбедува со девизни средства што на републичките односно покраинските органи ќе им ги стави на располагање Сојузниот секретаријат за труд и социјална политика.

Член 10

Ако корисникот за време на лекувањето во странство умре, трошоците на превозот на посмртните остатоци паѓаат на товар на средствата обезбедени во буџетот на федерацијата.

Член 11

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за упатување на лекување во странство на корисниците на здравствена заштита според Законот за воените инвалиди од војните („Службен лист на СФРЈ", бр. 24/63).

Член 12

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 7-1749/73
27 март 1973 година
Белград

Заменик-сојузен секретар
за труд и социјална политика,
Абдурахим Жури, с. р.

229.

Врз основа на точка 2 од Одлуката за мерките и начинот за утврдување посебна давачка при увозот на одделни земјоделски и прехранбени производи („Службен лист на СФРЈ", бр. 16/68, 27/68 и 30/69), во спогодба со сојузниот секретар за надворешна трговија, сојузниот секретар за пазарот и цените издава

НАРЕДБА

ЗА ВИСОЧИНАТА НА ПОСЕБНАТА ДАВАЧКА ПРИ УВОЗОТ НА ОДДЕЛНИ ЗЕМЈОДЕЛСКИ И ПРЕХРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ

1. Се утврдува посебна давачка за увоз на следните производи, и тоа за:

1) 01.05/1	Кокошки, подмладок, пилиња, други б) подмладок 1) пилиња еднодневни во износ од 0,70 динари за 1 парче; 2) други, коковчиња за носење на конзумни јајца во износ од 5,50 динари за 1 килограм жива мера;
2) 01.05/1в	Кокошки, други во износ од 1,70 динари за 1 килограм жива мера;
3) 01.05/2б и 2в	Мисирки, подмладок и други во износ од 2.75 динари за 1 килограм жива мера;
4) 02.01/2б-1	Месо овчо, свежо и ладено во износ од 6,45 динари за 1 килограм;
5) 02.01/5а	Дробови, јазици во износ од 2 динари за 1 килограм;
6) 02.01/5б	Дробови, слезина и крезли во износ од 2 динари за 1 килограм;
7) 02.01/5в	Дробови, џигер, освен живински во износ од 2 динари за 1 килограм;
8) 02.01/5г	Други дробови за јадење: а) шкембиња во износ од 4,90 динари за 1 килограм; б) други во износ од 2 динари за 1 килограм;
9) 02.02/1	Кокошки заклани и месо од нив во износ од 3,10 динари за 1 килограм;
10) 02.02/3	Мисирки заклани и месо од нив во износ од 5 динари за 1 килограм;
11) 03.01/1в	Риби, свежи (живи или мртви), разладени или смрзнати — шарани во износ од 6,20 динари за 1 килограм;
12) 04.01/1	Млеко во износ од 0,25 динара за 1 литар
13) 04.01/2а	Кајмак во износ од 0,14 динара за една масна единица;
14) 04.01/2б	Павлака во износ од 0,14 динари за една масна единица;
15) 04.02/1а	Млеко конзервирано, кондензирано во износ од 6 динари за 1 килограм;
16) 04.02/2а	Млеко полномасно, во прав и во блокови во износ од 2,80 динари за 1 килограм;
17) 04.02/2б	Млеко помасно во прав и во блокови: а) со содржина на маснотија од 1,25% во износ од 3,50 динари за 1 килограм.

Кога млекото со наведената содржина на маснотија е денатурирано со најмалку 2% денатуранс, ако денатурирањето е извршено во странство или под царински надзор, пред увозното царинење, не се плаќа посебната давачка од оваа одредба. Дена-

турирањето мора да биде извршено со рибино брашно, со коскено брашно или со некој друг денатуранс кој има така тежок мирис и вкус што полумасното млеко во прав по денатурирањето да е неупотребливо за човечка исхрана;

б) со содржина на маснотија поголема од 1,25%
во износ од 3,50 динари за 1 килограм;

18) 04.03/2 Путер, топен
во износ од 16,10 динари за 1 килограм;

19) 04.05/1а Јајца во лушпа, кокошкини, свежи
во износ од 0,20 динари за 1 парче;

20) 04.05/1б Јајца во лушпа, кокошкини, конзервирани
во износ од 0,35 динари за 1 парче;

21) 04.05/2а Јајца, во прав
во износ од 30 динари за 1 килограм;

22) 04.05/2б Јајца без лушпа, смрзнати
во износ од 5,65 динари за 1 килограм;

23) 04.05/2в-1 Јајца без лушпа за индустриски цели
во износ од 5,65 динари за 1 килограм;

24) 05.07/1а Перје и пердув, неисчистени
во износ од 4 динари за 1 килограм;

25) 05.07/1б Перје и пердув, исчистени
во износ од 4 динари за 1 килограм;

26) 05.07/2а Отпадоци од перје
во износ од 4 динари за 1 килограм;

27) 06.03/1 Цвеќе и пупки од цвеќе, сечени за букети или за украсни цели, свежи, сушени, бојосани, белени, импрегнирани или на друг начин приготвени, свежи — каранфили
во износ од 1 динар за 1 парче;

28) 07.01/3д-3 Зеленчук свеж или разладен, друг — краставици
во износ од 2 динари за 1 килограм;

29) 07.01/3д-5 Зеленчук свеж или разладен, друг — карфиол
во износ од 2 динари за 1 килограм;

30) 07.01/3д-10 Зеленчук свеж или разладен, друг — салата, освен радиќ
во износ од 3 динари за 1 килограм;

31) 08.03/2а Смокви, суви, етивирани
во износ од 2,45 динари за 1 килограм,
без оглед на начинот на пакувањето;

32) 08.03/2б Смокви, суви, неетивирани
во износ од 2,45 динари за 1 килограм, без оглед на начинот на пакувањето;

33) 08.04/1 Грозје, свежо
во износ од 0,50 динари за 1 килограм;

34) 08.12/1а Овошје сушено, сливи, етивирани
во износ од 0,70 динари за 1 килограм, без оглед на начинот на пакувањето;

35) 08.12/1б Овошје сушено, сливи, неетивирани
во износ од 0,50 динари за 1 килограм, без оглед на начинот на пакувањето;

36) 09 04/3а и б Пиперки мелени и толчени
во износ од 13,60 динари за 1 килограм;

37) 10.06/1б, 2а и б Ориз излупен и друг
во износ од 1 динар за 1 килограм;

38) 11.02/2б-1 Гриз, пченкарен
во износ од 0,30 динари за 1 килограм;

39) 11.08/1б Скробови, од пченка
во износ од 1 динар за 1 килограм;

40) 11.08/1г Скробови, од компир
во износ од 0,40 динари за 1 килограм;

41) 13.03/3 Пектин
во износ од 13,70 динари за 1 килограм;

42) 15.12/2 и 4 Животински или растителни масла и масти, делум или сосема хидрогенизирани, згуснати или зацврснати со која и да е постапка рафинирани или не, но понатаму неприготвени, маслиново и друго
во износ од 1,30 динари за 1 килограм;

43) 15.13/2 Вештачки масти за јадење и други масти приготвени за јадење, други
во износ од 1,30 динари за 1 килограм;

44) 16.04/3б-1 Сардини во конзерви, стерилизирани
во износ од 5,60 динари за 1 килограм бруто-тежина, вклучувајќи ја и неодвоивата амбалажа;

45) 16.04/6а Филети во конзерви, стерилизирани, слани
во износ од 8 динари за 1 килограм бруто-тежина, вклучувајќи ја и неодвоивата амбалажа;

46) 16.04/6б Филети во конзерви, нестерилизирани
во износ од 8 динари за 1 килограм бруто-тежина, вклучувајќи ја и неодвоивата амбалажа;

47) 16 04/8а Конзерви со овошје и зеленчук и со разни сосови (антипасти)
во износ од 5 динари за 1 килограм бруто-тежина, вклучувајќи ја и одвоивата амбалажа;

48) 16 04/9а Конзерви рибини други, стерилизирани (bristlings, spats и др.)
во износ од 6,50 динари за 1 килограм бруто-тежина, вклучувајќи ја и неодвоивата амбалажа;

49) 16 04/9в Рибини преработки, други
во износ од 14,40 динари за 1 килограм бруто-тежина, вклучувајќи ја и неодвоивата амбалажа;

50) 17.02/4, 5 и 6 Декстроза, гликоза и гликозен сируп и гроздов шеќер
во износ од 1,50 динари за 1 килограм;

51) 20.01/1а Зеленчук и овошје, приготвени или конзервирани во оцет или во оцетна киселина, со или без шеќер, па и со додаток на сол, зачини или синап — краставици кисели
во износ од 2,30 динари за 1 кило-

грам бруто-тежина, вклучувајќи ја и неодвоивата амбалажа;

52) 20 01/1б Зеленчук и овошје, приготвени или конзервирани во оцет или во оцетна киселина, со или без шеќер, па и со додаток на сол, зачини или синап — пиперки кисели
во износ од 1,30 динари за 1 килограм бруто-тежина, вклучувајќи ја и неодвоивата амбалажа;

53) 20.01/1в и 2 Зеленчук и овошје, приготвени или конзервирани во оцет или во оцетна киселина, со или без шеќер, па и со додаток на сол, зачини или синап — друго
во износ од 2 динари за 1 килограм бруто-тежина, вклучувајќи ја и неодвоивата амбалажа;

54) 20.02/2 Зеленчук, приготвен или конзервиран на друг начин, освен со оцет или со оцетна киселина — домати
во износ од 2,80 динари за 1 килограм бруто-тежина, вклучувајќи ја и неодвоивата амбалажа.

Посебна давачка според оваа одредба нема да се плаќа на сок од домати чија сува содржина на екстракт не преминува 7%;

55) 20.02/5а Зеленчук, приготвен или конзервиран на друг начин, освен со оцет или со оцетна киселина, друг — зелки кисели
во износ од 0,20 динари за 1 килограм бруто-тежина, вклучувајќи ја и неодвоивата амбалажа;

56) 20.02/5в Зеленчук преработен, друг — грашок
во износ од 1,90 динари за 1 килограм бруто-тежина, вклучувајќи ја и неодвоивата амбалажа;

57) 20 02/5в Зеленчук преработен, друг — боранија
во износ од 1,10 динари за 1 килограм бруто-тежина, вклучувајќи ја и неодвоивата амбалажа;

58) 20.02/5в Зеленчук, приготвен или конзервиран на друг начин, освен со оцет или со оцетна киселина, друг
во износ од 2 динари за 1 килограм бруто-тежина, вклучувајќи ја и неодвоивата амбалажа;

59) 20 05/1в и г Мармалад од сливи и од друго овошје во износ од 1,60 динари за 1 килограм бруто-тежина, вклучувајќи ја и неодвоивата амбалажа;

60) 20 05/1д Џемови (освен џемови од јужно овошје)
во износ од 2,20 динари за 1 килограм бруто-тежина, вклучувајќи ја и неодвоивата амбалажа;

61) 20.05/1ђ Слатко од овошје
во износ од 2,50 динари за 1 килограм бруто-тежина, вклучувајќи ја и неодвоивата амбалажа;

62) 20.06/15а Компоти од сите видови и мешани компоти, освен компоти само од јужно овошје
во износ од 1,85 динари за 1 килограм бруто-тежина, вклучувајќи ја и неодвоивата амбалажа;

63) 20.07/4 Шира (сок) од грозје
во износ од 0,75 динари за 1 литар до 18% шеќер, а за секој понатамошен процент на шеќер по 0,042 динари;

64) 20.07/6е Сок од вишни и цреши, концентриран
во износ од 4,70 динари за 1 килограм;

65) 20.07/6ж Сок од капинки, концентриран
во износ од 2 динари за 1 килограм;

66) 20.07/6з Сок од сливи, концентриран
во износ од 1,35 динари за 1 килограм;

67) 20.07/6и Сок од малинки, концентриран
во износ од 7,80 динари за 1 килограм;

68) 20.07/6ј Сок од јаболка, концентриран
во износ од 0,85 динари за 1 килограм;

69) 20.07/6о Сок од друго овошје, засладен
во износ од 2 динари за 1 килограм;

70) 22.04 Шира од грозје, делум превриена, поинаку пресечена, освен со алкохол
во износ од 0,75 динари за 1 литар до 18% шеќер, а за секој понатамошен процент на шеќер по 0,042 динари;

71) 22.05/1 Вино пенливо, во шишиња
во износ од 1,80 динари за 1 литар;

72) 22.05/3а Десертни вина од сите видови, во буриња и цистерни
во износ од 0,15 динари за 1 малиган;

73) 22.05/3б Десертни вина од сите видови, во шишиња
во износ од 1,80 динари за 1 литар;

74) 22.05/6 Вина обични, во шишиња
во износ од 0,15 динари за 1 малиган;

75) 22.05/7 Вина квалитетни, во буриња и цистерни
во износ од 0,15 динари за 1 малиган;

76) 20.05/8 Вина обични, во буриња и цистерни
во износ од 0,06 динари за 1 малиган;

77) 22.05/9а Вино за крстосување
во износ од 0,15 динари за 1 малиган;

78) 22.05/9б Вино за дестилација
во износ од 0,15 динари за 1 малиган;

79) 22.05/9г Вино за изработка на вермут
во износ од 0,15 динари за 1 малиган;

80) 22.05/9д Мистела (шира пресечена со алкохол)
во износ од 0,75 динари за 1 литар

81)	22.05/9b	Вина неспоменати во износ од 0,15 динари за 1 малиган;
82)	22.06/1a и 2a	Вермут во износ од 1,80 динари за 1 литар;
83)	22.08/1 и 2	Етил-алкохол 80° или повеќе во износ од 0,90 динари за 1 литар;
84)	22.09/1	Етил-алкохол до 80° во износ од 0,90 динари за 1 литар;
85)	22.09/2	Сливовица во износ од 0,15 динари по степен алкохол;
86)	22.09/3a	Ракија од комиње — коминарка во износ од 0,15 динари по степен алкохол;
87)	22.09/9a	Виниски дестилат во износ од 13 динари за 1 литар
88)	24.01/2a	Ферментиран тутун во лист, македонски — ориентален во износ од 6 динари за 1 килограм;
89)	24.01/2в	Ферментиран тутун во лист, војводински — црни тутуни во износ од 0,35 динари за 1 килограм;
90)	24.01/2г	Ферментиран тутун во лист, друг: а) „Вирџинија" во износ од 0,15 динари за 1 килограм; б) други неспоменати во износ од 0,35 динари за 1 килограм.

Посебната давачка според одредбите 88, 89 и 90 нема да се плаќа на ферментираниот тутун за цигари по лиценци, како и за ферментираниот тутун за обвивка и повој на пури;

91)	24.02/1	Пури (со отсечени врвови или не): а) за пури и цигарилоси чија набавна цена при увозот франко југословенска граница е до 0,75 динари по парче во износ од 0,60 динари по парче; б) за пури и цигарилоси чија набавна цена при увозот франко југословенска граница е од 0,76 динари и повеќе динари по парче во износ од 0,70 динари по парче;
92)	24.02/3б	Тутун за луле, режан во износ од 43 динари за 1 килограм.

2. Со денот на влегувањето во сила на оваа наредба престанува да важи Наредбата за височината на посебната давачка при увозот на одделни земјоделски и прехранбени производи („Службен лист на СФРЈ", бр. 11/71, 15/71, 17/71, 19/71, 21/71, 48/71, 51/71, 54/71, 56/71, 60/71, 3/72, 20/72, 38/72, 39/72, 57/72, 62/72, 63/72, 67/72 и 5/73).

3. Оваа наредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 17-255/1
21 март 1973 година
Белград

Сојузен секретар
за пазарот и цените,
Никола Стојановиќ, с. р.

230.

Врз основа на член 15 став 3 од Законот за воените инвалиди („Службен лист на СФРЈ". бр. 67/72), сојузниот секретар за труд и социјална политика пропишува

УПАТСТВО
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРОЦЕНТОТ НА ВОЕНИОТ ИНВАЛИДИТЕТ

I. Општи одредби

1. Утврдувањето на процентот на воениот инвалидитет се врши според одредбите на ова упатство и Листата на процентите на воениот инвалидитет (во понатамошниот текст: Листата на процентите) која е отпечатена кон ова упатство и е негов составен дел.

2. При утврдувањето на воениот инвалидитет се земаат предвид последиците настанати од здобиена рана, повреда, озледа или болест под околности што ги пропишува Законот за воените инвалиди (во понатамошниот текст: Законот), како и последиците настанати поради употреба на стандардни лекови, вршење операции и други терапеутски потфати, или поради употреба на помагала, ако се преземаат заради лекување на воен инвалидитет, ако со ова упатство не е поинаку предвидено.

3. Процентот на воениот инвалидитет се утврдува сразмерно со загубата на делот од телото односно на функцијата на органите оштетени под околностите од точка 2 на ова упатство.

4. Процентот на воениот инвалидитет се утврдува без оглед на годините на животот, стручната подготовка, материјалната состојба, занимањето, обдареноста и другите лични особини на воениот инвалид, ако со ова упатство не е поинаку предвидено.

5. За еден орган, кој во голема мера е оштетен, се утврдува, по правило, процент на воен инвалидитет понизок од процентот предвиден за потполна загуба (ампутација) на односниот орган.

Ако органот постои, но толку е оштетен што функционално да е наполно неупотреблив, може да се утврди процентот на воен инвалидитет предвиден за потполна загуба (ампутација) на односниот орган.

6. Ако воениот инвалидитет настанал како последица на повеќе рани, повреди, озледи или болести, процентите предвидени за одделни оштетувања не се собираат, туку како основ се зема оштетувањето кое повлекува најголем процент, па тој процент се зголемува за 10% до 30% со оглед на влијанието на другите оштетувања врз целиот организам. Зголемувањето на процентот се зема предвид само ако и тие други оштетувања повлекуваат инвалидитет во процент најмалку од по 20%.

Ако најмалку две оштетувања од став 1 на оваа точка повлекуваат инвалидитет од по 50% или повеќе проценти. а постои изразито оштетување на организмот и на низа функции, процентот по оштетувањето кое повлекува најголем процент на воен инвалидитет може да се зголеми и за над 30% а најмногу до 100% — II група.

Ако постојат четири или повеќе оштетувања од став 1 на оваа точка кои повлекуваат воен инвалидитет помал од по 50% а најмалку од по 20%, процентот на воениот инвалидитет за основното оштетување може да се зголеми и за 40%.

Ако поради кумулација на сите оштетувања од став 1 на оваа точка постои таков инвалидитет кој бара постојана нега и помош од страна на друго лице може да се одреди воен инвалидитет од 100% — I група.

Ако воениот инвалидитет настанал како последица на повеќе рани, повреди или озледи, но секоја од нив повлекува инвалидитет под 20%, може да се

утврди инвалидитет од 20 до 30%, ако со нивната кумулација е оштетен целиот организам за 20% или повеќе проценти.

7. За воените инвалиди жени, кај кои постојат анатомски и функционални оштетувања на одделни делови на телото (амнутација, контрактура, парализа, скратување на потколеницата или натколеницата над 3 cm, загуба на око, псевдоартроза, тешки варикозитети со елефантијаза, посттрауматска епилепсија, потполна глувота, паркинсонизам, тежок остеомиелитис со фистула), процентите предвидени во Листата на процентите се зголемуваат за 10% ако се помали од 60%, односно се зголемуваат за 20% — ако се 60% или поголеми од 60%, под услов основот на оштетувањето, предвиден со Листата на процентите, да е определен со најмалку 20%. Тоа зголемување може да изнесува само до 100% — II група.

8. Ако утврдување на воениот инвалидитет се бара по основ на болест се утврдува според природата и степенот на болеста а врз основа на постојната медицинска документација, дека болеста настанала за време и како последица на вршење на должност од чл. 3 до 7 на Законот, односно дека во тоа време е влошена, или настанала пред тоа време односно после без причинска врска со околностите од чл. 3 до 7 на Законот.

9. Ако болеста постоела порано, а се влошила поради напори настанати под околностите од чл. 3 до 7 на Законот, процентот на воениот инвалидитет по основ на влошувањето се определува при првото утврдување на воениот инвалидитет и тој подоцна не може да се зголемува, без оглед на евентуално понатамошно влошување.

При утврдување на влошувањето на болеста се применува членот 13 од Законот за воените инвалиди, со тоа што како соодветен процент на воен инвалидитет поради целокупното оштетување на организмот се смета само процентот кој се однесува на оној дел на оштетувањето кој според оцената на лекарската комисија е последица на напори настанати под околностите од чл. 3 до 7 на Законот.

Ако по определувањето на трајниот процент на воениот инвалидитет по основ на влошување на болест (ст,. 1 и 2) настапи подобрување на болеста, процентот на воениот инвалидитет по основ на влошување на болеста настаната во времето од чл. 3 до 7 на Законот се определува така што процентот предвиден за фактичното оштетување поради болест се намалува за процентот на инвалидитетот за кој при првото оценување на инвалидитетот е утврдено дека не е последица од напори настанати под околностите од чл. 3 до 7 на Законот. Ако болеста дополнително се влоши, новиот процент на воен инвалидитет по основ на влошување не може да биде поголем од трајниот процент што по тој основ првиот пат е определен (став 1).

10. Ендогени и други со структурата на личноста условени заболувања, чија етиологија е непозната или уште не е сигурно утврдена, не можат да се сметаат како последица настаната под околностите од чл. 3 до 7 на Законот, па не можат ни да се земаат како основ за признавање на воен инвалидитет.

Ако првите појави на такви заболувања настанале во времето од чл. 3 до 7 на Законот, или здравствената состојба во тоа време несразмерно се влошила со оглед на вообичаениот тек на болеста, или условите од чл. 3 до 7 на Законот го попречувале правилното лекување, може да се смета дека условите ја забрзале нивната еволуција, воениот инвалидитет по исклучок може да се признае, и тоа само делум како и во случајот на влошувањата наведени во точка 9 на ова упатство.

Во ендогени и други со структурата на личноста условени заболувања спаѓаат: шизофренија, манијако-депресивни психози, епилептична болест (како изразито конституционално условена, кај која факторот на конституцијата е далеку поголем и познат од кој и да било неповолен услов на средината), неврози, психопатии (како болна реакција од недоволно хармонично структурална личност на животните услови), амбиотрофични нервни заболувања, мултипна склероза, дијабет, сите ендокрини заболувања (освен адисоновата болест, од туберкулозна етиологија), улкусна болест, алергични заболувања, спондилози, спондилартрози, ревматоид, артрит, дископатии (кои по современо гледиште се последица на дегенеративни промени поради кои и најбезначајна траума, па дури и незгодно движење со рака или дигање товар, може да доведе до појавување на болеста), есенцијални хипертензии, вродени срцеви мани, литијази, полицистични заболувања, малигни тумори и сите други болести од ендогена и непозната етиологија.

11. Подоцна настанатите влошувања на раната, повредата, озледата или болеста, врз основа на кои на инвалидот му е признаено својство на воен инвалид, се земаат предвид за дополнително утврдување на новиот процент на воениот инвалидитет, ако инвалидитетот не е утврден со примена на член 13 од Законот или ако со ова упатство не е поинаку одредено.

Не можат да се земат предвид, заради дополнително зголемување на веќе утврдениот процент на воениот инвалидитет, влошувањата настанати независно од раната, повредата, озледата или болеста, врз осиова на кои на инвалидот му е признаено својство на воен инвалид, како и влошувањата настанати поради старост, освен ако е во прашање загуба односно значително оштетување на преостанатиот парен орган (точка 14).

12. Ако телесното оштетување не е предвидено во ова упатство и во Листата на процентите, утврдувањето на процентот на воениот инвалидитет се врши според начелата на медицинската наука и според ова упатство, при што по пат на аналогија се применува онаа одредба од ова упатство и од Листата на процентите која се однесува на најслично оштетување.

Ако процентот на воениот инвалидитет, утврден на начинот од став 1 на оваа точка, е помал од процентот од соодветната точка на Листата на процентите, процентот може да се намали за 10 до 20%, со задолжително назначување на намалувањето на процентот.

Функционални оштетувања без видни траги, настанати како последица од околностите од чл. 3 до 7 на Законот (на пр. оштетувања на слухот, видот, нервниот систем, локомоторниот апарат итн.), не се земаат предвид ако не се медицински (а не по пат на сведоци) утврдени во рок од две години од денот на престанокот на тие околности односно ако во тој рок не се верифицирани како последици на повреда.

13. Највисок процент на воен инвалидитет кој во смисла на член 15 од Законот бара потребна нега и помош — I група (во Листата на процентите означен со изразот „100% — I група"), може да се определи само ако е тоа изречно предвидено во Листата на процентите или ако е во Листата на процентите предвидена можноста за утврдување на тој процент за воен инвалидитет од 100%, а инвалидот е неподвижен и лежечки болен и не е во состојба да ги врши основните физиолошки потреби, а таквата состојба е последица на болеста, раната, повредата или озледата, врз основа на која му е признаено својство на воен инвалид.

14. Ако лицето било без еден парен орган, а под околностите од чл. 3 до 7 на Законот тешко го оштетило за 50 и повеќе проценти на инвалидитет или го изгубило другиот парен орган, процентот на инвалидитетот му се определува како да настанало оштетувањето на обата парни органа во војната, при што процентот може да се определи до 100% — I група.

Ако еден парен орган е тешко оштетен или изгубен под околностите од чл. 3 до 7 на Законот и по тој основ е утврден процентот на инвалидитетот, а другиот парен орган е тешко оштетен за најмалку 50% инвалидитет или загубен по тие околности, независно од последиците настанати под околностите од чл. 3 до 7 на Законот, процентот на инвалидитетот се определува за оштетувањето односно за губењето на обата парни органа намален за 20%, со тоа што се определува процент од 100% — II група, ако за вакво оштетување во Листата на процентите се предвидуваат 100% — I група.

Како тешко оштетување на другото око се смета намалување на функцијата на окото за најмалку една половина (намалување на видот најмалку 5/10).

15. При утврдувањето на процентот на воениот инвалидитет ќе се назначи дали утврдениот процент е постојан или привремен. Постојан процент се утврдува за сите оние последици од рана, повреда, озледа или болест кои се од таква природа што да нема никакви изгледи дека состојбата на инвалидот во значителна мера ќе се измени со примената на кое и да е медицинско средство (на оперативна интервенција, физикална медицина и рехабилитација, медикаментозно лекување). Во другите случаи процентот на инвалидитетот ќе се утврди привремено, по правило, за една до три години по коешто се определува постојан процент, ако со ова упатство не е поинаку предвидено.

16. Ако кај малолетници и воени заробеници, што за време на војната биле изложени на тешки животни услови, настанало оштетување на целокупниот организам поради психосоматски оштетувања и растројувања, иако таквите оштетувања често немаат појавени карактеристики на заболување на одделни органи, ќе се утврди, со оглед на тежината на таквото оштетување, процент на воен инвалидитет од 20 до 50%. Ако постојат и органски промени предвидени во Листата на процентите, основниот процент може да се зголеми за 10 до 20%.

II. Посебни одредби

17. Процентот на воениот инвалидитет за ампутирана нога или рака може да се зголеми за 10% ако чкунката е кратка или негодна за протеза, било поради циркулаторни и трофички промени со едем и гризлица, било поради лоша лузна, фистули, лоша положба или неподвижност. Како кратка чкунка се подразбира — за бут и мишка чкунка од 12 cm, а за потколеница и подлактица чкунка под 8 cm — мерено од трохантерот, акромионот, меѓузглобниот простор на коленото и олекранонот.

18. Ако со грижлив преглед, со клиничко посматрање, и со документарна анамнеза можат да се докажат невриюми со болки и со евентуални пречки во фантомскиот член, како и во случај на каузалгија, процентот на воениот инвалидитет се зголемува за 10 до 30%.

19. Кај повредата и другите оштетувања на крвни садови ќе се утврди процентот на воениот инвалидитет според нестанатите промени. Кај операбилна аневризма процентот се утврдува привремено до три години, а кај неоперабилна или по извршена операција — трајно. (Ова важи за екстра кранијални аневризми).

20. За оценување на воениот инвалидитет доаѓаат предвид само аневризмите од трауматско потекло, додека кај другите аневризми процентот на воениот инвалидитет се утврдува само за влошување, и тоа ако настанале компликации под околностите од чл. 3 до 7 на Законот, а за тоа постојат сигурни елементи.

При утврдувањето на процентот на воениот инвалидитет кај аневризмата се земаат предвид следните елементи: изложеноста на повреди и на опасност од прскање, трофичните пречки на дисталниот дел на екстремитетот и узурите на околните ткива (кожа, нерв, коска итн.). Кај артериовенозната аневризма треба да се оценуваат општите циркулаторни пречки.

21. Проширувањето на вените (varices) не се оценува, по правило, како воен инвалидитет туку, во смисла на член 13 од Законот, може да се земе предвид само како настанато влошување (хронични гризлици, елефантијаза), ако тоа проширување настанало за време и поради напорите под околностите од чл. 3 до 7 на Законот.

Проширувањето на вените по ранување се зема предвид само ако тоа проширување настанало поради промени на крвотокот предизвикани со ранување и со медицински утврдени трауми (директна повреда, лузни и сл.), или ако е последица на тромбофлебитиди предизвикани со трауми или со општи и локални инфекции, а ќе се цени независно од одредбите на член 13 од Законот.

2. Процентот на воениот инвалидитет поради трофична промена на екстремитетите предизвикана со етангинд се утврдува според тежината на анатомските и функционалните оштетувања, независно од одредбите на член 13 од Законот ако тие настанале како последица од замрзнување или од пегав тифус, а во смисла на член 13 од Законот, ако етиологијата е од ендогено или неутврдено потекло.

23. Утврдувањето на природата на нападите за кои се сомнева дека се епилептични, на нивната фреквенција и на причинската врска помеѓу повредите и заболувањата настанати под околностите од чл. 3 до 7 на Законот и епилептичните напади, се врши во специјализирана установа со помош на најсовремени уреди и со примена на признаени методи.

24. Ендогени душевни заболувања, како болести за кои не може со сигурност да се заклучи дека се предизвикани со напори настанати под околностите од чл. 3 до 7 на Законот, но може да се заклучи дека тие напори значително влијаеле врз нив, можат да се земаат како основ за утврдување на воениот инвалидитет, ако болеста настанала под тие околности или најдоцна во рок од една година од денот на престанокот на тие околности, односно во рокот од член 75 на Законот. За таквите заболувања процентот на воениот инвалидитет се утврдува со примена на член 13 од Законот, и тоа привремено, сé додека со тераписка постапка во специјализирана здравствена установа не се постигне оздравување или стабилизирање на процесот, кога се определува постојаниот процент на воениот инвалидитет.

Утврдувањето на дијагнозата и на другите суштествени факти во врска со болестите од став 1 на оваа точка го врши специјалист невропсихијатар по претходно посматрање во соодветната установа.

25. Неврозите што за првпат се појавиле под околностите од чл. 3 до 7 на Законот, а за кои е утврдено дека повеќе не можат да се отстранат или ублажат со психотераписки и други постапки, ниту по долго стручно лекување, се земаат предвид како основ за утврдување на процентот на воениот инвалидитет, како болести врз чие настанување напорите под тие околности значително влијаеле, во смисла на одредбите на член 13 од Законот.

При утврдувањето на процентот на воениот инвалидитет, покрај тежината на болеста, се води сметка и за траењето и за видот на тегобите на кои инвалидот бил изложен (став 1). Утврдениот процент на воениот инвалидитет е конечен и дополнително не може да се зголеми поради влошување на болеста.

Дијагнозата и другите факти потребни за утврдување на процентот на воениот инвалидитет кај неврозата треба да бидат поставени од специјалист невропсихијатар по сестран преглед и по евентуално посматрање на специјализирано одделение.

Неврози чии први појави не се појавиле во околности од став 1 на оваа точка или најдоца во рок од шест месеци од денот на престанокот на тие околности, односно во рокот од член 75 на Законот не се земаат, по правило, како основ за признавање на воениот инвалидитет.

26. При утврдувањето на поцентот на воениот инвалидитет кај тубрекулозата, не се применува, по правило, принципот на влошување предвиден во точка 9 на ова упатство, туку се смета дека болеста настанала под околностите од чл. 3 до 7 на Законот. Ако се утврди дека туберкулозното заболување на органите постоело и пред почетокот на тие колности, дека не било наполно излекувано или дека повлекувало инвалидитет за повеќе од 20% според Листата на процентите, се утврдува процент на воен инвалидитет само за настанатото влошување. Се смета дека заболувањето постоело однапред, а во околностите од чл. 3 до 7 на Законот само се влошило, ако активниот процес е утврден пред истекот на шест недели од денот на настапувањето на околностите од одредбите на тие членови, односно ако утврдената состојба е од медицински очигледно постар датум (состојба по хируршко-ресекциони или колапсни методи, стари фиброзни процеси, лузни од фистули и од анкилоза кај коскената туберкулоза итн.).

При утврдувањето на процентот на воениот инвалидитет кај туберкулозата, покрај клиничките и анамнестичките податоци е задолжителен и наод од соодветен специјалист со рендгенски и лабораториски податоци Секој случај се оценува индивидуално, така што при тоа се води сметка за проширеноста на процесот. за активноста и динамиката на процесот, како и за општата здравствена состојба.

При утврдувањето на процентот на воениот инвалидитет кај туберкулоза настаната во врска со рана, повреда или озледа, се смета дека причинска врска помеѓу нив и туберкулозата постои ако се утврди дека постои туберкулозно заболување на повредениот орган односно на повредениот дел на телото, како и дека првите знаци на болеста настанале по истекот на шест недели, а најдоцна по истекот на шест месеци од денот на ранувањето, повредата или озледата.

Туберкулозните заболувања настанати по војната при утврдувањето на процентот на воениот инвалидитет можат да се земат како да настанале за време на војната и во врска со воени напори, ако првите активни појави настанале најдоцна во рок од една година од денот на завршувањето на војната и ако постоеле значителни и долготрајни воени напори.

По завршениот процес на туберкулоза на коските и зглобовите последиците од таквото заболување се оценуваат како кај траума на соодветните органи, со тоа што процентот на воениот инвалидитет се зголемува за 10% до 30%, а зависно од природата на заболувањето, од квалитетот на излекувањето и од потребата од превентивна имобилизација.

Кај сите форми на туберкулоза процентот на воениот инвалидитет се утврдува привремено до потполно излекување односно до стабилизација на процесот без знаци на активност. Во секој случај кај туберкулозата се определува траен процент, според најдената состојба најдоцна десет години по првото здобивање со инвалидност по основ на такво заболување.

27. Утврдувањето на процентот на воениот инвалидитет кај срцевите заболувања се врши, по правило, по принципот на влошување во војната во смисла на член 13 од Законот, еднаш за секогаш. Инволутивните и старечките промени на кардиоваскуларниот апарат не можат да се сметаат како последица настаната под околностите од чл. 3 до 7 на Законот и не се земаат предвид при утврдувањето на воениот инвалидитет.

Исклучок прават органските заболувања на срцевите залистоци и на миокардот настанати за време на траењето на инфективни заболувања што можат да предизвикаат промена на срцето, а се утврдени за време на траењето на околностите од чл. 3 до 7 на Законот или најдоцна во рок од три месеци по завршувањето на војната, односно во рокот од член 75 на Законот. Во случај за утврдување на процентот на воениот инвалидитет се зема предвид целокупното оштетување на срцето.

28. Процентот на воениот инвалидитет за последици на документирана контузија на мозокот или на 'рбетниот мозок која оставила видни траги или на неа укажуваат органско невролошкиот статус на трајно оштетување на централниот нервен систем, рендгенските или други објективни резултати а тоа и клиничкиот наод го потврдува, се утврдува како и кај повреда според степенот на оштетувањето.

29. Процентот на воениот инвалидитет поради шекерна болест од нетрауматско потекло, како заболување настанато од непознати ендогени причини, се утврдува според начелото на влошување во смисла на член 13 од Законот еднаш за секогаш.

Шекерната болест појавена непосредно по повреда на главата 'рбетот или на други органи се смета како да е предизвикана со животните услови настанати под околностите од чл. 3 до 7 на Законот.

30. При утврдувањето на процентот на воениот инвалидитет, лузните се земаат предвид ако ја попречуваат функцијата на некој орган или на некој дел на телото односно ако создаваат нагрденост.

Процентот на воениот инвалидитет поради прекин на мускулите или на тетивите се утврдува според степенот на оштетувањето на функцијата на мускулите или на тетивите.

Процентот на воениот инвалидитет поради атрофија на мускулите не се утврдува самостојно, туку како секундарна појава на озледа, повреда или болест се утврдува според оштетувањето на функцијата на соодветниот орган.

Процентот на воениот инвалидитет поради воспаление на зглобовите односно поради последици на таквото заболување се утврдува како за траумите на зглобовите или како за последицата што воспалението на зглобовите ја предизвикало на срцето.

31. Процентот на воениот инвалидитет предизвикан со дејство од топлина, студ, електрицитет, радиоактивно зрачење, како и од токсични, каустични и корозивни супстанции, се утврдува според степенот на оштетувањето на соодветниот орган.

32. Процентот на воениот инвалидитет кај малигните тумори, настанати на стари лузни и на хронични фистули или по терапија со рендгенски зраци или со радиум, ако зрачењето е преземено заради лекување на воениот инвалидитет, како и кај ретки коскени саркоми настанати по контузија, ако се појават на контузуваниот дел и ако за тоа постојат сигурни докази, се утврдува според принципите за утврдување на процентот на воениот инвалидитет кај повредите или заболувањата на односниот орган или делови на телото, земајќи го предвид и малигнитетот на туморот, а може да биде и до 100% со додаток — I група.

Процентот на воениот инвалидитет кај другите малигни тумори кои не настанале на начин од став 1 на оваа точка се утврдува врз основа на критериумите од точ. 9 и 10 на ова упатство.

III. Завршни одредби

33 Со денот на влегувањето во сила на ова упатство престанува да важи Упатството за утврдување на процентот на воениот инвалидитет („Службен лист на СФРЈ", бр 36/70).

34. Ова упатство влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 7-1488
22 март 1973 година
Белград

Заменик-сојузен
секретар за труд и социјална
политика,

Абдурахим Жури, с. р.

ЛИСТА НА ПРОЦЕНТИТЕ НА ВОЕНИОТ ИНВАЛИДИТЕТ

ГЛАВА I — РАКАТА

А. Шаката

а) Прстите

Ограничена подвижност (КОНТРАКТУРА):

1. Ограничена подвижност на сите прсти на шаката, во помал степен — — — — — — — —	20%
2. Ако ваквите промени се на обете раце — — — — — — — —	30%
3. Ограничена подвижност на сите прсти од една шака, во поголем степен — — — — — — — —	30 до 50%
4. Ако ваквите промени се на обете раце — — — — — — — —	40 до 80%
5. Ограничена подвижност на палецот на една шака во два зглоба	под 20%
6. Ако ваквите промени се на обете раце — — — — — — — —	20%
7. Ограничена подвижност на кој и да било друг прст поединечно —	под 20%
8. Ограничена подвижност на повеќето прсти на една шака, освен палецот, според степенот — —	20 до 40%
9. Ако ваквите промени се на обете раце, според степенот — — —	30 до 60%

Процентот кај силно изразени контрактури во лоша положба, кои практично ја исклучуваат секоја функција, се утврдува како кај ампутација.

При примена на точ. 3, 4, 8 и 9 на оваа листа се води сметка за функционалната важност на одделни прсти за функција, се утврдува како кај ампутација.

Потполна вкочанетост на зглобовите (АНКИЛОЗА):

10. Анкилоза на палецот во интерфалангеалниот зглоб — — —	под 20%
Ако ваквите промени се на обете шаки — — — — — — — —	20%
11. Анкилоза на палецот во метакарпофалангеалниот зглоб — —	20%
Ако ваквите промени се на обете шаки — — — — — — — —	30%
12. Анкилоза на палецот во интерфалангеалниот зглоб во неповолна положба — — — — —	20%
Ако ваквите промени се на обете шаки — — — — — — — —	30%
13. Анкилоза на палците во метакарпофалангеалниот зглоб во неповолна положба — — — — —	30%
Ако ваквите промени се на обете шаки — — — — — — — —	40%
14. Анкилоза на повеќето прсти, освен палецот на една шака, според положбата, поволна или неповолна за функција — — — —	30 до 40%
15. Ако ваквите промени се обострани — — — — — — — —	40 до 60%
16. Анкилоза на сите прсти на една шака, според поволна или неповолна положба — — — — —	40 до 60%
17. Ако ваквите промени се обострани во поволна положба — —	70 до 80%
во неповолна положба — — —	90 до 100%
	— II група

АМПУТАЦИЈА:

18. Ампутација на палец, на обете фаланги — — — — — — —	30%
19. Ампутација на обете фаланги на палец со метакарпалната коска	40%
20. Ампутација на кој и да е прст, освен палецот или показалецот —	под 20%
Ампутација на показалецот —	20%
Ампутација на показалците на обете шаки — — — — — — —	30%
21. Ампутација на два прста без метакарпалната коска — — —	20%
Ампутација на показалецот и средниот прст — — — — —	30%
Ако промените се обострани (со оглед на значењето на ампутираните прсти) — — — — — —	30 до 50%
Ако се ампутирани два прста со метакарпалните коски, и тоа:	
22. Палецот и показалецот — — —	50%
23. Показалецот и средниот — —	40%
24. Средниот и домалиот — — —	40%
25. Домалиот и малиот — — — —	30%
Три и повеќе прсти со сочувани метакарпални коски, и тоа:	
26. Палецот од кои и да било два прста (освен показалецот) — —	50%
Ако е ампутиран и показалецот, се определува + 10%	
27. Показалецот, средниот и малиот прст — — — — — — —	40%
28. Четирите последни прсти на една шака — — — — — — —	50%
— а на обете шаки — — — —	80%
29. Палецот од кои и да било три прсти на иста шака — — — —	60%
30. Сите прсти на една шака — —	70%
31. Сите прсти на обете шаки — —	100%
	— I група
32. Обата палца и еден показалец —	60%
33. Обата палца — — — — —	50%
34. Обата палца, еден показалец и еден среден прст — — — —	70%
35. Обата палца и обата показалца	80%
36. Обата палца и други три прста, но не сите на иста шака — —	80%

Три прсти со метакарпалните коски:

37. Палецот, показалецот и средниот прст — — — — — — — 60%
38. Показалецот, средниот и малиот прст — — — — — — — 50%
39. Средниот, домалиот и малиот прст — — — — — — — 40%

ДЕЛУМНА АМПУТАЦИЈА:

40. Еден член од палец и два члена од показалец — — — — — 20%
41. Еден член од палец и два члена од показалец, со слабо подвижни чкунки — — — — — — — 30 до 40%
42. Кај делумна ампутација на повеќе прсти процентот се определува според дадената шема, сумирајќи ги за загуба на член од секој прст соодветните проценти, па ако е збирот поголем од 15% — се определува 20%, ако е поголем од 25% — се определува 30% итн., и тоа:
за еден член од палец — — — 8%
за еден член од показалец — — 6%
за еден член од другите прсти — 4%

ПРЕЛОМ (фрактура):

43. Преломи на метакарпални коски, без растројување на функцијата под 20%
44. Преломи на метакарпални коски или посилни деформации или исколчување на карпометакарпусот со оштетена функција а според степенот на оштетувањето, имајќи го предвид оштетувањето на шаката и на одделните прсти — — — — — — — 20 до 40%
45. Ако ваквите промени се обострани, според степенот на оштетувањето на функцијата — — — 30 до 60%

б) Рачјето

46. Ограничена подвижност на една шака, од поголем степен — — 20 до 30%
Ограничена подвижност на обете шаки — — — — — — — 30 до 40%
47. Анкилоза на зглоб на шака, во поволна положба — — — — 30%
48. Ако ваквите промени се обострани — — — — — — — 50%
Анкилозата во неповолна положба го зголемува процентот за 10 до 20, според оштетувањето на функцијата

АМПУТАЦИЈА:

49. Ампутација на една шака — — 70%
50. Ампутација на обете шаки — — 100%
— I група

Б. Подлактицата

51. Криво сраснати преломи, со ограничени движења на пронација и супинација — — — — — 20 до 30%
52. Криво сраснати преломи, со потполна вкочанетост на пронација и супинација, а положбата на шаката поволна во пронација или во средна положба — — — 40%
53. Криво сраснати преломи, со потполна вкочанетост на пронација и супинација, а положбата на шаката во супинација — — — 50%

ЛАЖЕН ЗГЛОБ:

54. Лажен зглоб на една коска — — 20 до 30%
55. Ако ваквата промена е обострана — — — — — — — 30 до 40%
56. Лажен зглоб на обете коски на една рака — — — — — — 40 до 50%
57. Ако ваквата промена е обострана 60 до 70%

АМПУТАЦИЈА:

58. Ампутација на подлактица — — 70%
59. Ампутација на обете подлактици 100%
— I група

В. Лактот

Ограничена подвижност (КОНТРАКТУРА):

60. Подвижност сочувана помеѓу 75° до потполна флексија — — — 40%
61. Подвижност сочувана помеѓу 90° и 105° односно помеѓу 90° и 75° 30%
62. Подвижност сочувана помеѓу 105° и 180°, раката во неповолна положба, во екстензија — — — 40 до 50%

ВКОЧАНЕТОСТ (анкилоза):

63. Вкочанетост под прав агол или нешто помала (90°—75°) — — 40%
64. Вкочанетост под остар агол (под 75°) — — — — — — — — 50%
65. Вкочанетост на лактот во потполна флексија — — — — — 70%
66. Вкочанетост во неповолно испружена положба (од 105° до 180°) 50 до 70%
67. Ако промените во точ. 63 до 66 на оваа листа се обострани, процентот се зголемува за 20 до 30.

ЛАБАВ ЗГЛОБ:

68. Лабав зглоб, според степенот — 30 до 50%

ПРЕЛОМИ И ИСКОЛЧУВАЊА (фрактура и луксација):

Процентот се утврдува според штетните последици по функцијата на лакотниот зглоб. Исто така се оценуваат и застарените исколчувања и последиците од исколчувањето.

АМПУТАЦИЈА:

69. Ампутација на рака во лактот (ексартикулација) — — — — 80%
70. Ампутација на обете раце во лактот — — — — — — — 100%
— I група

Г. Мишката

ПРЕЛОМИ:

71. Неправилно сраснат прелом на мускулната коска, со скратување но без штетни последици во соседните зглобови — — — — под 20%

ЛАЖЕН ЗГЛОБ (псевдоартроза):

72. Псевдоартрози на мускулната коска, според степенот на оштетеноста (потребен ортопедски апарат — — — — — — — — — 40 до 60%

73. Ако ваквите промени се обострани — — — — — — — — 60 до 80%

АМПУТАЦИЈА:

74. Ампутација на една рака во мишката — — — — — — — — 90%

75. Ампутација на обете раце во мишките — — — — — — — — 100% — I група

Д. Рамото

Ограничена подвижност (КОНТРАКТУРА):

76. Ограничена подвижност на едно рамо, во потежок степен (раката не може да се подигне над хоризонталата), според степенот на оштетувањето на функцијата — 20 до 40%

77. Ако ваквите промени се обострани, според степенот на оштетувањето на функцијата — — — 30 до 60%

АНКИЛОЗА:

78. Потполна анкилоза на едно рамо, според положбата — — — — 40 до 60%

79. Ако ваквите промени се обострани — — — — — — — — 60 до 80%

ИСКОЛЧУВАЊЕ (луксација):

80. Лабав зглоб на едно рамо, привремено — — — — — — — — 30 до 40%
Ако не е можно излекување по оперативен пат, ќе се определи постојан процент.

81. Лабав зглоб на обете раменја — Застарените и ненаместените исколчувања се оценуваат како контрактурите и анкилозите. 50 до 60%

82. Ексартикулација на една рака во рамото — — — — — — — — 100%

83. Ексартикулација на обете раце во раменјата — — — — — 100% — I група

Ѓ. Прелом на клучната коска (clavicula)

Преломите на клучната коска се земаат предвид за утврдување на процентот на воениот инвалидитет само ако постои ограничена подвижност на раменот зглоб или компликации во врска со соседните нерви или крвни садови.

Е. Нервите

84. Потполна фатеност (парализа) на целиот плексус брахиалис — — 90%

85. Фатеност на горниот дел на плексус брахиалисот
— делумна — — — — — — — 20 до 50%
— потполна — — — — — — 60%

86. Потполна фатеност (парализа) на долниот дел на плексус брахиалисот
а) делумна:
од полесен степен — — — 20 до 30%
од потежок степен — — — 40 до 60%
б) потполна — — — — — 70%

87. Парализа на н. аксиларисот — 30%

88. Парализа на н. медианусот или на н. радиалисот или улнарисот 50%

89. Пареза на н. медианусот или на радиалисот или улнарисот — — 20 до 40%

90. Парализа на н. мускулокутанеусот — — — — — — — — 30%
Пареза на н. мускулокутанеусот 20%

91. Потполна фатеност на обете раце 100% — I група

Кај парализа на кој и да е од наведените нерви на обете раце, процентот се зголемува за 20 до 30. За заболувањата од точ. 85, 86 и 89 на оваа листа процентот се определува зависно од функционалното значење на фатените мускули и од тежината на изменетоста на елекричниот наод.

ГЛАВА II — НОГАТА

А. Стапалото

ОГРАНИЧЕНА ПОДВИЖНОСТ И ВКОЧАНЕТОСТ (КОНТРАКТУРА И АНКИЛОЗА):

92. Ограничена подвижност на прстите — — — — — — — — под 20%
Процентот кај анкилоза на сите прсти во лоша положба, кои го попречуваат одот, се утврдува како кај ампутацијата на прстите

АМПУТАЦИЈА И ЕКСАРТИКУЛАЦИЈА:

93. Ампутација на палец без метатарзална коска — — — — — под 20%

94. Ампутација на палец со метатарзална коска — — — — 20%

95. Ампутација на два или три прста, со метатарзалните коски — 30%

96. Ако се ампутирани сите прсти на една нога без метатарзална коска, според состојбата на лузната — — — — — — — — 20 до 30%
Ако се во прашање ампутации од точ. 94, 95 и 96 на оваа листа на обете нозе, процентот се зголемува за 10 до 20.

Б. Доножјето

ПРЕЛОМ (фрактура):

97. Прелом на една или повеќе метатарзални коски, само ако има за последица деформација на стапалото и на прстите и го отежнува одот — — — — — 20 до 30%

АМПУТАЦИЈА И ЕКСАРТИКУЛАЦИЈА:

98. Ампутација во стапало според Lisfranck (exarticulatio tarsometatarsea), според состојбата на лузната — — — — — — — — 30 до 40%
Обострана ампутација според Lisfranck според состојбата на лузната — — — — — — 50 до 70%

В. Ножјето

ПРЕЛОМ (фрактура):

99. Преломи на една или повеќе тарзални коски, со деформација на стапалото — — — — — — 20 до 40%

АМПУТАЦИЈА:

100. Ампутација според Chopart (exarticulatio tarsi transversa), според состојбата на лузната — 40 до 50%
101. Обострана ампутација според Chopart, според состојбата на лузната — — — — — — 60 до 80%

Г. Скочниот зглоб

ОГРАНИЧЕНА ПОДВИЖНОСТ (контрактура):

102. Контрактура на стапалото во еквинусот, според степенот — — 20 до 30%
103. Контрактура на стапалото во калканеус-положба — — — 30%
Ако промените од точ. 102 и 103 на оваа листа се обострани, процентот се зголемува за 20.

АНКИЛОЗА:

104. Анкилоза под прав агол — — 20%
105. Анкилоза во неповолна положба, под кој и да е друг агол — — 30 до 50%
106. Ако предните промени се на обете стапала — — — — — 50 до 70%

АМПУТАЦИЈА И ЕКСАРТИКУЛАЦИЈА:

107. Ампутација според Пирогов — 60%
108 Ексартикулација во скочниот зглоб — — — — — — — 60%
109. Ако горните ампутации се обострани, според оштетувањето на одот — — — — — — — 80—100%
— II група

Д. Потколениците

ПРЕЛОМ (фрактура):

110. Добро сраснати преломи на потколениците, без атрофија на мускулите, со сочувана подвижност на соседните зглобови
— без скратување — — — — под 20%
— со скратување до 3 cm — — 20%
Добро сраснати преломи на потколениците при условите од ставот 1 на оваа точка над 3 cm и лошо сраснати преломи со скратување до 3 cm — — — — 30%
111. Лошо сраснати преломи на потколениците, со скратување над 3 cm, а спрема степенот на скратувањето — — — — — — 30 до 40%
112. Лошо сраснати преломи на потколениците, со деформација, со девијација на стапалото, со големи длабоки лузни, со атрофија на мускулите, со постојан оток, според степенот на загубата на функцијата на одот или според оштетувањето на функцијата на соседните зглобови — — — 40 до 50%
Ако промените од точ. 110 до 112 на оваа листа се на обете нозе, процентот се зголемува за 20 до 30

ЛАЖЕН ЗГЛОБ:

113 Лажен зглоб на потколениците, според тежината на случајот — 50 до 60%
114. Лажен зглоб на обете потколеници, според тежината на случајот — — — — — — — 70 до 100%
— II група

АМПУТАЦИЈА:

115. Ампутација на нога во потколениците — — — — — — — 70%
116. Ампутација на обете потколеници — — — — — — — 100%
— II група
117. Ампутација на обете потколеници, со кратки или згрчени чкунки негодни за протези, или со ограничени движења во коленото — — — — — — — 100%
— I група

Ѓ. Чашката

118. Лажен зглоб на чашката, според степенот на оштетувањето на функцијата на зглобот — — 20 до 30%
119. Лажен зглоб на обете чашки — 40 до 50%

Е. Коленото

ОГРАНИЧЕНА ПОДВИЖНОСТ (контрактура):

120. Контрактура на колено од десмогено или артрогено потекло, со можност за екстензија, според степенот на можната екстензија:
— од 150° до 170° — — — — 20 до 40%
— под 150° — — — — — — 50 до 60%
121. Кај обострана контрактура на колената, процентот се зголемува за 20 до 30.

ПОТПОЛНА ВКОЧАНЕТОСТ (анкилоза):

122. Анкилоза на едно колено во поволна положба — испружена или скоро испружена — — — 40%
123. Обострана анкилоза на колената во поволна положба — — — 70%
124. Анкилоза на едно колено во лоша положба (во флексија од 150° до потполна флексија) — — — — — — — — 50 до 60%
125. Обострана анкилоза во лоша положба — зависно од аголот — 70 до 100%
— II група
126. Лабав зглоб на коленото, според степенот на оштетувањето на функцијата — — — — 20 до 40%

Ж. Бутната коска

ПРЕЛОМ (фрактура).

127 Прелом на бутната коска, со скратување до 3 cm без атрофија на мускулите и без контрактура на зглобовите — — — — 20%
128. Прелом на бутната коска со скратување од 3 до 6 cm — — 20 до 40%
129. Прелом на бутната коска со скратување над 6 cm — — — 50 до 60%
Ако, покрај скратувањата од точ. 128 и 129 на оваа листа, постои деформација или контрактура во соседните зглобови, процентот се зголемува за 10 до 20.
130. Лошо сраснат прелом на вратот од бутната коска, според степенот на оштетувањето на функцијата — — — — — — — 40 до 60%
Ако се оштетени обата соседни зглоба, процентот се зголемува за 20.

ЛАЖЕН ЗГЛОБ (псевдоартроза):

131. Лажен зглоб на бутната коска — 60 до 70%
132. Лажен зглоб на вратот од бутната коска — — — — — — — 60 до 80%

Ако промените од точ. 131 и 132 на оваа листа се обострани, процентот се зголемува за 20.

АМПУТАЦИЈА:

133. Ексартикулација во коленото — 80%
134. Ексартикулација во коленото, обострано — — — — — — 100%

— I група

135. Ампутација во ниво на бутот — 90%
136. Ампутација на обете нозе над колената — — — — — — 100%

— I група

З. Колкот

КОНТРАКТУРА:

137. Ограничена подвижност во зглобот на колкот — — — — — 20 до 40%
138. Ограничена подвижност на колкот, нога во флексија, според степенот на флексијата или нога во абдукција, во внатрешна или надворешна ротација или во друга неповолна положба — — 40 до 60%

Ако промените од точ. 137 и 138 на оваа листа се обострани, процентот се зголемува за 20 до 30.

АНКИЛОЗА:

139. Анкилоза на колкот во поволна положба — — — — — — 50%
140. Анкилоза на колкот во неповолна положба — — — — — 60 до 70%
141. Анкилоза на обата колка во која и да е положба — — — 100%

— I група

АМПУТАЦИЈА:

142. Ексартикулација на нога во колкот — — — — — — 100%

— II група

143. Обострани ексартикулации во колкот — — — — — — 100%

— I група

КОМБИНИРАНА АМПУТАЦИЈА (рака и нога):

144. Ампутација на една рака и една нога, или потполна неупотребливост на една рака и една нога — 100%

— I група

Ѕ. Нервите

145. Парализа на целиот лумбосакрален плексус — — — — — 90%

Обострана парализа на лумбосакралниот плексус — — — — 100%

— I група

146. Парализа на ишијадичниот нерв 60%
147. Пареза на ишијадичниот нерв 20 до 50%
148. Парализа на n. peroneus — — 40%
149. Пареза на n. peroneus — — — 20 до 30%
150. Парализа на n. tibialis — — — 50%
151. Пареза на n. tibialis — — — 30%
152. Парализа на n. femoralis — — 50%
Пареза на n. femoralis — — — 30%

Ако парализите и парезите од точ. 146 до 152 на оваа листа се обострани, процентот се зголемува за 20 до 30.

И. Крвните садови

153. Аневризми на помалите артерии: на шака или стапало, на една артерија од подлактицата или потколеницата и др., кога не предизвикуваат поголеми функционални пречки — — — — 20%
154. Аневризми на обете артерии од шака или стапало — — — 30 до 40%
155. Аневризми на обете артерии од подлактицата или потколеницата — — — — — — — 30 до 50%
156. Аневризми на art. femoralis или на art. popliteae — — — — 40 до 60%
157. Аневризми на art. axilaris или на art. brachialis — — — — — 50 до 70%
158. Аневризми на art. carotis — — 50 до 80%
159. Аневризмите на важни и потешко пристапни артерии за хируршка интервенција, како art. iliaca, femoralis над чаталот axilaris, subclaviae, се оценуваат како постојана неспособност, спрема тежината на случајот — — 50 до 80%
160 Проширување на вените на нога, од поголем степен (varices) — 20 до 30%
161. Проширување на вените на нога, со гризлици и едем — — 30 до 50%
162. Елефантијаза како последица на лимфен застој на нога — — 30 до 50%

Ако промените од точ. 160, 161 и 162 на оваа листа се обострани, процентот се зголемува за 10 до 20, зависно од тежината на случајот.

163. Тромбофлебитис со елефантијаза како последица од рануање или како компликација во постоперативен тек:
— на една нога — — — — 30 до 50%
— на обете нозе — — — — 40 до 70%

ГЛАВА III — ГЛАВАТА

А. Черепот и мозокот

164. Скалпирана кожа на главата, од поголеми размери — — — — 20 до 40%
165. Фрактура на черепот, без коскени дефекти и без нервни растројувања — — — — — — под 20%
166 Фрактура на черепот, со дефект на коските или со импресија, без нервни растројувања, зависно од големината и локализацијата на дефектот односно на импресијата — — — — — — — 20 до 30%
167. Фрактура на черепот, без коскени дефекти, но со појави на траматска енцефалопатија, според тежината:
— лесни псевдоневрастенични појави — — — — — — 20 до 30%
— изразени псевдоневрастенични појави — — — — — — 40 до 60%

— тешки псевдоневрастенични појави — — — — — — — 70 до 90%

Трауматската енцефалопатија се признава само ако покажува килинички, пнеумо- и електроенцефалографски објективни знаци. Субјективниот синдром без органски невролошки наод, се оценува како невроза.

168. Процентот за фрактура на черепот со или без дефекти на коските а со органски нервни растојувања, се утврдува според соодветните повреди од точ. 165 до 167 на оваа листа

169. Клинички утврдена епилепсија настаната поради повреда или болест:

— кога нападите се ретки — 20 до 30%

— кога нападите се чести, 1 до 3 пати месечно — — — — 40 до 60%

— кога нападите се мошне чести, 1 до 3 пати неделно — — 60 до 80%

— кога нападите се многу чести, еднаш или повеќе пати дневно 100%

— I група

Оценувањето по оваа точка се врши и ако е лекувањето во тек.

Ако покрај епилептичните напади, без оглед на нивната зачестеност, постојат трајни психички промени кои тешко го компромитираат социјалното обносување било поради растројувања во интелигенцијата било поради карактерни растројувања, процентот се зголемува за 40 до 60, а во најтешките случаи изнесува 100% — I група. 100%

— I група.

Кај другите нетрауматски епилепсии, процентот се утврдува во смисла на член 13 од Законот за воените инвалиди.

Б. Мозочните перви

170. Парализа на n. olfactorius, обострана — — — — — — — 20%

171 Парализа на абдуценсот или трохлеарисот — — — — — 30%

Парализа на окуломоториусот — 40%

Пареза на окуломоториусот — 20 до 30%

172. Парализа на сите три нерви двигатели на окото, на едното око — — — — — — — — 50%

Пареза — — — — — — — 30 до 40%

173. Обострана парализа на сите три нерви двигатели на окото — — 60 до 80%

174. Потполна парализа, со обострана комплетна птоза на капаците — — — — — — — 100%

— II група

175 Атрофија на видниот нерв, потполна — — — — — — — 50%

176. Атрофија на обата видни нерва 100%

— I група

Непотполните атрофии на видниот нерв се оценуваат според степенот на оштетувањето на видот.

177. Парализа на нервот на лицето од едната страна — — — — 50%

Обострана парализа на нервот на лицето — — — — — 70%

Пареза на нервот на лицето — Едностран пареза каде што окото се затвора — — — — 30%

Обострана пареза, каде што очите се затвораат — — — — под 20%

178. Парализа на слушниот нерв:

— едностран, со загуба на слухот на односното уво — — 20%

— обострана, со умерено намалување на слухот — — — 20 до 40%

— обострана, со тешко намалување на слухот (социјалниот контакт значително отежнат) од 40 до 60%

— потполна глувота — — — 70%

179. Оштетување на вестибуларниот апарат на едно уво — — — 20 до 60%

Оштетување на вестибуларниот апарат, обострано — — — — 30 до 80%

Инвалидитетот трае пет години, потоа повторно се оценува.

180. Оштетување на n. trigeminus:

— на н. офталмикус — сензитивна гранка, ако постојат компликации во вид на невропаралитичен кератитис и на секундарно оштетување на видот, според степенот на оштетувањето на видот — — 30 до 50%

При потполна загуба на видот 50%

— оштетување на моторниот дел на тригеминусот, со трофија на мускулатурата за џвакање 30 до 40%

181. Невралгија на n trigemini во потешки случаи — — — — — 30 до 60%

Во најтешките случаи по неуспешни обиди за лекување по хируршки пат — — — — 60 до 100%

— I група

Есенцијална тригеминус невралгија не повлекува инвалидитет.

182. Фатеност на булбарните нерви — 30 до 80%

Во најтешките случаи на булбарна парализа — — — — до 100%

— I група

183. Хемипареза:

— од полесен степен — — — 30 до 50%

— од потежок степен — — — 60 до 70%

184. Хемиплегија — — — — — 80 до 100%

— I група

Додаток за нега и помош од друго лице се определува само кај свежи хемиплегии — привремено за една година, а трајно ако е во прашање контрактура на нога во флексија та одот и покрај помагала не е можен.

185. Таламичен синдром:

— од полесен степен — — — 30 до 50%

— од среден степен — — — 60 до 80%

— од тежок степен — — — 80 до 100%

— II група

При оценување на инвалидитетот задолжителна е хоспитализација во невропсихијатриска установа.

186. Органски трауматски психосиндром, според тежината на психичките растројувања:

— изразени растројувања — — 50 до 70%

— тешки растројувања — — — 70 до 100%

— I група

При оценување на инвалидитетот неопходна е документација што ја докажува непосредната врска помеѓу повредата на мозокот и психичките растројувања. При определување на процентот на инвалидитетот треба детално да се испитаат психичките функции (состојбата на интелектуалните функции, паметењето, вниманието, афективните промени итн.).

187. Афазии, без други растројувања:
— моторни — — — — — 20 до 40%
— мешани или сензорни — — 30 до 60%

188. Афазија од потежок степен — 50 до 100%
— I група

189. Мултипла склероза:
— средно тешки случаи — — 60%
— тешки случаи — — — — 70 до 80%
— најтешки случаи — — — 90 до 100%
— II група

во смисла на член 13 од Законот за воените инвалиди.

190. Паркинсонизам, ако неговиот почеток може сигурно да се доведе во врска со енцефалитис, со егзогена интоксикација или со потешка повреда на мозокот, здобиени во војна:
— од полесен степен — — — 20 до 30%
— од среден степен — — — 40 до 60%
— од потежок степен — — — 70 до 100%
— II група
— од најтежок степен — — — 100%
— I група

ГЛАВА IV — 'РБЕТОТ И 'РБЕТНИОТ МОЗОК

191. Хернија на интервертебралниот диск, ако настанала непосредно по верификувана траума и ако постојат трајни оштетувања на корените на лумбосакралниот или цервикобрахијалниот плексус:
— од полесна форма, со полесно оштетување на мотолитетот и сензибилитетот — — — 20 до 30%
— од тешка форма — — — 40 до 50%
— од тешка форма, со изразено оштетување на мотолитетот, со атрофии и со трофички појави од определена радикуларна зона или од сегментот на 'рбетниот мозок — — — 60 до 100%
— II група

192. Спондилартроза и спондилартрит, ако постојат:
— промени утврдени со рендгенски преглед, но без растројувања на функцијата на 'рбетниот столб — — — — — под 20%
— промени утврдени со рендгенски преглед, со оштетување на функцијата на 'рбетниот столб — — — — — 20 до 50%
— промени утврдени со рендгенски преглед, со тешко оштетување на функцијата на 'рбетниот столб — — — 60 до 100%
— II група

193. Свежи фрактури на 'рбетните прешлени, без нервни растројувања, првите две години привремено — — — — — — — 40 до 60%

194. Консолидирани фрактури на прешлените, без нервни растројувања, по две години трајно:
— со помали деформации — — 20 до 30%
— со поголеми деформации — 40 до 50%

195. Консолидирани фрактури на 'рбетот, со парапаретични појави од полесен степен — — — — 40 до 60%

196. Консолидирани фрактури на 'рбетот, со парапаретични појави (за првите две години привремено, а после трајно):
— од среден степен — — — 60 до 70%
— од потежок степен (одот можен со помош на помагала) — 80 до 100%
— II група

197. Консолидирани фрактури на 'рбетот, со флакцидна параплегија или со спастична параплегија во флексија — трајна неподвижност и врзаност за постела — — — — — — — 100%
— I група

198. Консолидирани фрактури на цервикалниот дел на ,рбетот, со лезија на цервикалната медула и со паретични појави на горните и долните екстремитети:
— полесни форми — — — 40 до 50%
— изразени форми — — — 60 до 70%
— потешки форми — — — 80 до 100%
— II група
— најтешки форми — инвалид неподвижен и не може да служи со рацете — — — — 100%
— I група

За сите други синдроми: сирингомиелија, амио трафична латерална склероза, мускуларни дистрофии итн. важи начелото на влошување (точ. 9 и 10 од ова упатство).

199. Церебрален атактичен синдром по траумата (за првите три години привремено а потоа трајно);
— лесни форми — — — — 20 до 30%
— умерено изразени форми — 40 до 60%
— потешки форми — — — 70 до 90%
— најтешки форми — неможност за движење поради атакции — — — — — — 100%
— I група

200. Полиневритичните синдроми се оценуваат до стабилизација привремено, а потоа постојано:
— лесни форми со дискретно оштетување на мотолитетот 20 до 40%
— средно тешки форми — умерени оштетувања на мотолитетот — — — — — — 50 до 60%
— тешки форми со изразено оштетување на мотолитетот, сензибилитетот и трофиката — одот можен со помош на помагала — — — — — 70 до 100%
— II група
— најтешки форми — тешки оштетувања на мотолитетот со атрофии, со тешки трофички

пречки и со потполна фатеност на екстремитетите — инвалид неподвижен — — — 100% — I група

За оцена на органските нервни оштетувања задолжителен е наодот на невролог.

ГЛАВА V — НЕВРОЗИТЕ

201. Нервните и психичките растројувања (психонервоза, невростенија, хистерија и сл.) се оценуваат според тежината:

— во лесни случаи — — — —	под 20%
— во средни случаи — — —	20 до 30%
— во тешки случаи — — —	40 до 60%

ПРЕЛОМ (фрактура):

202. Прелом на горната вилица, со деформација, според степенот — 20 до 50%

203. Лошо сраснат прелом на долната вилица, со растроена артикулација на преостанатите заби, според тежината — — — — 20 до 30%

204. Прелом на долната вилица, со ограничување на отворањето на устата помеѓу:

— 30 и 20 mm — — — — —	20 до 30%
— 20 и 10 mm — — — — —	40 до 50%

205. Како во точка 204 на оваа листа, растојанието помеѓу забите при максимално отворање е под 10 mm, па до наполно составени заби на горната и долната вилица — — — — — — — 60 до 80%

206. Псевдоартроза на долната вилица, привремено — — — — 30 до 50%

207. Псевдоартроза на долната вилица, со поголем дефект на коскениот масив заедно со забите, така што да отежнува или наполно оневозможува протеза или џвакање, според тежината — — — 60 до 80%

ГЛАВА VI — НАГРДЕНОСТИ НА ЛИЦЕТО

208. Нагрденоста на лицето, главата и вратот се оценува според тежината на нагрденоста, земајќи го предвид полот и староста на инвалидот (кај жени, по правило, процентот е поголем) — — 20 до 60%

Кај жените се врши оценување на нагрденоста и на другите изложени делови на телото (рака, нога, врат) иако не постои оштетување на функцијата (деформација, голема лузна и сл.) ако оценувањето не е вршено според точка 7 на ова упатство.

ГЛАВА VII — ОЧИТЕ

А. Загуба на видот

209. Загуба на едно око или на видот на едно око — — — — — — 50%

Ако видот на едно око е загубен, а на преостанатото око е намален, процентот од 50% се зголемува за 10% на секои 2/10 намалување на видот. (За намалување на видот на преостанатото око за 2/10, процентот се зголемува од 50 на 60, за 4/10 — од 50 на 70 итн.). На ист начин се оценува и намалувањето на видот на обете очи (на пример Вис. о.д. рамно 8/10, Вис. о. с. рамно 6/10). Вкупниот процент ќе изнесува 30% за намалувањето на видот за 2/10 на десното око и за намалувањето на видот за 4% на левото око (Загубата на видот се оценува со корекција).

210. Слепило, односно загуба на видот на обете очи — — — — 100% — I група

Б. Очни капаци

211. Едностраната птоза се оценува според оштетувањето на видот 20 до 50%

212. Лагофталмусот на обете очи — според степенот и оштетувањето на видот — — — — — — 40 до 70%

213. Постојано солзење како последица од повреда на солзниот канал:

— едностранo — — — — —	20 до 30%
— обострано — — — — —	30 до 50%

Процентите кај другите последици од ранување на капаците се утврдуваат според тоа колку влијаат врз оштетувањето на видот.

ГЛАВА VIII — НОСОТ

214. Загуба на носот (потполна) — 60%

215. Делумна загуба на носот, според степенот на оштетувањето на функцијата и нагрденост — — 20 до 50%

ГЛАВА IX УСТАТА И ЗАБИТЕ

216. Лузна на устата која не може да се поправи со операција, а го попречува говорот, исхраната, не ја задржува плунката итн. според тежината — — — — 30 до 60%

Ако може да се поправи со операција — привремено.

217. Повреди на непцата и јазикот што го отежнуваат голтањето и говорот во помала мера — — 30 до 40%

218. Повреди на непцата и јазикот што го отежнуваат голтањето и говорот во значителна мера — 50 до 80%

219. Потполна загуба или потполна парализа на јазикот — — — 90%

220. Делумна парализа на јазикот и непцата, со отежнат говор и голтање — — — — — — 40 до 60%

221. Загуба скоро на сите заби, со можна протеза — — — — — 30%

222. Загуба скоро на сите заби, а протеза не е можна — — — — 50%

223. Постојана плунковна фистула — неоперабилна — — — — — 20%

224. Ксеростомија (атрофија на обете плунковни жлезди) — — — 20 до 40%

ГЛАВА X — УШИТЕ И СЛУХОТ

225. Потполна загуба на слухот на едно уво — — — — — — 20%

Обострано умерено намалување на слухот (полесна наглувост, социјалниот контакт не е отежнат) 20%

Потполна загуба на слухот на едно уво и умерено намалување на слухот на другото — — 30%

Потполна загуба на слухот на едно уво и посилно намалување на слухот на другото, или обострано потешко намалување на слухот покрај отежнат социјален контакт — — — — — 40 до 60%

226. Потполна загуба на слухот на обете уши односно глувост — — 70%

При оценувањето на инвалидитетот задолжителен е отолошки и аудиометриски наод.

227. Загуба на една ушна школка — 30%

228. Загуба на обете ушни школки 50%

Кај жени процентот предвиден во точ. 227 и 228 на оваа листа може да се зголеми за 10.

229. Искривеност на вратот како последица од повреда од кој и да е вид, според степенот — — — 20 до 40%

ГЛАВА XI — ГРЛОТО (larynx)

230 Стеснетост на грлото, со отежнато дишење по повредата, според степенот — — — — — — 20 до 40%

231. Стеснетост на грлото поради повреда на грклапот или душникот, со отежнато дишење во голема мера (диспноја и без напор), според тежината — — — — 40 до 80%

232. Потребно постојано носење на канила — — — — — — 80%

233. Фатеност на грлото, според тежината — — — — — — 30 до 70%

234. Туберкулозата на грлото се оценува како отворената белодробна туберкулоза — — — — — 50 до 100% — II група

ГЛАВА XII — ЖДРЕЛОТО (pharynx)

235. Фатеност на ждрелото, според тежината — — — — — 20 до 50%

236. Стеснување на хранопроводот — според тежината (калибар на стеснувањето, потреба од постојано и често бужирање, растројување на исхраната, општа состојба) — — — — — — — 20 до 80%

237. Хранопроводот сосема затворен, исхраната низ гастрична фистула (гастростомија), според тежината, општата состојба, ухранетоста и инконтиненцијата на фистулата — — — — — — 80 до 100% — II група

ГЛАВА XIII — КАРЛИЦАТА (pelvis)

238. Добро консолидиран прелом на карличните коски без оштетување на функцијата — — — — под 20%

239. Консолидиран прелом на карличните коски како и дислокација на симфизата, со полесни и средно тешки тегоби при одот, без компликација на другите органи на карличната празнина — 20 до 40%

240. Консолидиран прелом на карличните коски, со истовремена повреда на соседните органи — процентот се определува за најмногу оштетениот орган и се зголемува за 10 до 30 според тежината на сите повреди.

ГЛАВА XIV — ГРАДНИОТ КОШ (thorax)

241. Прелом на градната коска

242. Прелом на ребрата консолидиран, без позначителна деформација на градниот кош — — под 20%

243. Прелом на ребрата лоше консолидиран, со поголеми деформации на градниот кош, но без реперкусии изразени на срцето и на белите дробови — — — — 20 до 40%

244. Како во точка 243 на оваа листа ако истовремено постои респираторна или срцева инсуфициенција според тежината на инсуфициенцијата 50 до 100% — II група

245. Плевропулмонална фистула како последица од pyothorax — — 30 до 50%

246. Плевропулмонална склероза како последица од рануване, на деформација на градниот кош, на искривеност на 'рбетот со умерена респираторна инсуфициенција, но без срцева инсуфициенција 20 до 40%

247. Обемна плевропулмонална склероза, бронхиектазија и други хронични белодрбни супарации, позначителни деформации на градниот кош (fibrothorax), потешка искривеност на 'рбетниот столо, со развиена респираторна инсуфициенција (диспноја, цијастолб, со развиена респираторна (cor pulmonale chronicum) или со амилоидоза, според тежината — 50 до 100% — II група

248. Нагрденост на боските од поголем степен — — — — — — 20 до 30%

249. Загуба на една боска — — — 30%

250. Загуба на двете боски — — — 50%

ГЛАВА XV — ТУБЕРКУЛОЗА

А. Туберкулоза на белите дробови

251. Наполно излечени или калцифицирани жаришта во хилусот или во белите дробови, од помал обем, помали прирастоци на плевра — — — — — — под 20%

252. Инактивна (лузнена) белодробна туберкулоза од среден и поголем обем, без респираторна и кардиоваскуларна инсуфициенција — 20 до 30%

Инактивна (лузнена) белодробна туберкулоза од поголем обем, со облитерирани плеврални синуси, според степенот на оштетувањето на респираторната функција 30 до 50%

253. Активна едностарна туберкулоза на белите дробови, или на плеврата со излив; пулмонални или плеврални фистули со емпием — — — — — — — 60 до 80%

254. Обострана или екстензивна едностарна активна (отворена или затворена) туберкулоза на белите дробови, прогресивна но сé уште пристапна за лекување и разни пулмонални и плеврални фистули со емпием и со општа телесна слабост од поголем степен 80 до 100% — II група

255. Прогресивна раширена активна обострана белодробна туберкулоза со развиена кахексија и со други тешки компликации (респираторна кардиоваскуларна и слична инсуфициенција, амилоидоза, итн) — — — — — — 100% — I група

256. Состојбата по оперативните интервенции на градниот кош поради туберкулоза на белите дробови се цени зависно од времето изминато од оперативниот зафат, од видот и големината на истиот, како и од функционалното оштетување на преостанатите делови:
— ексцизија на туберкуломите и на казеозните огништа, ресекција 1-2 сегменти, горна торакопластика до 4 ребра — — — 40 до 60%
— лобектомија, торакопластика на 5 до 7 ребра, даверностомија 50 до 70%
— пулмектомија, торакопластика на 8 или повеќе ребра — — — 60 до 80%
Во првите две години по операција процентот се зголемува за 20. Процентот зависи од состојбата на респираторната функција.

Б. Туберкулоза на коските и зглобовите

257. Кај активна туберкулоза на коските и зглобовите за време на еволуцијата, и тоа кај локализацијата на: 'рбетот, сакролијачниот зглоб, колкот и коленото:
— ако инвалидот не е наполно имобилен — — — — — — 60 до 100% — II група
— ако е имобилен — — — — 100% — I група

258. Кај другите коски и зглобови — според важноста на органите и активноста на процесот — — 30 до 100% — II група

В. Туберкулоза на другите органи

Кај туберкулозата на другите органи процентот на воениот инвалидитет се утврдува како кај другите заболувања на односниот орган, земајќи ја предвид туберкулозната природа на процесот и општата здравствена состојба.

ГЛАВА XVI — СРЦЕВИ ЗАБОЛУВАЊА

А. Компензирани (без развиени знаци на застој во белите дробови или во големиот крвоток):

259. Митрална инсуфициенција, со несомнен органски шум на врвот од срцето, но без позначително наголемување на срцето и без никакви појави на срцева инсуфициенција — — — — — 20%
Оценувањето по преболена ревматска треска е привремено за две години.
Ако нема никакви знаци на срцето и на зглобовите — — — 40%
Ако постојат повремени егзацербоции на зглобовите или промени на срцето — — — — — 60%
Процентот за другите срцеви заболувања ќе се утврдува според формираниот вициум и според оштетувањето на миокардот.

260. Другите органски заболувања на срцевите залистоци (а исто така и митрална инсуфициенција кога е следена со позначително наголемување на срцето), зависно од тежината на анатомското оштетување на залистоците и миокардот, ако нема знаци на суб — односно декомпензација на срцето, според степенот на наголемувањето на срцето и на електрокардиоваскуларните знаци на хипертрофија на одделни срцеви празнини — — — — 30 до 60%

261. Оштетувања на миокардот (коронарни и други), утврдени клинички, рендгенски (наголемување на срцето) или електрокардиографски (несомнени ненормалности на коморниот комплекс или тешки растројувања на срцевиот ритам), според тежината — — — — — — — — 40 до 70%

Б. Декомпензирани (со знаци на застој во белодробниот или во големиот крвоток):

262. Почетна срцева инсуфициенција, со умерено развиен белодробен застој или со умерено наголемување на црниот џигер, но таква која добро се поправува со лекување — — — — — — 60 до 80%

263. Наполно развиена срцева инсуфициенција, која недоволно се поправа со лекување и која исклучува секој физички напор — 80 до 100% — II група

264. Во најтешки форми — — — 100% — I група

Директните повреди на срцето се оценуваат како и другите срцеви заболувања, т. е. според степенот на анатомското оштетување на органот и според компензираноста на крвотокот, со тоа што процентот да може да се зголеми за 10 до 30 ако природата на повредата претставува постојана опасност за животот или го излага болниот на можност од тешки компликации (на пр. туѓо тело во срцето).

ГЛАВА XVII — СТОМАКОТ (abdomen)

265. Фистули на желудникот поради повреда, според големината на фистулата и реперкусијата на општата здравствена состојба, привремено — — — — — 50 до 100% — II група

266. Смеќавања во цревната пасажа како последица на повреда или улкусна болест, без стенотични појави — — — — — — — 20 до 40%
Смеќавања следени со стенотични промени на пилорусот или на кој и да е дел на дигестивниот трак, според тежината — 30 до 60%
Постоперативни смеќавања, како и состојба по ресекција на желудникот (по кој и да е метод) — 30 до 60%
Тешки потхранетости и постоперативен малапсорпционен синдром — — — — — — — 60 до 80%

267. Постојан anus praeternaturalis, според континенцијата — — 80 до 100% — II група

268. Стеркорални фистули тесни, дефекција нормална, општа здравствена состојба добра, привремено — — — — — — — 20 до 40%

269. Фистули широки, високо на тенкото црево, со тешки појави на денунтрација, привремено — — 70 до 100% — II група

270. Стеркорални фистули широки, ниски, без позначителю влијание врз општата здравствена состојба, привремено — — — 40 до 70%

271. Фистули анални, според тежината — — — — — — — 20 до 40%

272. Инконтиненција или стеснување на аналниот сфинктер според тежината на случајот — — — 40 до 100% — II група

273. Кила настаната на местото на повредата, привремено — — — 20 до 40%

Нетрауматичните кили не се земаат предвид за признавање на воен инвалидитет.

274. Евентрации по повреда, според тежината — привремено, ако можат да се отстранат со операција — — — — — — — 30 до 60%

275. Повреда на црниот џигер — според последиците — — — 30 до 80%

Хроничен хепатитис — според знаците на оштетувањето на функцијата на црниот џигер — 30 до 60%

Цироза на црниот џигер, како последица на преболен инфективен хепатит, во компензирана состојба — — — — — — 60%

Цироза на црниот џигер, со знаци на декомпензација — — — 70 до 100% — II група

276. Жолчни фистули постојани по повреда на жолчните патишта (привремено ако се операбилни), според тежината — — — — 20 до 30%

277. Недостаток на слезина по траума, привремено на две години 30%

По две години, ако нема знаци на оштетување на хематопоезата — — — — — — — — под 20%

ГЛАВА XVIII — УРОПОЕТИЧНИТЕ ОРГАНИ

278. Состојбата по преболен акутен дифузен гломерулонефритис се оценува привремено за една година — — — — — — — — 60%

279. Едностран хроничен пиелонефритис, според тежината — — 20 до 50%

280. Обостран хроничен пиелонефритис — — — — — — — — — 50 до 80%

Кај значителни оштетувања на функцијата на бубрезите оценувањето се врши како кај нефритот

281. Полесни форми на хроничен нефрит (умерена албуминурија со помали промени во седиментот без други ренални или општи растројувања) — — — — 20 до 30%

282. Средно тешки форми на нефрит или нефроза (обилна албуминурија со тешки промени во седиментот, умерени, едеми, умерена хипертензија, хипостенурија без азотна ретенција, помали промени на очното дно — — — 40 до 60%

Со лесно зголемена азотна ретенција, хипертензија и изразени промени на очното дно — 60 до 80%

283. Тешки форми на нефрит (изостенурии, азотна ретенција, масивни и резистентни едеми, тешка хипертензија со наголемување на срцето, едем папиле на оптичкиот нерв) — — — — 80 до 100% — II група

284. Нефректомија (другиот бубрег здрав) — — — — — — 50%

Ако другиот бубрег ќе се разболи, процентот се определува според состојбата на функцијата (точка 283).

Ако нефрекомијата се компликува со фистули, евентрација, парализа на мускулите, процентот се зголемува за 10 до 20.

285. Активна туберкулоза на еден бубрег, привремено — — — 60 до 90%

286. Активна туберкулоза на обата бубрега, привремено — — — 80 до 100% — II група

Во најтешките случаи — — 100% — I група

287. Цистит хроничен трауматичен, според тежината на случајот — 20 до 50%

Во најтешки случаи со постојана инконтенција, со екврчен мочен меур и со полипоза — — 60 до 80%

288. Мочни фистули на уретерот, на мочниот меур или на уретрата, низ кои постојано тече мочот, привремено — — — — — 40 до 80%

289. Стеснување на мочниот канал, проодно за бужии и дава да се шири — — — — — — 20 до 40%

290. Тешко проодни стеснувања (филиформни) со чести ретенции, според тежината на случајот — 50 до 80%

Ако постојат компликации на мочниот меур или на бубрезите, процентот се утврдува според процентот од точката во која се предвидува соодветната компликација.

ГЛАВА XIX — ГЕНИТАЛНИТЕ ОРГАНИ

А. машки

291. Ablatio penis totalis — — — 80%

Ако се компликува со стеноза на орифициумот — — — — — 100% — II група

292. Ablatio testis или epididim, од една страна — — — — — 20%

293. Epididimitis chronica bilateralis, со изоспермија — — — — — 30%

294. Ablatio testis обострано:
— без секундарни дистрофични појави — — — — — — 50%
— со секундарни дистрофични појави — — — — — — — 70%

295.	Ablatio penis et testiculorum (emasculatio totalis) — — —	100% — II група
296.	Haematocoele, привремено — —	20%
297.	Посттрауматска атрофија на тестисите — — — — —	30%

Б. Женски

298.	Загуба на еден овариум — —	20%
299.	Загуба на обата овариуми —	80%
300.	Загуба на утерусот или на еден овариум и утерусот — — —	60%
301.	Загуба на обата овариуми со утерусот — — — — — —	80%
302.	Оштетување на вулвата и вагината, според тежината — —	20 до 50%

ГЛАВА XX — РАЗНИ ДРУГИ ОЗЛЕДИ И БОЛЕСТИ

303.	Шекерната болест (diabetes mellitus) се оценува во принцип според степенот на интолеранцијата на јаглени хидрати, и тоа:	
	— лесните форми (без потхранетост, без гликозурија при соодветна диета) — — — —	20 до 40%
	— средно тешките форми (што бараат давање инсулин за обезбедување рамнотежа на исхраната) — — — — — — —	40 до 60%
	— тешките форми, кои тешко се регулираат и покрај примање на инсулин (со потхранетост и со чести појави на ацидоза)	70 до 100% — II група
	При оценување на инвалидитот ќе се води сметка и за постојните компликации (туберкулоза на белите дробови, кардиоваскуларни, нервни и очни).	
304.	Хронична маларија со трајни последици, според тежината —	20 до 40%
305.	Интоксикациите (труења) и озледите од бојни отрови или при некоја специјална работа во службата — ќе се оценуваат според озледите и последиците на одделни органи — — — —	30 до 100% — I група
306.	Хроничен остеомиелитис со постојани фистули, со чести егзацербации — — — — — —	20 до 40%
	Амилоидозно оштетување на внатрешните органи или кахексии — — — — — — —	50 до 100% — II група
307.	Хроничен остеомиелитис кој не создава функционални пречки, без оток и без фистули — под	20%
	Ако кај лоше сраснат прелом, псевдоартроза. контрактура или анкилоза постои и хроничен остеомиелитис, процентот може да се зголеми за 10.	
308.	Хипертиреоза (привремено, додека трае заболувањето) — —	30 до 60%
	Хипотиреоза:	
	— делумна (парцијална) — —	20 до 30%
	— тотална — — — — —	30 до 50%
	Хипоаденокортицизам (M. Addisoni) — според степенот — —	40 до 60%

231.

Врз основа на член 12 став 2 точка 4 во врска со член 30 од Законот за царинската служба („Службен лист на СФРЈ“ бр. 54/70), директорот на Сојузната управа за царини, донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ОТВОРАЊЕ ЦАРИНСКА ИСПОСТАВА НА ЦАРИНАРНИЦАТА НОВИ САД СО СЕДИШТЕ ВО ВРБАС

1. Се отвора Царинска испостава на Царинарницата Нови Сад со седиште во Врбас.

2. Царинската испостава од точка 1 на ова решение почнува со работа на 1 мај 1973 година.

03-01 бр. 1525/2
29 март 1973 година
Белград

Директор
на Сојузната управа
за царини,
Кемал Тарабар, с. р.

232.

Врз основа на член 12 став 2 точка 4 во врска со член 30 од Законот за царинската служба („Службен лист на СФРЈ“ бр. 54/70), директорот на Сојузната управа за царини, донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ОТВОРАЊЕ ЦАРИНСКА ИСПОСТАВА НА ЦАРИНАРНИЦАТА САРАЕВО СО СЕДИШТЕ ВО МОСТАР

1. Се отвора Царинска испостава на Царинарницата Сараево со седиште во Мостар.

2. Царинската испостава од точка 1 на ова решение почнува со работа на 1 мај 1973 година.

03-01 бр. 14656/2
29 март 1973 година
Белград

Директор
на Сојузната управа
за царини,
Кемал Тарабар, с. р.

233.

Врз основа на член 12 став 2 точка 4, во врска со член 30 од Законот за царинската служба („Службен лист на СФРЈ“, бр 54/70), директорот на Сојузната управа за царини, донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ОТВОРАЊЕ ЦАРИНСКА ИСПОСТАВА НА ЦАРИНАРНИЦАТА НОВИ САД СО СЕДИШТЕ ВО БАЧКА ПАЛАНКА

1. Се отвора Царинска испостава на Царинарницата Нови Сад со седиште во Бачка Паланка.

2. Царинската испостава од точка 1 на ова решение почнува со работа на 1 мај 1973 година.

03-01 бр. 4913/2
29 март 1973 година
Белград

Директор
на Сојузната управа
за царини,
Кемал Тарабар, с. р.

234.

Врз основа на член 12 став 2 точка 4 во врска со член 30 од Законот за царинската служба („Службен лист на СФРЈ“ бр. 54/70), директорот на Сојузната управа за царини, донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ОТВОРАЊЕ ЦАРИНСКА ИСПОСТАВА НА ЦАРИНАРНИЦАТА НИШ СО СЕДИШТЕ ВО ЛЕСКОВАЦ

1. Се отвора Царинска испостава на Царинарницата Ниш со седиште во Лесковац.

2. Царинската испостава од точка 1 на ова решение почнува со работа на 1 мај 1973 година.

03-01 бр. 2999/4
29 март 1973 година
Белград

Директор
на Сојузната управа
за царини,
Кемал Тарабар, с. р.

235.

Врз основа на член 4 став 1 и член 25 став 4 од Законот за југословенските стандарди („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 16/60 и 30/62), директорот на Југословенскиот завод за стандардизација донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ОД ОБЛАСТА НА МЕТОДИТЕ ЗА ИСПИТУВАЊЕ НА ХЕМИСКИОТ СОСТАВ НА ЦИНК-ПРАВ

1. Во издание на Југословенскиот завод за стандардизација се донесуваат следните југословенски стандарди:

Волуметриско одредување на метален цинк — — — — — — — —	JUS C.A1.380
Комплексометриско одредување на вкупниот цинк — — — — —	JUS C.A1.381
Волуметриско одредување на хлор	JUS C.A1.382
Поларографско одредување на олово и кадмиум — — — — —	JUS C.A1.383
Фотометриско одредување на железо — — — — — — — — —	JUS C.A1.384
Одредување на арсен по методата на Gutzeit — — — — — — —	JUS C.A1.385

2. Југословенските стандарди од точка 1 на ова решение се објавени во посебно издание на Југословенскиот завод за стандардизација, кое е составен дел на ова решение.

3. Југословенските стандарди од точка 1 на ова решение се задолжителни и влегуваат во сила на 1 јули 1973 година.

Бр. 05-831/1
8 февруари 1973 година
Белград

Директор
на Југословенскиот завод за стандардизација,
Милан Крајновиќ, с. р.

236.

Врз основа на член 4 став 1. член 25 став 4 и член 29 став 1 од Законот за југословенските стандарди („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 16/60 и 30/62), директорот на Југословенскиот завод за стандардизација донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА АЛАТ И ПРИБОР

1. Во издание на Југословенскиот завод за стандардизација се донесуваат следните југословенски стандарди:

Спирални проширувачи од брзорезен челик, со валчеста рачка — —	JUS K.D3 300
Спирални проширувачи од бронзен челик, со Морзе-конична рачка	JUS K.D3.301
Спирални впуштачи со Морзе-конична рачка, за заковки со впуштена глава — — — — — — — —	JUS K.D3.302
Челни впуштачи со цврста водилица и со валчеста рачка — —	JUS K.D3.310
Челни впуштачи со изменлива водилица и со Морзе-конична рачка	JUS K.D3.311
Конични впуштачи 90°, со цврста водилица и со валчеста рачка — —	JUS K.D3.312
Конични впуштачи 90°, со изменлива воѓица и со Морзе-конична рачка — — — — — — — — —	JUS K.D3.313
Изменливи воѓици за впуштачи	JUS K.D3.314
Конични впуштачи 60° — — —	JUS K.D3.321
Конични впуштачи 90° — — —	JUS K.D3.323
Конични впуштачи 120° — —	JUS K.D3.326
Насадни проширувачи од брзорезен челик — — — — — — —	JUS K.D3.340
Насадни впуштачи со плочички од тврд метал — — — — — — — —	JUS K.D3.342

2. Југословенските стандарди од точка 1 на ова решение се објавени во посебно издание на Југословенскиот завод за стандардизација, кое е составен дел на ова решение.

3. Југословенските стандарди од точка 1. на ова решение се задолжителни и влегуваат во сила на 1 јули 1973 година.

4. Престануваат да важат следните југословенски стандарди:

Спирални впуштачи со цилиндрична рачка — — — — —	JUS K.D3.300
Спирални впуштачи со Морзе конусна рачка — — — — — —	JUS K.D3.301
Вратни впуштачи со цилиндрична рачка за вијци со метрички навој спрема JUS M.B0.012 — — — —	JUS K.D3.310
Вратни впуштачи со Морзе конусна рачка за вијци со метрички навој спрема JUS M.B0.012 — — —	JUS K.D3.311
Конусни впуштачи 60° — — —	JUS K D3.321
Конусни впуштачи 90° со Морзе конусна рачка — — — — — —	JUS K.D3.323

Конусни впуштачи 120° со Морзе конусна рачка — — — — — — — JUS K.D3.326

Машински насадни впуштачи — JUS K.D3.340 донесени со Решението за донесување југословенски стандарди за впуштачи, ацетилен и бариумсулфид („Службен лист на ФНРЈ", бр. 48/53).

5. Југословенските стандарди од точка 4 на ова решение престануваат да важат на 30 јуни 1973 година.

Бр. 09-637/1
31 јануари 1973 година
Белград

Директор
на Југословенскиот завод
за стандардизација,
Милан Крајновиќ, с. р.

237.

Врз основа на член 4 став 1, член 25 став 4 и член 29 став 1 од Законот за југословенските стандарди („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/60 и 30/62), директорот на Југословенскиот завод за стандардизација донесува

РЕШЕНИЕ
ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА РЕЗНИ АЛАТИ

1. Во издание на Југословенскиот завод за стандардизација се донесуваат следните југословенски стандарди:

Машински ножови:

— Ножови со плочички од тврд метал за излезен жлеб на надворешен метрички навој — — — — — — JUS K.C1.065

— Ножови со плочички од тврд метал за излезен жлеб на внатрешен навој — — — — — — — — JUS K.C1.066

Спирални бургии со валчеста рачка и со плочички од тврд метал, за метали — — — — — — — — JUS K.D3.040

Спирални бургии со Морзе конична рачка и со плочички од тврд метал, за метали — — — — — — JUS K.D3.041

Спирални бургии со валчеста рачка и со плочички од тврд метал, за пластични маси — — — — — — JUS K.D3.042

Спирални бургии, екстра долги, со валчеста рачка — — — — — — JUS K.D3.045

Спирални бургии, екстра долги, со Морзе конична рачка — — — — JUS K.D3.046

Машински насадни развртувачи со плочички од тврд метал — — — JUS K.D3.173

Спирални проширувачи, екстра долги, со Морзе конична рачка, од брзорезен челик, за проширување отвори со посредство на водилици за дупчење — — — — — — — JUS K.D3.303

Нарезници за метрички навој со триаглест ISO-профил — — — — JUS K.D6.200

Нарезници за метрички навој со ситен чекор и со триаглест ISO-профил — — — — — — — — JUS K.D6.201

Свртувачи за врезници — — — JUS K.D6.300

Рачни свртувачи за нарезници JUS K.D6.310

2. Југословенските стандарди од точка 1 на ова решение се објавени во посебно издание на Југословенскиот завод на стандардизација, кое е составен дел на ова решение.

3. Југословенските стандарди JUS K.D3.045 и JUS K.D3.046 од точка 1 на ова решение се применуваат од 1 јули 1973 година, а другите стандарди од таа точка се задолжителни и влегуваат во сила на 1 јули 1973 година.

4. Престануваат да важат следните југословенски стандарди:

Насадни држачи со Морзе конус за развртувачи и впуштачи — — JUS K.D0.022

донесен со Решението за донесување југословенски стандарди за развртувачи, еги, наковални и др. („Службен лист на ФНРЈ", бр. 45/53),

Превртувачи за врезници — — JUS K.D6.300

Превртувачи за нарезници — — JUS K.D6.310 донесени со Решението за југословенските стандарди за алатот за резање навои („Службен лист на ФНРЈ", бр. 39/54).

5. Југословенските стандарди од точка 4 на ова решение престануваат да важат на 30 јуни 1973 година.

Бр. 12-638/1
31 јануари 1973 година
Белград

Директор
на Југословенскиот завод за стандардизација,
Милан Крајновиќ, с. р.

238.

Врз основа на член 4 став 1, член 25 став 4 и член 29 став 1 од Законот за југословенските стандарди („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/60 и 30/62), директорот на Југословенскиот завод за стандардизација донесува

РЕШЕНИЕ
ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ СТАНДАРД ЗА ПРОИЗВОДИ ОД ГУМА

1. Во издание на Југословенскиот завод за стандардизација се донесува југословенскиот стандард:

Производи од гума — презервативи — — — — — — — — JUS G.D9.053

2. Југословенскиот стандард од точка 1 на ова решение е објавен во посебно издание на Југословенскиот завод за стандардизација, кое е составен дел на ова решение.

3. Југословенскиот стандард од точка 1 на ова решение е задолжителен и влегува во сила на 1 јуни 1973 година.

4. Престанува да важи југословенскиот стандард:

Презервативи — — — — — JUS G.D9.053

донесен со Решението за југословенските стандарди за производи од гума („Службен лист на ФНРЈ", бр. 31/54).

5. Југословенскиот стандард од точка 4 на ова решение престанува да важи на 31 мај 1973 година.

Бр. 24-600/1
31 јануари 1973 година
Белград

Директор
на Југословенскиот завод за стандардизација,
Милан Крајновиќ, с. р.

239.

Врз основа на член 4 став 1 и член 25 став 4 од Законот за југословенските стандарди („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/60 и 30/62), директорот на Југословенскиот завод за стандардизација донесува

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ОД ОБЛАСТА НА ИСПИТУВАЊЕТО НА КАУЧУК И ГУМА

1. Во издание на Југословенскиот завод за стандардизација се донесуваат следните југословенски стандарди:

Одредување на вискозитетот на суров полимер, регенерат и сурова смеска врз база на природен и синтетички каучук на вискозиметар по Муниј (Mooney) — — — — — — JUS G.S2.116

Одредување на брзината на вмрежувањето на гумени смески со помош на вискозиметар по Муниј (Mooney) JUS G.S2.117

2. Југословенските стандарди од точка 1 на ова решение се објавени во посебно издание на Југословенскиот завод за стандардизација, кое е составен дел на ова решение.

3. Југословенските стандарди од точка 1 на ова решение се задолжителни и влегуваат во сила на 1 јуни 1973 година.

Бр. 24-641/1
31 јануари 1973 година
Белград

Директор
на Југословенскиот завод за стандардизација,
Милан Крајновиќ, с. р.

240.

Врз основа на член 4 став 1, член 25 став 4 и член 29 став 1 од Законот за југословенските стандарди („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/60 и 30/62), директорот на Југословенскиот завод за стандардизација донесува

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ПОМОШНИ СРЕДСТВА ВО ИНДУСТРИЈАТА ЗА ГУМИ

1. Во издание на Југословенскиот завод за стандардизација се донесуваат следните југословенски стандарди:

Помошни средства за гума:

— Тетраметилтиурамидисулфид JUS H M3 103

— Сулфур-прав за вулканизација JUS H.M3.107

— Испитување на сажи Одредување на остатокот во ситото — — JUS H.M3.116

2. Југословенските стандарди од точка 1 на ова решение се објавени во посебно издание на Југословенскиот завод за стандардизација, кое е составен дел на ова решение.

3. Југословенскиот стандард JUS H.M3 116 од точка 1 на ова решение е задолжителен и влегува во сила на 1 јуни 1973 година, а југословенските стандарди JUS H.M3.103 и JUS H.M3.107 од таа точка се применуваат од 1 јуни 1973 година.

4. Престанува да важи југословенскиот стандард:

Помошни средства за гума. Тетраметилтиурамидисулфид — — JUS H.M3.103 донесен со Решението за југословенските стандарди за помошни средства во индустријата („Службен лист на СФРЈ", бр. 6/66).

5. Југословенскиот стандард од точка 4 на ова решение престанува да важи на 31 мај 1973 година.

Бр. 24-642/1
31 јануари 1973 година
Белград

Директор
на Југословенскиот завод за стандардизација,
Милан Крајновиќ, с.р.

241.

Врз основа на член 4 став 1 и член 25 став 4 од Законот за југословенските стандарди („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/60 и 30/62), директорот на Југословенскиот завод за стандардизација донесува

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА МЕТОДИТЕ ЗА ИСПИТУВАЊЕ НА ХЕМИСКИОТ СОСТАВ НА ФЕРОЛЕГУРИ

1. Во издание на Југословенскиот завод за стандардизација се донесуваат следните југословенски стандарди:

Фотометриско одредување на алуминиум и феросилициум во силициум-метал — — — — — — — — JUS C.A1.421

Фотометриско одредување на железо во силициум-метал — — — JUS C.A1.422

Фотометриско одредување на хром во феросилициум — — — — JUS C.A1.423
